МАКЕДОНСКО НАУЧНО ДРУШТВО - БИТОЛА

ISSN 1857-940X

Современи дијалози

Списание за култура - литература, драмска уметност, филм и издаваштво



XIV (19) 2026

CONTEMPORARY DIALOGUES

19

МАКЕДОНСКО НАУЧНО ДРУШТВО – БИТОЛА
Центар за култура – литература,
драмска уметност, филм и издаваштво

ISSN 1857- 940X

СОВРЕМЕНИ ДИЈАЛОЗИ

Списание за култура – литература,
драмска уметност, филм и издаваштво

Год. XIV, бр. 19



БИТОЛА
2026 г.

СОВРЕМЕНИ ДИЈАЛОЗИ
– Списание за култура – литература, драмска уметност, филм и издаваштво

ИЗДАВАЧ:
МАКЕДОНСКО НАУЧНО ДРУШТВО – БИТОЛА

ЗА МАКЕДОНСКОТО НАУЧНО ДРУШТВО:
Ред. проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска, претседател

РЕДАКЦИЈА НА „СОВРЕМЕНИ ДИЈАЛОЗИ“:
Весна Мундишевска-Велјановска, главен и одговорен уредник
Ред. проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска
Ред. проф. д-р Силвана Нешковска
Доц. д-р Анита Ангелевска

МЕЃУНАРОДЕН УРЕДУВАЧКИ ОДБОР НА „СОВРЕМЕНИ ДИЈАЛОЗИ“:
проф. д-р Звонко Танески (Словачка)
Раед Анис Ал-Јиши (Саудиска Арабија)
м-р Жарко Миленић (Русија/Босна и Херцеговина)
проф. д-р Тземин Итион Тсаи (Тајван, Република Кина)
проф. д-р Том Филипс (Велика Британија)
вонр. проф. д-р Михо НВuонака (Јапонија/САД)
Олга Лалић-Кровицка (Полска)
Искра Пенева (Србија)
проф. д-р Су Цен Лин (Тајван, Република Кина)
Жермен Дрогенброт (Белгија/Шпанија)

УРЕДУВАЧКИ СОВЕТ НА МНД:
ред. проф. д-р Моника Ангеловска-Дичовска, претседател
ред. проф. д-р Биљана Цветкова-Димов
вонр. проф. д-р Невена Груевска
ред. проф. д-р Гордана Стојаноска
д-р Весна Калпаковска

Мислењата и ставовите што се изразени во „Современи дијалози“
им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на редакцијата,
издавачот или Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија

СПИСАНИЕТО ИЗЛЕГУВА ЕДНАШ ГОДИШНО
Прилозите, со кратка биографија за авторот, се испраќаат напишани со фонт Times New Roman со кирилична поддршка, големина 12 pt и со единечен проред, на e-mail: mss.bitola@gmail.com со назнака ЗА „СОВРЕМЕНИ ДИЈАЛОЗИ“.

Се претпочита прилозите претходно да не биле објавувани во други печатени или електронски списанија.

Овој број на списанието излегува со финансиска поддршка од
Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија

MACEDONIAN SCIENCE SOCIETY – BITOLA
CENTER FOR CULTURE – LITERATURE,
DRAMA, FILM AND PUBLISHING

ISSN 1857- 940X

CONTEMPORARY DIALOGUES

JOURNAL OF CULTURE – LITERATURE,
DRAMA, FILM AND PUBLISHING

Vol. XIV, No. 19



BITOLA
2026

CONTEMPORARY DIALOGUES
– Journal of Culture – Literature, Drama, Film and Publishing

PUBLISHER:
MACEDONIAN SCIENCE SOCIETY – BITOLA

Daniela Andonovska-Trajkovska, Full Prof. Dr., president

EDITORIAL BOARD OF "CONTEMPORARY DIALOGUES":
Vesna Mundishevska-Veljanovska, editor in chief
Daniela Andonovska-Trajkovska, Full Prof. Dr.
Silvana Neshkovska, Full Prof. Dr.
Anita Angelevska, Assist. Prof. Dr.

INTERNATIONAL EDITORIAL BOARD OF "CONTEMPORARY DIALOGUES":
Zvonko Taneski, Assoc. Prof. Dr. (Slovakia)
Raed Anis Al-Jishi (Saudi Arabia)
Žarko Milenić, MSc. (Russia/Bosnia and Herzegovina)
Tzemin Ition Tsai, Full Prof. Dr. (Taiwan, Republic of China)
Tom Edward Philips, Prof. Dr. (United Kingdom)
Miho Nonaka, Assoc. Prof. Dr. (Japan/USA)
Olga Lalić-Krowicka (Poland)
Iskra Peneva (Serbia)
Su Jen Lin, Full Prof. Dr. (Taiwan, Republic of China)
Germain Droogenbroodt (Belgium/Spain)

EDITORIAL COUNCIL OF MACEDONIAN SCIENCE SOCIETY:
Monika Angelovska Dichovska, Full Prof. Dr., president
Biljana Cvetkova Dimov, Full Prof. Dr.
Nevena Gruevska, Assoc. Prof. Dr.
Gordana Stojanoska, Full Prof. Dr.
Vesna Kalpakovska, Dr.

Opinions and views expressed in "Contemporary Dialogues"
belong to the authors and do not reflect the views of the Editorial board,
the Publisher or the Ministry of Culture and Tourism of Republic of North Macedonia

THE JOURNAL IS PUBLISHED ANNUALLY
The contributions, along short biography for the author, should be written in Times New Roman, size 12 pt, line spacing – single, and should be sent on the e-mail address: mss.bitola@gmail.com with Subject: FOR "CONTEMPORARY DIALOGUES".

It is preferred the contributions to not have been previously published in other printed or electronic journals.

This issue of the Journal is financially supported by
the Ministry of culture and tourism of Republic of North Macedonia

ПРЕДГОВОР

„Современи дијалози“ бр. 19 за 2026 година содржи прилози од вкупно 39 автори и 7 ликовни уметници. Читателите можат да прочитаат поезија од: Даниела Андоновска-Трајковска, Славица Гаџова Свидерска, Марина Димитриева-Ѓорѓиевска, Драгана Евтимова, Весна Мундишевска-Велјановска, Силвана Нешковска, Борче Панов, Христо Петрески, Васил Тоциновски и Бранко Цветковски; проза од: Петре Димовски и Божин М. Андоновски; извадок од пиеса за деца и млади од Елизабета Јончиќ; согледби од: Златко Жоглев, Гордана Јовиќ-Стојковска и од Кшиштоф Плешњаровиќ од Полска.

Во рубриката „Акценти“ застапени се дел од бројните активности на МНД, со акцент на Втората меѓународна манифестација „Книжевни вертикали“ во организација на Македонското научно друштво – Битола.

Во рубриката „Паралели“ посветена на меѓународната соработка, застапени се 23 автори од 17 земји: Албанија, Аргентина, Белгија, Бугарија, Грција, Ирак, Италија, Кина, Кореја, Полска, Португалија, Саудиска Арабија, Сирија, Словачка, Србија, Црна Гора и Шпанија.

Корицата ја дизајнираше Весна Мундишевска-Велјановска со илустрација од ликовниот уметник Ниче Василев, а во овој број на списанието објавени се и 6 илустрации од ликовните уметници Бурхан Ахмети, Фјамета Белати, Филип Јовески, Башким Мецити, Љубица Мешкова Солак и Недељко Симаниќ, како најава за секоја рубрика.

Списанието е финансирано од Министерството за култура и туризам на РС Македонија, а го уредува редакција составена од: Весна Мундишевска-Велјановска (главен уредник), проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска, проф. д-р Силвана Нешковска и доц. д-р Анита Ангелевска со помош на меѓународниот уредувачки одбор: проф. д-р Звонко Танески (Словачка), Раед Анис Ал-Јиши (Саудиска Арабија), м-р Жарко Миленић (Русија/Босна и Херцеговина), проф. д-р Тземин Итион Тсаи (Тајван, Република Кина), проф. д-р Том Филипс (Велика Британија), вонр. проф. д-р Михо Нонака (Јапонија/ САД), Олга Лалиќ-Кровицка (Полска), Искра Пенева (Србија), проф. д-р Су Џен Лин (Тајван, Република Кина) и Жермен Дрогенброт (Белгија / Шпанија).

Во овој број на списанието со преводи на творби од странски автори соработуваа: Даниела Андоновска-Трајковска, Стенли Баркан, Ристо Василевски, Милијан Деспотовиќ, Жермен Дрогенброт, Гордана Јовиќ-Стојковска, Елизабета Јончиќ, Олга Лалиќ Кровицка, Весна Мундишевска-Велјановска, Лемонија Мурка, Силвана Нешковска, Борче Панов, Фуад Рифка, Звонко Танески и Надја Хавандана.

Се надеваме дека и овој пат понудивме вредни содржини кои ќе го задржат вниманието на читателите.

Од редакцијата

FOREWORD

"Contemporary Dialogues" No. 19, for the year 2026, contains contributions from a total of 39 authors and 7 fine artists. Readers can enjoy poetry by Daniela Andonovska-Trajkovska, Slavica Gadzova Sviderska, Marina Dimitrieva-Gjorgjievska, Dragana Evtimova, Vesna Mundishevska-Veljanovska, Silvana Neshkovska, Borche Panov, Hristo Petreski, Vasil Tocinovski and Branko Cvetkoski; prose by Petre Dimovski and Bozhin M. Andonovski; excerpt from a children's play by Elizabeta Jonchikj; and reflections by Zlatko Zhoglev, Gordana Jovikj-Stojkovska and Krzysztof Pleshniarowich (Poland).

The rubrics "Accents" contains contributions on various activities organized by the Macedonian Science Society with an emphasis on the Second International Festival "Literary Verticals" organized by the Macedonian Science Society – Bitola.

The rubrics "Parallels" is dedicated to international cooperation, and features 23 authors from 17 countries: Albania, Argentina, Belgium, Bulgaria, Greece, Iraq, Italy, China, Korea, Poland, Portugal, Saudi Arabia, Syria, Slovakia, Serbia, Montenegro and Spain.

The cover of the journal was designed by Vesna Mundishevska-Veljanovska with an illustration by Niche Vasilev. This issue also includes 6 additional illustrations by the following fine artists: Burhan Ahmeti, Fiammetta Bellati, Filip Joveski, Bashkim Medziti, Ljubica Meshkova Solak and Nedeljko Simanić. Each illustration serves as a preview for one of the rubrics in the journal.

The magazine is financed by the Ministry of Culture and Tourism of RN Macedonia and is edited by an editorial board composed of: Vesna Mundishevska-Veljanovska (editor-in-chief), Prof. Dr. Daniela Andonovska-Trajkovska, Prof. Dr. Silvana Neshkovska, Assist. Prof. Dr. Anita Angelevska, with the assistance of the international editorial board which consists of: Assoc. Prof. Dr. Zvonko Taneski, (Slovakia), Raed Anis Al-Jishi (Saudi Arabia), Žarko Milenić, MSc. (Russia/ Bosnia and Herzegovina), Prof. Dr. Tzemin Ition Tsai (Taiwan, Republic of China), Prof. Dr. Tom Edward Philips (United Kingdom), Assoc. Prof. Dr. Miho Nonaka, (Japan/ USA), Olga Lalić-Krowicka (Poland), Iskra Peneva (Serbia), Su Jen Lin, Full Prof. Dr. (Taiwan, Republic of China), and Germain Droogenbroodt (Belgium/ Spain).

In this issue, the translations into Macedonian of the foreign authors'works were rendered by Daniela Andonovska-Trajkovska, Stanley Barkan, Risto Vasilevski, Milijan Despotovikj, Germain Droogenbroodt, Gordana Jovikj-Stojkovska, Elizabeta Jonchikj, Olga Lalikj-Krowicka, Vesna Mundishevska-Veljanovska, Lemonia Mourka, Silvana Neshkovska, Borche Panov, Fuad Rifka, Zvonko Taneski and Nadia Khawandanah.

We sincerely hope that this issue of "Contemporary Dialogues" once again offers valuable content that will capture readers' attention.

The Editorial board



Бурхан Ахмети – Burhan Ahmeti
„Пејзаж“, акрил на платно, 60 x 80 cm, 2020
“Landscape”, acrylic on canvas, 60 x 80 cm, 2020

ПОЕЗИЈА

Poetry


МАКЕДОНСКО НАУЧНО ДРУШТВО
БИТОЛА

Даниела Андоновска-Трајковска – Daniela Andonovska-Trajkovska

УДК 821.163.3-1

(од „Ако не се отвори фиоката, мачката ќе биде жива“, награда „Антево перо“ за 2026 г.)

МАЧКАТА НА ШРЕДИНГЕР

го држам цврсто во моите раце нејзиното дишење
стапалките што ги втиснува на небото
зборот што ѝ пулсира во утробата
и си мислам колку е храбра
кога ѝ дозволува на мислата
да изведува акробации во воздухот
здивот го задржува и не трепнува
кога се врти на трапезот на времето
нема брчки на лицето
не мјаука беспотребно
и слободно живее затворена меѓу две корици
зашто колку е таму толку е и секаде

не е за сечие око мачката на Шредингер.

ВРАМУВАЊЕ НА ПЕСНАТА

ме гледа со очи на новороденче
и ме набива како клинец во телото мое
песната моја

ја врамувам со поглед
и ја закачувам на ѕидот на конечноста
Бог гледа со мои очи
и нѐ пишува и двајцата со перото
на вечноста

ја подигнувам високо како мало дете
високо над мојата глава
мојата песна
за да го види тоа што јас не можам
стремеж истрелан в небо
жарчиња лути што в очи пламнуваат в очај
искри што паѓаат врз главите на будните
птици со ноти заглавени в грло
паѓа на грб мртва надежта
заоѓаат сонца
се храни земјата од желба што гние

ја подигнувам високо како мало дете
високо над мојата глава
мојата песна
за да го види тоа што јас не можам

СИ БЕШЕ ЕДНАШ ЕДНА ПЕСНА БЕДНА

еден ден ќе мора да се фрли тишината
од највисоката точка на триаголникот
што ни го чува дишењето
и да се заборави
зашто животот е краток
и виси на конец тенок над бездна

си беше еднаш една песна бедна

се обидувам да го наместам небото
да биде цело во своите пукнатини
да биде песна без цензура
да биде збор што реже
но не можам
упорно некој одозгора меша прсти
и ме прободува директно во слогот

ТОПЛИНАТА НА ГОЛЕМИОТ СТУД

морам да ја исчистам прашината[1]
што ги држи како затвореници
предметите во мојата соба стутулена во мракот
со раце испружени кон огнот

се јадат сами годовите на времето
стануваат линија… круг
вечност што се тркала 24 пати
за да се стигне себеси во постелка од сусам

низ прозорецот влегува дишењето на сонцето
заробено во ситни капки студенило
надвор мразот отвора очи среде езерото

[1] **Големиот студ** (познат како *Дахан*/大寒) е 24-тиот и последен соларен термин во традиционалниот кинески календар кој започнува околу 20 јануари, означувајќи го самиот врв на зимскиот студ и крајот на годишниот циклус. Овој период е тесно поврзан со подготовките за кинеската Нова година, па луѓето традиционално ги чистат домовите за да ја избркаат лошата среќа и купуваат празнични намирници. За да се заштитат од студот и да ја зачуваат енергијата, во Кина во тие денови се јаде топла и калорична храна, како што се овчо месо, леплив ориз и традиционални колачи.

мислата како зеница од кристали
се шири по површината на водата
внатре – среде трпезариската маса
студен колач
едвај чека да се стопли во телото мое
да се разложи на слогови од шеќер и фонеми од ориз
за да ме создаде повторно како збор
во слаткиот вкус на тишината

кристалниот поглед на Големиот студ
ме гледа и ми се насмевнува
со линијата на црвена среќа од хартија
залепена на прозорецот

ЗА НЕБОТО ДА БИДЕ ЦЕЛО И НА ЗЕМЈАТА

зборовите со маска на лицето[2]
пополека се искачуваат
по камените сведоци на историјата
се преоблекуваат
и ја заигруваат човечката драма
во амфитеатарот на живите погледи
ја рецитираат песната на слободата
си ја полнат душата со небо
небото им истекува од очите
а потоа се смеат гласно
за да го разбудат човекот во луѓето
смеата на ситни камчиња се распрснува
се тркалаат слоговите по калдрмата на времето
мозаикот пред амфитеатарот
си го препознава камчето
и си го присвојува
за небото да биде цело и на земјата

ПРЕКРШУВАЊА

една глава слична на мојата
лежи на дното од морето
закопана во песок од зборови

мислите ги хранат алгите на сомнежот
соништата не знаат да пливаат
влегуваат нечујно во капките на дишењето
и се искачуваат нагоре

[2] Песната е инспирирана од антички локалитет Хераклеја Линкестис – Битола

заробени во тркалезна реалност
меурчињата на издржливоста
пукаат на површината од водата
се полнат со воздух белите дробови на тишината

има една глава на дното на морето
многу личи на мојата

околу неа нема бродови на кои се превезува
иднината на мигрантите удавена во алкохол
ниту такви од кои луѓето ловат
морски бранови со запенети усти
од кои се прекршува погледот на сонцето
нема јата туѓи мисли кои од љубопитност
би сакале да се пикнат во неа за да станат свои

тивко шепоти водата и ми се вовлекува под кожата
ме пие тишината меѓу едно и друго
прекршување на јавето од брегот

бисерите молчат во утробата на бескрајот
од другата страна на погледот
безброј прашања се огледуваат
во стаклениот поглед на една јалова есен
на која никој утре нема да се сети

ИМА ЕДНА ГЛАВА – МНОГУ ЛИЧИ НА МОЈАТА

една глава слична на мојата
лежи на дното од морето –
закопана во песок од зборови
помеѓу алгите на сомнежот

соништата нечујно ѝ влегуваат во капките на дишењето
се искачуваат нагоре
заробени во тркалезна реалност

меурчињата пукаат на површината од водата
се полнат со воздух
белите дробови на тишината

има една глава на дното на морето
многу личи на мојата

над неа пловат бродови
од кои луѓето ловат морски бранови
за животот да им има смисла

Славица Гаџова-Свидерска – Slavica Gadzova-Sviderska

УДК 821.163.3-1

ВО ПАТНАТА ТОРБА, МАЈКА МИ МИ ОСТАВИЛА ЦВЕТ

Во патната торба, мајка ми
ми оставила цвет
За да цути пред тебе патот, ми рече
На патот, понекогаш
навистина има цвеќе
но потоа веднаш ти ставаат
на плеќите крст
на главата круна од трње
И против оној што во мир доаѓа
на магаре качен
тргнуваат коњаници со копја
што меѓу ребрата целат
Во патната торба, мајка ми
ми оставила цвет
За да цути пред тебе патот,
ми рече.

ВРАТАТА Е ЗАКЛУЧЕНА ЗАСЕКОГАШ

Вратата е заклучена засекогаш
катанецот ’рѓосан
нема кој да ги прочита
писмата што стигнуваат
нема кој да ја искоси тревата
Некој сметките ги плаќа
на друго место.

ДУШАТА ИМА МНОГУ СОБИ И КАТОВИ

Душата има многу соби и катови
со многу станари и потстанари
Некои од нив живеат на сончевата страна
да бидат на дофат
на мечтите и на дневните соништа
Некои од нив секогаш
имаат кофи со вода
подготвени да спречат
пожар од секаков вид
Некои создаваат рани,

а некои мевлеми и преврски
Во душата секогаш има соба
и за умрените што се живи
тие нѐ галат со пролетното ветре
и ни зборуваат со јазикот на птиците
Некои, пак, се заклучени
во најдлабоките подруми на душата
со триста клучеви и катанци
устите им се залепени со ленти
Има денови кога нивниот крик се слуша
во горните катови
и тогаш
многу боли.

ЖИВОТОТ Е ШЕ́ЌЕРНА ВОЛНА

Животот е шеќерна волна
атоми блажина
околу големата празнина
Останува
да лепи на прстите
брзо се топи во устата
има повеќе простор
одошто материја
и малку време
во кое те остава
повторно
жеден
и
повторно
гладен.

ВИДОВ ЛУЃЕ

Видов луѓе насмеани
со океани во очите
и такви со очи полни црна земја
Видов луѓе со наведнати глави
и такви што одат исправено
но душата малаксано се влече зад нив
Видов луѓе што не можат
да си го контролираат телото
и такви што мислат дека
можат да го контролираат светот
Видов луѓе на чии дланки

растат цветови
и такви на кои од устата им излегуваат змии, гуштери и трње
Видов луѓе што се движат брзо
што се натпреваруваат
со светлината
и такви кои бавно ползат
во мракот

Видов
секакви луѓе

и сите одат
на истото
место.

ДРУГА ДИМЕНЗИЈА

Првиот несигурен чекор
насочен кон сигурна прегратка
слоговите што прераснуваат во зборови
детството со мирис на печено ѓеврече со сусам
раскрвавените колена
и меморијата на геолошките ери
во зрно песок под детското нокте
Облаците што нè следат
по нерамниот асфалт
на нашите патувања
погледот насочен по вертикала
и хоризонталата на упокоените
немаат ни исток, ни запад,
ни југ, ниту север
имаат некоја
друга димензија.

ЛУЃЕТО ЌЕ ПРОДОЛЖАТ ДА СЕДАТ ПО КАФУЛИЊАТА

Луѓето ќе продолжат
да седат по кафулињата
каква и да е веста што ќе ја чујат
и да се случи земјотрес
што ќе ги измеша коските
на мртвите и на живите
Луѓето ќе продолжат да седат по кафулињата
да ги гледаат војните на екраните
да разгледуваат каталози за мебел

кој можеби уште утре
ќе се претвори во прав и пепел
Децата ќе продолжат
да ги истураат сокчињата од портокал
а келнерите ќе продолжат да доаѓаат
да го смират хаосот со својата крпа
Мајките ќе продолжат упорно
да ги заспиваат бебињата
за да украдат половина час за себе
Дроновите ќе продолжат да надлетуваат
авионите да полетуваат и да слетуваат
Ќе поминат сезони
на корона и на колера
на анемија и на алергија
Луѓето ќе продолжат да седат по кафулињата
или да ја чекаат
својата маса за бегство.

ОБИЧЕН ЧОВЕК

Обичен човек сум
чувам птица во кафез
песната ѝ ја купувам
со прстофат просо
Јас сум обичен човек
чувам куче на синџир
љубовта му ја купувам
со остатоци
од вчерашниот ручек
Обичен човек сум
под креветот чувам
облаци и молњи
во детски споменар
со мало катанче
Одвреме-навреме
е потребна бура
а јас сум обичен човек
и одамна заборавив
каде е клучот

Марина Димитриева-Ѓорѓиевска – Marina Dimitrieva-Gjorgjievska

УДК 821.163.3-1

ДЕЛНИЧНА ПЕСНА

Ти што го славиш моето име во делник,
не плаши се да ја ставиш
раката
врз моите изземнати места.
Кога доаѓаш, отвори ја ширум вратата
и не стој на прагот.
На масата има празни чоканчиња,
наполни ги со љубов и да наздравиме.
Потем однеси ме каде не сум била.
Не враќај ме ако не сакам.
Ти што го славиш моето име во делник
празник биди ми
во небесната потрага по топлина.

ПЕСНА ЗА РАНЕТАТА ПТИЦА

Влегуваш насмеан во мојот ден,
ги поништуваш годините разделба.
Грижливо ми го лепиш крилото,
малку лек, малку завој,
три капки добрина, четири внимание.
Денот ми ја грее душата.
– Ластовиците летаат кон топлина, знам јас – ми шепотиш
во топло прават гнездо – продолжуваш.
– Ти си албино ластовица, не си поларна.
Презими ми на дланкава – ме каниш.
По време павнувам со крилјата,
убаво се лета со обете.
Го сакам денот во кој насмеан влегуваш...

РАСТЕЊЕ

Растам како Петар Пан.
Чувствата ги делам на црни и бели.
Животот на што смеам и што не смеам.
Тешко е да си кај ѕвездите,
а обичноста те демне на перница.
Сосем е во ред да ти го земат животот.
И онака сè ти е во детството.

Како и да е, и Петар Пан знае
– на расцветаната пупка ѝ нема назад.

ЖИВОТ

Љубовта ме изземна,
Ја мечтаам како далечна ѕвезда,
во универзумот,
низ кој патувам
со брзина од педесет години за пет децении.
Низ патувањата разни пејзажи се врамуваа...
Некои луѓе пораснаа во срцето, некои под срцето.
Тага и радост, низа мигови, сештости и осамености.
Синус и косинус еден врз друг,
Сепак, равенството е еден.
Равенството е сепак еден.

КОГА ГО ЉУБЕВ...

Кога го љубев...
ја спојував вистината со лагата за да опстанам во
меѓупросторот.
Ги отепував надежите и се приклонував кон фактите.
И едните и другите постоеја силно и ми биеја во дамарите.
Да се љуби... беше лесно,
освен,
исчекувањето на можноста да се појави.
Кога го љубев...
мислев на минатото,
кое не се менува ни со временска машина,
мислев на сегашноста која тече без да влијаам на неа,
и мислев на иднината која зависеше од сите освен од мене.
Севремието го носев како бреме
кое не ми даваше сон
иако и будна и заспана, само него го сонев.
Кога го љубев... тој во сонот ми идеше на бел коњ,
со здржаната насмевка на лице и памук срце во себе.
Ми идеше на сон седнат на коњ
иако времето на коњите беше поминато,
исто како што и нашето време беше поминато.
Во секој сон ми идеше, но не стигнуваше.
Така го сонев кога го љубев...
На јаве,
тој имаше поглед сериозен,
душа медена и тело мирисно.

Го сеќавав во секоја мисла која ја праќаше,
несвесен дека веднаш ми станува знајна.
Го следев со поглед
и го обвиткував со единственото што го имав за него – ...
И кога го љубев...
ги мечтаев сладостите, ноќите и празниците
што не ги минувавме заедно.
Кога го љубев...
ја спојував вистината со лагата за да опстанам во
меѓупросторот.
Кога го љубев...
го гледав со очи полни воодушевување, како што се гледа
идол.
Кога го љубев..
го љубев и начинот на кој ме гледа, допира и дише,
љубев како малку зборува и многу ми кажува,
како му стојам во срцето, а не на усните.
Кога го љубев...
ја впивав сета негова воздржаност
за да ја расчленам до последниот атом во времињата
самотни.
Кога го љубев...
мечтаев реалноста да биде како од другата страна
на огледалото
и сонцето да изгрева на спротивната страна.

ЕМОТИВНО МИСЛИТЕЛНА

Те запишав во срцево со мастило.
За таму нема гума за бришење.
По години,
што да ти речам,
што да додадам
од сè што вредеше да покажам.
Ме запозна колку што ти дадов,
ме запозна колку што сакаше.
Се думам, со кој збор
се кажува некому дека тој ти е домата.
Ама судбата те носи на некоја арктичка база,
а јас сама нуркам низ лисја есенски.
Пред зимата во која ти порано влезе да уживаш
во бела и студена убавина,
јас уште стојам со поглед матен
чекајќи сонце по магливо есенско утро.
Календарот потсетува.
По зимата ќе дојде пролет.

Ќе израснат пак јаглики каде не сум ги сеела.
Барем така си велам,
пролетта со јаглики почнува...
Ќе го тргнам тогаш умот мој од твојата арктичка база
и на отворена тераса ќе збирам сонце
да не ме допре некоја прерана зима повторно...
Ќе пречитам уште еднаш во срцево.
За запишаното таму гума нема.
Ме запозна колку што ти дадов,
ме запозна колку што сакаше.
Календарот врти.
Сè е исто, само поинаку.

ВИШОК СРЦЕ

Го шетам срцево од мене до тебе.
Се чудиме и двајцата што да му правиме.
Мене не ми треба, имам свое – ми велиш.
Ама, ако – те гледам в очи, – земи го и ова.
Јас и онака не го чувствувам веќе за свое.
Сега срцето стои во воздух.
Ни ваму, ни таму...
Ох, што ли се прави со срце откорнато...

Драгана Евтимова – Dragana Evtimova

УДК 821.163.3-1

БЕЛЕГ

Ако ти се случи да се сомневаш во својот лик
што ќе го видиш во огледалото
закачено на влезната врата од твојот дом,
пред да започнеш да се залажуваш себеси
дека вистинските одговори ги знаеш само ти и никој друг,
обиди се да го запалиш светлото во собата
и погледни дали во него ја гледаш својата сенка.

И ако случајно сретнеш уште еден лик
во рамката на огледалото од твојот дом,
пронајди некој друг што наликува на тебе
и започни да веруваш дека има некој ист како Тебе на овој свет.

И ништо повеќе не е потребно да кажеш и да направиш.
Сé се разбира и се знае однапред ...
Како белег наследен од родител ...

(од „Јас сум некаде на друго место“)

НЕОЧЕКУВАНИ ДОАЃАЊА

Неочекуваните доаѓања ја исполнуваат празнината.
Ноќта ги проголтува сомнежите.

Градот се претвора во бесмислена точка
што кружи во бесконечноста.

Фрлањето непотребни работи
е правење место за оние, потребните.

Фотоалбумот не го полниме со слики,
туку со сеќавања.

Секојпат кога тргнувам на пат
со себе земам неколку парчиња облека
и спомени.

Ги забораваме чекорите
на оние кои заминуваат од нашите животи.

Можеби зајдисонцата се поискрени,
бидејќи тоа се нашите конечни заминувања,
нашите пристигнувања на друго место.

(од „Фусноти по сеќавање“)

МИНИЈАТУРИ

***

Понекогаш мислам
дека мојот живот се дели
на она што е
и на она што не знам што ќе биде...

***

Нависнав на твоето присуство.
Можно е понекогаш
и да не те забележувам...

***

Посакувам
времепловот на мојот часовник
да го отчука
точното време
на мојата желба

(таа е во џебот
од моето старо палто
заедно со неколку ситни парички)

***

Стрелки.
Од часовник.
Казалки.
Бројачи на моето време.
Сказалки.

Опција да се избројат
непланираните минути време.

***

Понекогаш
се собираме како клопче.

Понекогаш
копчето се расплетува
се шири и проширува.

Понекогаш
доближувањето и оддалечувањето
присуството и отсуството
се клопчиња што се шират и собираат.

(од „Фусноти по сеќавање“)

УМОРНИ СМЕ

Уморни сме
од лажните погледи
празните флаши од испиени пива
лажните зборови
неискреноста
преполните ресторани

уморни сме од градовите
во кои улиците никогаш не завршуваат
иако се многу тесни

уморни сме од
сиромаштијата
стварноста
иднината
индиферентноста

уморни сме
од празнината

(од „Фусноти по сеќавање“)

ХАИКУ БЕЗ НАСЛОВ

Мајка ми вели:
„Денес немој да доцниш.“
Неделен ручек.

Песок на брегот.
По него боси деца
приказни плетат.

Посакувајќи
да те дофатам тебе
кружам низ воздухот.

Временски прекин.
Поминувам низ врата
без клучарка. Сон.

Тишина. Лето.
Птица стои на прозорец.
Желба за друштво.

Црта кругови
мало дете во песок.
Бара пријател.

(од „Растојанието меѓу две точки“)

Весна Мундишевска-Велјановска – Vesna Mundishevska-Veljanovska

УДК 821.163.3-1

ВО СОКАКОТ НА МОЕТО РАЃАЊЕ

Спроти аголот на
една од првите згради во градот
аголно се вкрстуваат
Сокак и Улица.

На пет педи од нив,
во пет педи ограда,
три млади дрвца од липа и стара црница.

Во рамнините на двата краци од аголот
сонцето контрастно зрачи:

во едната – светка катранот на Улицата,
во сенката на другата – Сокакот коцкесто плачи.

Забрзани автомобили јуришаат по коловозот
нервозно барајќи си го патот,
а ретките чекори по камената патека
испишуваат реквием на неповратот.

По границата на лакот од аголот,
пресечената артерија на калдрмата
од мојата и младоста на моите родители
брановидно тоне под пукнатините
на асфалтот на денешницата.

Изморени пазарџии се крепат на оградата
од малиот парк на зградата,
додека црни капки капат
од белите плодови на црницата.

Неколку жени грижливо ги собираат
за да си го облажат муабетот,
а на два чекори од нив – други две
со кикот кршат гранки за да си ја задоволат
лакомоста на недораснатоста
сред бесрамот на светот.

Во мирисот од липите
што со нектар ја засладуваат ладовината
и цвркотот на јато врапчиња

кои играат брканица со маалските мачиња
и мала група насмеани дечиња,
времето циклично се повторува.

Пет дена во седмицата
по петпати го истрчувам лакот на секојденот...

И секој пат се враќам
во темето на аголот на Сокакот и Улицата.

Секоја сопка, секое крваво паѓање,
секој насмев и секое раскрвавено заоѓање,
ме заспива и ме буди со меден вкус на усните...

Секој пат спокојството ме наоѓа
во Сокакот на моето раѓање.

ВО МЕМБРАНАТА НА ОПСТАНОКОТ

Скршена на безброј парчиња
бестелесно лебдам
во беспросторот.

Се ширам со неизедначена брзина
забрзано насочена во црната дупка
што sирка од пукнатината
на призмата на согледот.

Соковите на душата
исцртуваат елипси
во мембраната на опстанокот.

Околу сонцето на надежта,
како околу клопче од волница,
со белка ја обвиткувам
папочната врвка на постанокот.

Од срцето на јајцето
што си го собира здивот,
ќе испилам живот
со виножита во центарот на очите.

ВЕЗЕНИЦА НА ЗБОРОТ

На прагот од домот
што го наследив од мајка ми
баба ми рече да ставам црвен конец –
црвенилото да ги урочи
црнилата од устите на душманите.
И уште рече
прагот да го полеам со истечна вода –
калта во себе да го голтне
секој лошо намнисан исчекор,
секој несакан прекор на нововенчаните.

Сред тремот на родината
ја распослав нејзината омилена батанија.
Оттогаш со децении
во различни денови
исто муабетам со комшивките,
додека седам на волнената ткаеница
и несвесно низ рацете
сукам конци од истата волница.

Јас – мајка,
на разбојот на предизвикот
сега
кројам платно по моја мерка,
утре
на моето најмило
да биде среќна водилка.

Јас – везилка,
секој ден
двобојно ја везам судбината
што ја наследив од мајка ми,
со иглите што ги направила баба ми,
и стилизирам
нова алова цветна алка.

Во домот,
врабен
во орнаментите на писанијата
во карпите од планината
што како мов е срасната
на грбот на поколенијата,
со црвено-црна везеница
и денес
го постилам спокојот на Зборот.

Силвана Нешковска – Silvana Neshkovska

УДК 821.163.3-1

СЕКОЈДНЕВИЕ

1. Кога легнувам да спијам
Се покривам со зборовите
Што никогаш не си ми ги кажал
А толку би сакала да ги слушнам...
Под перницата го ставам сонот
Што уште не сум го сонила
А добро би било да е јаве...

Кога легнувам да спијам
сите неискажани зборови
и несонувани соништа
остануваат будни
да го чекаат утрото
место мене

2. Кога станувам наутро
Прво трагам по гласните жици
За да го слушам денот
Па ги барам болките во стапалата
оти со нив не можам да трчам
А денот е брз
И вртоглаво ми бега
во запурнини
затрупани
со сè и сешто
и од ништото по нешто.

Кога станувам наутро
Прво ја тргам пајажината
од очите
за да видам колку години спиев
и замотувам
околу главата
еден сончев зрак самотник
за да ми ги стигне мислите
Оти денот е брз
Стромоглаво ми се лизга
низ прстите
и се разлева по
улиците,
удолниците...

3. Кога на пладне седнувам да јадам
Не ги бројам калориите,
Ги оставам протеините,
да си зборуваат со јаглехидратите
и мастите
за тоа каков им бил денот
на витамините и минералите
кои испариле во воздух
уште во подготовката

Кога на пладне седнувам да јадам
Оброкот традиционално завршува
Со нешто слатко
А кафето?
Кафето го оставам
да се испие само
во пресекот на денот.

Борче Панов – Borche Panov

УДК 821.163.3-1

ЕДНОСТ

извор ми е срцето,
а крвта понорница

во телово еха ечат,
а никој не ги слуша

и никој не знае
колку е пренаселено

колку ли само души
за здив се борат

колку ли само гласови
да се изговорат

често се прашувам
колку сум јас – колку тие

колку сум, а не сум
и колку сме, кога сме

од рајот се роди смртта
а смртта нас нè раѓа

ах, каква жед е тоа
да се има тело

какво проклетство е
над сите – Јас да се биде

каков Јас да се биде
со крвта на сонце

зар телово ад да е,
а не храм твој Боже

слушни нè и помилуј,
зашто сал ти си Едност

и извор и понорница
и лач во беспатица.

ГЛАГОЛСКО НЕВРЕМЕ

сторен глаголско невреме, ѓаволот глаголи,
го топи ледникот на придавките од именките
и го брише лицето на времето од смислата

а сè почна близу трпезата на едни рајски луѓе,
кога беше пуштен од апстрактната алка на адот
за да го направи првото свое злодело во јазикот

и така, соковите што ги пиеја безгрижните луѓе
реши да ги испече со огнот на своите глаголи –
направи огнот да стане пареа, а пареата кончица

сите дојдоа до дулецот од казанот и го прашаа
Што правиш убавецу, а тој им рече – *рајводица*
за да бидете весело весели и среќно среќни

и зедоа рајските луѓе, ах убавите, да пијат
и толку им беше убаво – убаво до сневидување
а сите овошки во песните им цветаа и раѓаа

го гледаа сево ова неговите жаровити татковци
и не веруваа каква добрина чини будалиот им син,
та почнаа да го судат изродот гиздав, сè додека,

ах, сè додека не се зголи и жарна првиот лош збор
и првиот нож не се зари во срцето на именката,
та од Каин и Авел, сè така, сè така се пепелиме.

ПТИЧЈИ СЕНКИ

птичји сенки,
како манастирски здравици –
со допири на прстите околу чашите,
бесшумно прелетуваат низ собата

мигновно се лизгаат низ стаклото на прозорецот,
светлината врз моето отсутно лице
и тактот на метрономот

птичји сенки ја чофкаат сенката во собата,
а ни ѕвек, ни џака, ни жига, ни оган рига,
ни огнопер ала, ни чемер покајница,
ни на чело алтица, а сал црн цвет згромен в зеница

во рацете мои две, птичја сенка –
земја бигорна за зглавје ми носи,
трага од елен што во крвта ми бree,
клун што во пулсот ми клука и мрее
и кама во левата и незвесност во другата дланка

птичји сенки, се прашувам
што ли ќе се случи кога ќе ја разнесете сенката
како мршојади што ми тежат во очите

птичји сенки,
како манастирски здравици –
со допири на прстите околу чашите,
бесшумно долетувате во собата на штамата

ПРЕСУДА

Ќе се пробудиш, а нема да можеш
да си ја помрднеш главата.
Сонот ти израснал во побелена, коскена коса
и секое влакно го оптегнал
и изврзал за колците на ноќта.

Џин си исфрлен на едно далечно копно.
Апсурдно небо жедни сонца
ти копа во очите.
Цела вечност те влече армија
пискави гласчиња.

Одеднаш, на врвот од носот,
ти се искачува џуџенце.
Ти оди со мегафон по лицето –
сè до увото. Ти вика на сет глас
„Ако си непријател, ќе те убиеме!“

Златниот кип на нивниот крал,
отровни стрели ти фрла.
Низ паника одговараш
„Пријател сум, пријател...“

Те остават цела ноќ,
уште еднаш да се пробудиш
во убедувањето дека мршата
ќе ти скапува на брегот од океанот
без едро и ветар на сината шир...

Усните ти се преслекуваат
како напуштена кожа од змија.
а едно борбено хеликоптерче
ти слетува врз градите.

Од него, ситното кралче
наредува да те потстрижат.
Си ја подигаш главата од перницата
и сфаќаш дека си го преживеал сонот
без да ја дознаеш пресудата....

ЧОВЕЧКИ ПЛАНИНИ

одбери глуво место
после гонгот на несоницата,
немо место –
под бричот во огледалото наутро,
на врвот од носот
одбери невидливо место,
слепо – зад слепоочниците,
па дојди до едно страшно место
и копај –
дупка длабока среде мислите
ископај и во неа викај –
силно извикај го одмолченото,
кога главоболката е руски рулет
со еден куршум на кој ти е напишано името

потоа грмни со ехото
на сите човечки планини во твоето грло
и низ тунелот на мислите,
оловното зрно
нема повеќе да го носи твоето име.

Христо Петрески – Hristo Petreski

УДК 821.163.3-1

РЕЧЕНИЦИ

Сакам со кратки реченици да ти кажам веднаш
Дека ми недостасува твоето присуство наместо отсуство
А со долги реченици да ја тргнам маглата од стаклото и огледалото
А не да додадам нов облак од кој нема да се види ни твоето тело ни лице

Ги сакам твоите долги реченици зашто во нив има и страст и сласт
И подолго ни трае разговорот додека сум осамена и во осаменоста врамена
Овде е пустелија и птиците веќе заборавија да пеат и луѓето да се смеат
Лаат само кучињата ноќе и тоа значи дека само лоши луѓе идат или си одат

Ќе се сретнеме ли на кратко во некоја долга реченица
Или пак надолго и нашироко ќе си поприкажеме со молчење
Знај дека во пишуваниот текст треба да има згрешено барем една буква
За да знам дека е твое отчукувањето и кога е текстот туѓ и од тебе само препишан!

ТЕКСТ

Текстот е воз во кој насловот е локомотива
Која турка или влече и кога нема шини повеќе наредени вагони
И воопшто не е сеедно кој е прв или последен од нив во композицијата
И дали возот е електричен или на пареа и дали постојано или само повремено свири и/ли ѕвони

И кога не го гледаш возачот го замислуваш неговиот лик
И рацете и прстите со кои управува или ти се обраќа (само) тебе
Па откако веќе тргнал возот кон (не)познат (не)предвидлив и (не)потребен пат
Попусто е возачот или пак ти да размислува(ш) и кажува(ш) дали патувањето да се откаже или одложи треба

И во возот едното око го гледа другото само во ретровизорот
И човекот гледа само напред и не може и да сака да си го види тилот
Текстот пардон возот празен или полн пренесува патници товар но и празен воздух
А ранобудниот и самбендисаниот критичар и за оваа песна ќе рече дека не е ретка и дека ѝ е погрешен стилот!

РЕТКО

Поретко е само тоа што никогаш нема да се случи
На тоа искуството со (не)слученото (нај)често нѐ учи

А сѐ друго е толку многу непредвидливо и ретко
Како во приказната за Робинзон и неговиот слуга Петко

Ретко на небото некој авион ќе прелета
Додека мувата и комарецот на раката ќе ви слета
Ретко ќе слушнете или запишете нов и неупотребен збор
И семето ќе биде густо или ретко фрлено во вашиот двор

Толку многу посебности и реткости баналности и дребности
Наспроти навики и инерции одвишности и непотребности
А само стравот е оправдан дека нешто нема ни да се роди
Додека не стигнал само оној што не тргнал со бродот што броди

ЛОШИТЕ ЗБОРОВИ

Останууваат само лошите зборови
Како купот со плева на гумното по вршидбата
Не само што тие ненамерно и во афект биле изговорени
Туку зошто и како воопшто биле и помислени по веридбата

Само мачката се срамува од изметот, па го запретува
А човекот и да сака не може да ги скрие своите зборови
Така брзо и лесно ги изговараат и запишуваат јазикот и раката
Па потоа ќе чистат и преоруваат или поправаат и лижат цели дворови

Лошите зборови излетуваат сами од себе како врапци и ластовици
Нема мрежа што може пред време да ги улови или пак само да ги спречи
Тие излегуваат на мегдан и лебдат во воздухот како ветрушки и пајажини
А испоганетиот јазик и извалканата рака под итно и за навек треба да се лечи

ЛЕК

Ако не ви декува лекот денеска
Немојте да очекувате дека ќе ви помогне утре
Пред аптеката со кутивчиња и шишенца
Лежи и квичи сал едно болно кутре

Најдобар лек е убавиот збор
И кога и како некој ќе ти го каже
Затоа не пишувај веќе лоши песни
И извини се ако некогаш воопшто си лажел

Лекот понекогаш е во билките под твоите нозе
Лечебни не се магиите ниту тајните и скришни баења
Лекот е во вербата дека можеш да скокаш и кога не можеш да стоиш
Излечи се сам зашто потоа ќе бидат само пцости плачки и каења

Васил Тоциновски – Vasil Tocinovski

УДК 821.163.3-1

ОД ДРУГАТА СТРАНА НА МОРЕТО

Од другата страна на морето
се протегнал нов ден од долгото топло лето.
Тивкото ветре е нежна милувка и врел бакнеж
што полазува по телото и ги надразнува
влакненцата по рацете и нозете.
Жената и мажот легнати на врелиот песок
топол и мек како сомун штотуку изваден од фурна
тивко разговараат и одвреме-навреме
ги следат игрите на своите две девојчиња
токмоглави сестрички и ја радуваат мислата
заскитана во некоја непозната иднина
по добро познати патишта од соништа и копнежи
благословени со божја милост за рожбите.
Чудесна и единствена семејна слика од време
врамена во позлатена рамка со љубов и добрина.

Сега од оваа страна на морето, сал тоа е исто
ништо не е повеќе како некогаш, мисли тој
сам со себе, сам за себе, самотник и паталец
што попусто со денови седи тука и чека,
и самиот незнаејќи што чека и зошто е така
а ги нема, ни глас, ниту трага од милите
родители и нивните игралити русокоси девојчиња.
Сам од оваа страна на морето тагува и боледува
во тишина и самотија во која само стрвниот крик
на галебот ги вознемирува молкот и тагата.

КОЛАЧИЊАТА НА МАМА

Од сите страна на „Колачињата на баба“
се собрале недоброј весели и добри луѓе од трета доба
традицијата за дружба со љубов и почит
создадена од вредните раце на нашата баба
со многу љубов заблажена со баклави, тулумби,
равании, гурабии, еклери, наполитанки,
та не може да се каже што е најлично и највкусно
зашто љубовта мера нема, дарбата е божја волја
собрана во многу години со мудрост и искуство
да се заблажи душата, да се згрее срцето
неуморно од годините воспеани со песни

во идилични потскокнувања и ритмични чекори
стокмени со стамено македонско оро како крик од восхит.
Пак бев стрвен, воздивнува и со прст ги рамни
белите и проретчени влакна на главата,
пак ќе пијам сода бикарбона се самооправдува
додека песната „Сечи моме руси коси“
протркалува врела солза по образите.
Позната приказна, заигрува покајнички срцето
кога мама дојде во интернат да си го види синчето
и да го почести со колачиња замесени од црно брашно
та беа умисла го посрамоти пред другарчињата,
зини земјо голтни ме, воздивна гласно и си призна
колку ли само љубов имаше во мамините колачиња.
И сега таа ти била тука, го помилува и бакна
не се грижи и не се обвинувај, прошепоти
мама бескрајно те милува и сака.

БОЛКАТА НА ВЕСЕЛНИКОТ

Непредвидлив е животот, превртлив и жесток
час насмевка со солзи, потоа рана неизлечива
со љубов и вознес за убавинаната и дарбите на денот
за топлите и спокојни соништа во долгата ноќ
и мислата да се сочуваш самиот, ни те виделе
ниту те слушнале другите, да се живи и здрави.
Како млад автор Бранислав Нушиќ бил затворен
две години поради сатиричната песна „Два роба“.
Кој би поверувал оти непослушниот и непожелен
мајстор на зборот што живот значи на сцената
ги исмејувал провинцијата и снобовштината
во белградските високи кругови меѓу двете светски војни.
На чело на театрите во Скопје и Битола се вратил
во маленкоста на светот да ја покаже мајсторијата
на драмската реч како пресоздавање на
животот, светот и векот не само огледало
нивно, туку да потврди оти таа извира и ги одразува
егзистенцијалните мери на ужалена фамилија,
сомнително лице, госпоѓа министерка, мистер долар,
покојник, народен пратеник и со пат околу светот
како општинско дете да поучи и да не се заборави
оти еден е животот и негова вредност се само
насмевката и смеата, дури и тогаш кога се добива
со сопствена сметка. Ако не верувате, сомнеж ве вие
земете прочитајте ја неговата „Автобиографија“
таму ќе ги најдете сите одговори и сознајби.

Бранко Цветкоски – Branko Cvetkoski

УДК 821.163.3-1

НЕИЗУСТЕНИТЕ ЗБОРОВИ (ARS POETICA)

УТРИНСКА ЕТИДА

Одново со стихови ја прикрепувам
Крепоста на денот

Јас, лилјакот избезумен
Од озвучената светлина
Што зрачи од камбаните небесни
Јас, кој со векови премолчувам
Дека пајажината им ги симнува маските
На сите што ќе влезат во книгата
Која штотуку се затвора
Заедно со сите семиња, имиња и теми
Што копнеат по нови бразди и вообразби

И ова утро продолжувам да стареам
И го слушам тажниот припев на сонцето:

И музиката се раѓа од маглина,
Од непросирна, речиси ништовна идеја
Од најгласниот молк.

ОТКРОВЕНИЕ

Порано напишав:
Веќе се вардам
Гласно да се одушевувам од поезијата
Како некогаш
Кога откритието во песната
Ми беше доволен оган
Цела ноќ да останам сам
Во празно поле со векови да молчам
– Вселената да ме прогласи за пулсар

Сега кога сите големи поети се мртви
Или ми одмавнуваат на заминување
Сматно осознавам:
Можеби ми треба само сонувана искра
Од чиј пламен запираат сите пориви

И сите звуци се враќаат во матката на тишината

Додека го браздам трапчето за нова брчка
Уште еднаш се прекорувам:

Не повторувај ја грешката со категорични искази
Пред да согориш на кладата од сопствените коски
И пред да те развеат

Како најсвидна пепел над земјата

ЗА ТРАДИЦИЈАТА И ТАЛЕНТОТ

Признавам

Издив сум на традицијата
Котелец што успеал
Јарко да се вивне
И да ја развее плетката
Повисоко на ветрот

Мојата дарба е шум
Безразборно што експлодира
И секој ден вознесено ја полни
На минатото устата незаситна

Од таму
Ако воскресне
Со спитомен крик –
Тогаш сум ја спасил традицијата
И сум го стишил сопствениот бес

И затоа одново признавам:

Само тогаш
Кога сонувам за апсолутна концентрација
До последниот здив
Самоуверен, вообразен и без казна
На традицијата – сум ѝ се скрил.

ОЛЕСНИЦА. SBOH

Затоа што животот
Е само запирка
Во реченицата

Што во овој миг
Ја изговара светот...

Ова го прочитав негде
И го забележав
За да не го заборавам

Додека издишувам
Во небесното платно
Пак засекува модрата запирка
И ме моли
Со ничие грло
До следната спирка
Да не земам здив

Стапица е тоа
Знам
Омајна олесница
Одрон од некое неолитско небо
Никому знајна размена во свеста

Чист, без намера, звон!

ЗАУМНА ПЕСНА

(1)

Со години се обидувам
Да сотворам поезија
Без синтакса и хармоничен ритам
Без патос и вообразба
Без здодевен метонимиски след
Без метафори и оксиморони
Без правописен код
И без зборови дури

Јас се обидувам
Но шумовите се стискаат
Во спастрен ред –
Опашка долга се извива

Се губи како змија сè до детството
Мислите без отпор се пластат
Кладенците без прекин роморат
Сомнежите се таложат
Еден врз друг сонуваат

И ги прелистуваат годините

Се создава голема врева
Пред мојот старомоден дуќан за стихови –
Нема спас од мојот идеализам

ЗАУМНА ПЕСНА

(2)

Не можам да ја прескокнам тешката порта
Не успевам да ја истиснам
Маглата од мозочната долинка
Живеам еднаш
Живеам уште еднаш
Во обликот земен
И во обликот небесен
Како да ви објаснам дека постојано се раѓам
И постојано се враќам од кај умрените

Ништо не може да ме одврати
Од помислата да сотворам поезија
Која никаде нема да биде сочувана
Освен во недостапната визба на иднината

И затоа веќе нема да ви здодевам
Ќе престанам да постојам
На овој, на оној и во сите светови

ЗАУМНА ПЕСНА

(3)

Повтежот по таква песна
Што сам ми ја носи ветрот
Во бесконечната тишина на домот
Во немуштиот шепот на неродените –
Ништо не ја запира смислата на тој порив

Тој ќе постои и после мене
И ќе се влева
Прекутрупа и без ред
Во секоја сонувана песна
Без лексика и збороред

Како музика од некое друго време
Што нѐ води како слепци
И засекогаш сака да нѐ земе

Навистина, навистина ви велам....

НЕИЗУСТЕНИТЕ ЗБОРОВИ

Зборовите неизустени
Се златната лава на песната

Искачени до сопствениот врв
Меѓу устието и голтката
Меѓу исцелението и болката

Извајани до совршенство
Без агли, свиоци и јанси
Построени според правила и ред
Само чекаат
Да се огласи камбаната на јазикот

Да ја излеат песната над песните.

ВРЗ СТРАНИЦИ ОД СВЕТЛИНА

Доправам, поправам
Преместувам, потстегнувам
Од врвот кон средината
Или кон крајот затегнувам

Бришам, допишувам, пречкртувам
Ритам забрзувам
Од препознато во непознато
Прескокнувам, се обрнувам

Темен вресок – болка врела
Во заумна реч преточувам

Врз страници од светлина
Со мастило од сенка – запишувам

Сонувам. Самувам. Светувам.
Во ракописот исчезнувам



Фјамета Белати (Италија) – Fiammetta Bellati (Italy)
“WoodWideWeb” (детал), плексиглас и светло, 2026
“WoodWideWeb” (detail), plexiglass and light, 2026

ПРОЗА

Prose


МАКЕДОНСКО НАУЧНО ДРУШТВО
БИТОЛА

Петре Димовски – Petre Dimovski

УДК 821.163.3-32

ГОЛЕМАТА ПРИКАЗНА ЗА ХЕРАКЛЕЈА

Годината била триста шеесет и шестата пред новото време. Сонил, ко на јаве, сон. А во сонот искачен се видел најгоре на ридот. Младиот Филип, разиграното момче од лозата на Аргеадите, кому му е кралот Аминта татко, по потекло од македонскиот град Арг во Орестида. Мајка му е кралицата Евридика. Од Линките е потомка. Да, од рисовите, ќерка на владетелот Сира од градот Линк од Линкестида. Тој е сместен тука, меѓу двете исток-запад планини, каде се шири широката питома рамнина со големото Пелагониско Блато.

Во сонот, во кој бил влезен од страната на сонцето, со мислата излезена низ просторот, му прелетнала вита златозрачна девојка, до тогаш ни на јаве ниту пак на сон видена. Од височините ја облевал кристално ѕвезден блесок. Меѓу разделот од источната планина ја прелевала сјајна сончева светлина. Косите, низ златосјајниот спектар, игриво ѝ развевале по полите од западната гора. Од очите ѝ разлевал синиот простор над блатското езеро под тиркизното топло небо. Таа во отскок јавнала разигран коњ кој, втиснато на челото во ѕвезда го носел сонцето. И во галоп коњот од Линк прескокнал над ридестата височинка од која кружно се отворал видикот.

Во полетувањето од доскокот се помешале косите на девојката со гривите на коњот, бранувајќи на немирниот ветар како што бранувааат линкеститските житни посеви во предлетна игра. На младиот Филип златокосата девојка во одминувањето му подарила блескотна насмевка што го предизвикала, додека ја престигнувала таа светлината, да ја праша:

„Каде можам да те пресретнам златозрачна девојко?“

„Ќе ме најдеш натаму низ иднината!“

Од девојката останал звукот во одминувањето.

„Ќе ти подарам многу убав град!“ Филип, обземен од убавината на светлозрачниот отсјај што останал по неа, по ветрот од врвот на ридот ѝ пратил ветување, да ѝ го предаде штом ќе ја настигне.

Во сонот, или во јавето, сè исто надојдена, кај младиот Филип се потврдила идејата да изгради град. Токму тука, каде најчесто се играл во каскање со коњот и од каде во погледот широко го опфаќал Линк, престолнината на дедо му Сира. На врвот од ридот од каде и ја видел девојката златозрачна. Убав како неа, на која изграден ѝ го ветил.

Тоа било визија што продолжувала натаму да трае низ времето и да се обновува, како во сонот, така и низ јавето. Напати таа визија го приграбувала и го обземала и целото внимание на мислата.

„Еден убав ден на сигурно ќе го изградам тој град!“

Филип се потврдил во мислата, и не низ сон туку во јавето било тоа.

Начесто во будноста се потсетувал на сонот и држел на зборот со ветеното, и пред девојката златозрачна, а и пред себеси. А кога ја освоил моќта со владение, постанувајќи крал на Македонија, тргнал во потрага да ја пронајде во повторна

средба девојката златозрачна. Или, барем, да го види местото од каде таа излегла низ сонот и потоа влегла во будноста.

А се случи, тоа пред тоа, Филип повторно да ја сонува. Сега таа од визија беше во нарасната идеја. Беше сегашност што ја отвора иднината.

„Девојко златозрачна!“ повика по неа во сонот за да ја скроти нејзината пргавост, но девојката златозрачна во миг прескокна по тумбестата нерамнина, само за погледот досеглива од ридот.

И сега не во сон, девојката златозрачна и од мислата продолжено прескокнуваше по висовите.

„На иднината ѝ се подаруваат сите можности!“ подума така во будноста кралот. А држеше до идеалот.

Да, Филип на Аминта сега е Филип Втори Македонски по родот во редоследот избран за крал на Македонците. А како крал веќе неуморно е во пропатувања по македонската земја.

Еве, при ова патување повторно го пресретна местото од сонот, пренесено од јавето. А многу често во детството и во раната младост Филип галопираше низ просторот по линкеститската рамнина кон западните шумолести висови. Тогаш го придружуваше дедо си Сира, владетелот на рисобидната Линкестида. А во друштво му беше уште и пријателот од источната долина на Еригон во Пелагонија, Парменион. Тој често при средби беше предизвикан да рецитира од своите нови песни што во од ги создаваше. Понапред е во годините на возраста од Филип, но дарбено пријателски наклонет и друштвен. Со него Филип создаде цврсто и многу доверливо пријателство и често галопираа со коњите меѓу источната и западната планина од јужната страна на Блатото. При полпат наминуваа на починка во Букри, кај Линк за да се пресретне Филип со дедо си Сира, владетелот на Линкестида и да ги отвори спомените за мајка си Евридика од нејзиното детство низ овој широк предел, прекажувани во приказна.

И сега, во привид како од сонот, додека го разгледува просторот, му се најавува девојката златозрачна. Во игра е на светлината каква што ја пресретна во визијата. Му се постави за водилка од минатото кон иднината.

„По вторпат те пресретнувам!“ топло ѝ се обрати на девојката златозрачна. Искачен на врвот од ридот Филип Македонски средбата ја постави во јаве.

Девојката златозрачна, дојдена од визијата, сега во неговите зборови го насети своето раѓање во стварноста.

„Ветеното ќе се оствари со голема благодарност! Во грстка насмевки при таа прва средба ми го подари сонцето и од тогаш го носам со себе за да те препознавам во светлината што толку блескотно со себе ја носиш!“

Времињата продолжуваат да минуваат низ својот тек.

Девојката златозрачна е искачена горе на ридот, на тумбестата облина каде првпат, во неговата младост, го пресретна, тогаш принцот, сега кралот. Пред видот го има просторот отворен пред себе. Беше визија од минатото што нараснува, дојдена од изворот на времето да се случи во иднината. Сè уште за јавниот збор беше безимена, но во визијата си го потврдуваше името. Со раѓањето ќе се разгласи низ отворениот видик до широчините на мислата што ја држи кралот.

Удри сонцето од источната на западната планина.

Блескотот се одби од очите на високиот врв од венецот на планината и топло се разлеа по карпестите ридови кон котлината, широко огледувајќи ја рамнината низ тиркизната рефлексија.

Рекички на јужната и на северната страна од ридот, и бујата река пред северниот ридски редеж наслегнувајќи брзаат наудолничаво од горските каскади за да го смират скокотот таму долу во Линкеститското Поле.

Будноста Линкестидите ги поведува по патот што по сонот започнале да го одат.

Вчерашната загpаба продолжува да го исполнува денот.

Стада овци со овчар и кучиња прелеваат белина по просторот. Sевгар тегне рало забодено во црната земја. Стегнати раце кршат гранитен камен по прсликот на ридината. Крај скокотливата прескокалка на рекичката Сива Вода разиграните прсти на малендавата Клеоника имагинираат слика врз керамика.

Видливо е од ридот виденото. Рибари со трокраки бодежи низ трската, од езерото со векови во истекување, вадат над водата сребрено блескотни зазинати црвеноперки кои го губат воздухот во воздухот и брзо папсуваат врз песокливата рамнина.

Девојки во момчиња се вљубуваат, а испреварува изменична насока во девојки да се вљубуваат момчиња.

Родот од жетвата од пупка и цвет се трансформира во набујан плод од сончевина.

Жени пеат приспивни песни.

Огнот го топи металот.

Леачот во леарницата ги лее златозрачните монети во кои е втиснат тврдиот лик на кралот Филип Македонски.

Така почнало.

И така продолжува.

Низ времето и низ просторот.

Врие животот тука во Линкестида, меѓу венците на високите планини. Животот слезен од планините накачува кон планините.

Врвулица е од луѓе. Делбата на робови и господари во општа и во буквална смисла продолжува. Еден може да биде само едно.

Просторот надоаѓа и татни.

Напати се тоа по небото темни облаци што истураат дождовна вода со трескотни искршувања на громови. Има и случувања на брановидни накревања приземна прашина од земјотресно треперење што урива градби и заматува бистри води. Неретко се и ненадејни удари на ветришта од кои шумата развревува со изјачување да се откорне од земјата. Шумолно распукуваат и пожари кои, и во громовни, и во сушни години, го поцрнуваат тлото до досегот на погледот.

Често има и наезди на силни војски. Годината е триста педесет и осма што наназад се брои во времето. Завојувачки војски од север се пресретнуваат со војската на Филип Македонски. Фалангата со долги копја во страничен завет од коњаници, како слезен облак од небото тука на земјата просторно се поместува по тлото. И по извојуваната победа над агресивните војски се остварува обединувањето на племето македонско од Линкестидите со другите македонски племиња во големото Македонско Кралство.

И тоа време одминува.

Сега е жива наезда од коњаници и коњи во моќен и бурен тек. Ударот на копитата ја ослободува анималната сила на коњите, менувајќи го тропотот во бучава што натиска низ бели облаци од прашина. Збивта клокотно надојдената енергија. Македонците од јужните грабинаат кон северните предели на земјата. Во планот е престиг на идејата да се попречат налети и продор од туѓинци на северната страна од прадедовината. Напади вршат воинствени племиња за ограбување на богатството од злато и сребро. Од житни приноси и од жива движна стока. И од разни примамливи производи.

Во галоп настигна придружбата која ветрот го гони, а гонета од ветрот и од молњите при новото доаѓање. Тропотот на коњите крева бел облак од прашина кој, како се обновува, така налегнува по рамнината. Се отвори широк џеб во планинскиот венец. Блага косина наслегнува кон бистрата горска рекичка која во скок ја минат коњите. Затворена е со рид од север што заштитува од лути ветрови и од ненадеен напад на туѓинци. Од неговата височина целата околина се става на дланка, каде ништо не може да се сокрие од окото. Во увото шумоли здивот на западните височини, а примамува топлината на широката рамнина кон исток од која испарува бела магличавост од загубеното езеро.

Небото и земјата разменуваат одблесоци.

„Земјата и слободата се бранат подготвено од наезда на грабливи племиња. Со умешност и со храброст. Со почит и со љубов. Се бранат со решителен удар, непоколеблива волја и моќна сила. Во одбраната се заложени и крвта, и животот.“

Го кажува тоа пријателот на Филип Македонски, генералот Парменион, дојден од долината на Еригон кај источната планина.

А доаѓа предупредување од кралот:

„Не смее крвта да се разлее, ниту животот да се испушти, зашто потребни се да се освои победата! Затоа мора да се биде вешт, да се биде надмоќен и непобедлив, така, да се остане жив и да се победи!“

А изморена војска не носи победа.

„По замор треба одмор!“ во совет искажува генералот Парменион.

„Да, генералу! За голема војска треба и голем воен пункт. Логор, а и утврдување што ќе штити од ненадеен напад. Треба град од каде целта ќе биде поблиска во дејствувањето!“

Кралот Филип ја доискажува мислата што го отвори делото. Тоа што е во мислата е и во планот. Визијата да се потврди во дело. Воен пункт, и град, да се градат. И да се изградат.

Рекичка и река, при доаѓањата видувани, наслегнуваат од височината на планината да се слеат тука во рамнината, потскокнувајќи под ридестите гребени.

Придружбата дознава како девојката златозрачна од сонот во повторниот пресрет со кралот Филип Македонски ја надополнува неговата широка опсервација во обновената средба. И чу кога стратегот ја пренесе одлуката.

„Со раѓањето на сонцето ќе се раѓа и градот! Од камен, тула и малтер. И од мускулна сила. Безимен, а не ќе чека за име!“

„Па, да го именуваме сега со настанувањето градот!“ предложи Парменион.

„Во визијата и името е затворено, мој генералу! Нели од Хераклe водиме потекло и тој е предокот на нашиот славен род. Хераклеја ќе биде овде изградена

во чест негова. Градот ќе биде Хераклеја Линкеститска, по голема заслуга на линкестидските Македонци, здружени во Македонското Кралство!“

Така почна.

Од идејата кон целта.

И продолжи да надоаѓа низ времето, непрепознатливо како и водата низ своето протекување.

Родот кој Херакле го слави од коренот со стеблото веќе разгрането. Девојката златозрачна што е, пак, визија дојдена на ридот, очекува.

Чека.

И како што беше ветено, ветеното еве се случува.

Вака.

„Тука се нашите корени. И Македонците ќе продолжат да градат! Градот ќе го изградиме! Тој ќе е душата на животот! Градот Хераклеја!“ потврди во мислата и во зборот Филип Македонски.

Од сонот сега еве кон стварноста прелета девојката златозрачна и кралот даде по неа повик:

„Херабита! Хераклеја битисува!“

Таа доби име и се почувствува реална, родена од визијата.

Кралот веќе одлучил. Најпрво да се почне со изградба на стратегискиот воен пункт. Горе, на ридот. При изгревот на сонцето да биде фатен во жажарот на светлината.

Херабита сум, веќе ме препознавте, златозрачната девојка од сонот во јавето. И сум видно свишена и нарасната за да го преземам раскажувањето на големата приказна со влегувањето на визијата во реалноста што води низ времето. А ќе се случува тоа во сегашноста. Ќе ви ја раскажувам големата приказна за настанувањето на еден град од своето време во најсилната и најголемата земја на светот. Ќе раскажувам за неговата борба и неговиот опстој низ времето од низата на вековите што ќе ја надополнуваат. Од местото каде се вкрстуваат патиштата од сите краишта на светот единствен. Во мојата опсервација ќе биде секој тука што минал и ќе посака тука да мине при спојување и раздвојување на краевите на светот. Родена сум во визијата, а нарасната во времето и останувам безвремена во него. Го имам времето во кое сум влезена, а низ просторот, по кој сум излезена, ќе одгласува моето ехо на биднината.

Таа сум, Херабита, девојката златозрачна родена од визијата. Се именувам со вековно име за иднината. Ќе раскажувам за растежот што ќе трае и младешки ќе се обновува и ќе се обновувам низ времето, секогаш помлада од младоста што не застарува.

Искачена на врвот од височината ја гледам сета надојденост од далечините на времето во преточувањето кон длабочините во непрекинат тек. Херабита сум и ќе бидам, девојката златозрачна на времињата што несопирно протекуваат низ просторот од минатото во иднината. Јас секогаш сум во сегашноста за да го огласам присуството со ехото прелеано во иднината од меморијата на минатото, затоа што иднината не помни ништо. И оставена е на чекање, а непознато е нејзиното надоаѓање затоа што таа останува засекогаш таму по времето.

Продолжувам да ви го пренесувам дејствието од настаните, фатено во мојата перцепција. Останувам млада и витална да ги спојувам времињата што не застаруваат.

Да, времето никогаш не застарува. Во протекот ја обновува својата младост и во тоа наше својство се надополнуваме, зашто неменлива е и мојата младост. Каква што е излезена од визијата.

Останува да бидам безвремена сведетелка на раѓањето и на растежот на градот.

Веќе добро ме препознавате, нарасната сум од она палаво девојче родено во визијата. Рашетувам по ридовите и прелетувам над полето. Имам широк видик. Снагата ми е фиданка на вита бреза. Косите ми се петопрсни плетенки на блископланинска молика со мирис на исконска длабочина во времето. Очите ми се две затворени езера под меката синевина на небото. Во блесокот на изгревот од истокот ја примаат и рефлектираат светлината во меѓупросторот од планинските венци. Здивот ги создава ветровите. Во луто време снежнина што навева од преклопот меѓу истокот и северот. Тлото е камена белина под која распукува цврстината на гранитот.

Небото прозирно натежнува.

Низ просторот летаат бели птици.

Се чека повевот преку планината да најави свежина од коренот низ стеблото. Се случува обновеното раѓање да го разбранува полетно животот. Белина од цветови со мирис на сок од зората. Бујно се прелева времето по каскадата меѓу небото и земјата.

Топлиот налет од јужното море го зрее плодот низ рамнината. Кога стишува здивот на ветровите зрелите плодови се откинуваат за подготовка на богата трпеза.

Од сокот на времето јас, Херабита, забрзано растам и нараснувам.

Да, израсната сум во девојка, на што сте веќе сведетели. Безвременска низ просторот, родена да се надживеам. Низ времето минувам како обновлив здив што подвижува. Во сегашноста ги обединувам минатото со иднината. Во просторот сончевината со месечевата светликавост. Од ноќта го издвојувам сокот на породот. Сведетелка сум на сѐ што се случува. Кога минувам низ времето, времето минува низ мене и така постојано се обновуваме во сопственото надоаѓање. Мојот лик ја држи убавината на животот. И не застарувам, како што не застарува ниту времето, зашто растојанието помеѓу почетокот и крајот е само илузија.

И, еве, израсната во девојка со бујна исполнетост сум со прикажана личотија меѓу световите. Во меморија го имам сето време што се случило и што ќе се случува низ протекот од настанувањето кон вечноста. Топлината од гласот го примамува животот. Лицето ми блескоти во изгревно руменило. Во очите ми е прелевот на поднебесната синевина со златозрачна надземна родоносна распосланост низ Линкестида. Гласот ми е ритамот на движењето во хармонија со постоењето. И постојано сум присутна во времето.

Тоа сум јас.

Херабита.

И сега.

Така.

Ме запомнавте.

А секогаш ќе бидам со вас. Неодминлива со мојот глас кој постојано ќе ве обгалува.

Го освојувам времето во својата светлина и имајќи ја неприкосновено сегашноста, од неа изворно ја надгледувам иднината, како таа надоаѓа.

И се пресретнуваме.

Почнувам да ја раскажувам големата приказна.

Се слушаме!

Божин М. Андоновски – Bozhin M. Andonovski

УДК 821.163.3-32

10.

АЛТАНА – БЕСЦЕНЕТИОТ МЕЛЕМ НА ДУШАТА

По долгите и исцрпни раскажувања и веќе бројните напишани записи, тука, јас средниот син на Митре и Темјана – Босилко, пред да продолжам и понатаму со исто темпо како и претходно, а веројатно преморен од силината на болните присетувања од некогаш, за миг како спонтано да ми се избришаа сите претходно надојдени мисли во главата, а ми беа како водилка за нешто и да запишам. Едноставно, така ми дојде да ја наведнам главата, истовремено држејќи ја потпрена со двете раце на бирото пред мене, а потоа – уффф, фффффф. Силно издивнав за барем малку да ми олесни и да можам да продолжам со тоа што сакав да го запишам. Но наместо да добијам мало олеснување, за миг како да ги изгубив сеќавањата и сакал не сакал, многу подолго од очекуваното останав без каква било мисла, па морав и сосема да замолчам. Така сосема замаен и збунет гледам, разгледувам натаму-наваму – наоколу, за да се вратам на колосекот на разумот од пред малку, а и да си ги вратам сеќавањата. И по неколку минути: „Длабоко се извинувам!“ – со повишен глас реков. Верувајте, и сега не знам зошто ги изговорив токму тие зборови, бидејќи освен празниот лист хартија и приборот за пишување, немаше никој друг пред мене. Знам само дека одеднаш, без некоја јасна причина, ми дојде да се извинам некому, па дури и самиот на себе. Хм... !? Којзнае, можеби тој измачувачки и натрупан период од некогаш тлеејќи во мене со децении, токму во овој момент посакал да ја потврди и онаа многу често споменувана филозофска мисла: „Понекогаш е од голема корист за сè да си се врати на свое место во мислите, човек и самиот со себе да си помуабети.“ Токму така во себе си реков за да си дадам барем кратко објаснување, но секако, промрморев и уште нешто друго додатно и неразбирливо. Најверојатно тоа беше нешто како: „Ај мајката... ... ...???“ А потоа пополека со десната рака го извадив и изгужваното марамче од мојот десен џеб на пантолоните, си ги подзабришав надојдените солзи од двете веќе закрвавени очи, ја кренав главата и... еве ме пак! Сакам повторно да продолжам со иста силина и навраќање на мислите а и запишување на подемите и падовите во семејството, бидејќи тоа ми е и аманетната должност како син на нашите родители Митре и Темјана. Но наместо пополека и смирено да започнам со пишување, постојано ми одзвонуваат во главата неколкуте силни цитати од мојата од неодамна напишана поема, насловена како „Болни сеќавања“ – објавена во книгата „Траги“. И нешто како постојано да ми вели: „Човеку, бре! Најпрво започни со оној прв дел и мисли од поемата – за да земеш барем мал залет! Само така повторно ќе можеш да си ги отвориш и срцето, а и душата! А потоа, воопшто не ги заборавај и другите стихови каде што во целост со сите случки и до најситното делче се опишува и кошмарниот сон со кој ти, Босилко, се соочуваше во таа одамна изминатa кобна ноќ – пред да се случи немилиот и до срце болниот настан со смртта на мајка ми Темјана!“ И... еве ме. Тргнувам со надеж да ме води моето Јас.

„Овој случај болни и стари,
но силни пораки ми прати,
а со нив во минатото назад
со мислите ме врати.

Таа година со душа ја чекав зимата да прође.
Но... падна студена и тешка магла
во Пелагониската Котлина.

Ја чекав ноќта нов ден да донесе
Надевајќи се дека денот,
студените магли со себе ќе ги понесе.
Но наместо тоа, во сонот
темни облаци над мене се надвиснаа,
па секавици и страшни молњи
со силни дождови ме потиснаа.

Сред матни води се најдов да пливам,
а за воздух, се мачев глава да дигнам.
Се борев и сам со себе!
Барем некаде,
каде било на суво да стигнам.
Едвај некако... од сонот се разбудив.

Истиот ден, вест лоша...
парче од мене откина.
Не бев ни полнолетен, а ми кажаа
дека мајка ми почина.“

Верувале или не, но не можам, ниту пак би било во ред по едно вакво целосно отворање на душата, а да не кажам збор-два и за тие доживеани кошмарни моменти во сонот, кои се и меѓу поважните коцки во севкупниот заплеткан мозаик за да може да се состави и појасно да се види и вистинската слика на која и јас сум насликан. Единствено можам да речам само: Судбина!!! И толку! Бидејќи сè што е кажано во нив сè е точно! Сега само со силни внатрешни чувства и аргументирано на лист хартија и со црни букви се трудам да ги запишам.

И како што може да се претпостави од напишаното во поемата, сè од корен во нашето семејство се смени. Исто како воз во движење од челичните шини да се лизна и да се струполи во недогледна провалија. Како едниот од двата водечки и светлечки фенери кои требаше да ни го осветлуваат патот за стигнување до една пристојна иднина предводена од нашите родители Митре и Темјана, одеднаш престана да свети. А светлината на денот која се очекуваше на крајот од тунелот со цела силина да блесне и да ни го осветли понатамошниот животен пат низ лавиринтот, таму некаде далеку предалеку – напред во темнината остана, а со тоа... и уште поголема лизгава угорнина, а и маглив мрак нè пресретна.

Јоаким, јас и најмалиот брат Ведран на безвреме останавме сираци без мајка. А нашиот ни татко како ранета птица среде срце и прободено крило, сега веќе осамен – низ суровиот живот ќе мора некако да ја одржува рамнотежата, хендикепирано, алипно само со едно крило. Но сепак, ќе мора да продолжи да лета. Куќата во Врањевци без домаќинка ни остана!

Но, тоа е што е! Животот, како така мора некако и понатаму да си тече. Па така по само неколку денови, повторно заминав на школување во Битола, а во нашето село Врањевци останаа само стариот ни дедо Гавро, татко Митре, сопругата на Јоаким Теодора и сè уште малолетниот Ведран.

Така беше сè до месец ноември истата година, кога Теодора се породи со ќерката Алтана која дојде како вистински мелем на отворена рана и како искра надеж. Тоа колку-толку ни ја ублажи болката и ни донесе голема радост во куќата.

Не знам, можеби кумовите по некоја случајност ѝ дадоа токму такво име – Алтана, но таа навистина стана и најдрагоцениот златен алтан во семејството наше. Иако беше само малечко бебе, како да ја знаеше болката на сите нас во семејството и никогаш беспотребно не плачеше. Напротив, секој нејзин гест, секој испуштен глас – секогаш ни создаваше безмерна радост.

Во нашето село за таков карактер на мало бебе, покрај другото обично знаеја и честопати да речат: „Пу, пу, пу, машала, машала – преслатка е нема што! Исто како некоја распеана ластовичка во пролет е“! Бидејќи со нејзината љубопитност и милостив поглед, таа знаеше секого да погледне право в очи, слатко да го расположи, а со тоа и целосно да го освои.

Толку беше кротка и милостива што со задоволство секој посакуваше да ја земе в раце, да ја почува и како дете да си поигра со неа. И сето тоа да му се фати како лек за душата. А за волја на вистината, таа знаеше безброј насмевки да подарува секогаш, а и на секого.

Ете токму затоа, кога Теодора ќе беше зафатена со некоја неодложна обврска низ куќата, било тоа да е свекорот Митре, Ведран, па дури и стариот ни дедо Гавро – кој ќе се најдеше дома во моментот, секој со задоволство ќе ја земеше за да ја причува. А со тоа ќе си ја наполнеше и душата со позитивна енергија која ќе му траеше и подолго.

Честопати знаеја дури и комшивките, особено оние помладите да доаѓаат и да ја земаат Алтана в раце, па и во своите куќи за да си ја наполнат душата со радост. Ете така... едноставно ќе дојдеа а таа штом ќе ги видеше, најпрвин ќе им се насмееше, а потоа ќе започнеше да тупа и со ноџињата, радувајќи се и гледајќи ги право в очи како некое мало милозливо кутре истовремено подавајќи ги и рачињата. А тие пак, без двоумење со задоволство ќе ја извадеа од дрвеното самоделско стојалче во кое честопати ја ставаше мајка ѝ кога ќе немаше кој да ја причува за да може да си ги заврши неодложните работа низ куќата. И само ќе речеа: „Тетка Теодора! Ќе го земеме Алтанчето малку кај нас за да си поиграме, а и за да ни ја разубави куќата.“

Се разбира, и Теодора имаше голема доверба во нив и никогаш не ја бранеше, само ќе им речеше: „Добро чупиња, во ред, земете ја! Ама во толку и толку саатот да ми ја донесете за да ја нахранам и да ја пресоблечам!“ А тие пак, на тоа ќе одговореа: „Немај гајле, тетка Теодора или точно на одреденото време

ќе ти ја донесеме или пак, ние ќе ја нахраниме и ќе ја пресоблечеме!“ А потоа радосни, со малата Алтана во раце – ќе си заминеа право дома.

Стемни се, осуни се – времето некако многу набрзина си врвеше. А со тоа и деновите, неделите, месеците како истечна вода си течеа ли си течеа. И кога нашата мала Алтана наполни девет месеци, потребната визна документација за неа и за мајка ѝ Теодора со која Јоаким се зафати веднаш по создадената можност веќе им пристигна.

Секако дека една очекувана работа конечно се заврши, но со тоа се навести и понатамошното болно и брзо празнење на нашата куќа в село. А бидејќи пред сè, такво нешто и со нетрпение се очекуваше, затоа за многу брзо време се одреди и датумот за тргнување и некаде во почетокот на месец јули 1972 година Теодора и „нашиот мелем“ – малата Алтана, заминаа за Сиднеј, Австралија. По само неколку изминати денови пристигна и веќе очекуваната визна документација и за Ведран, бидејќи и тој како Јоаким, а секако и како многуте други наши соселани, ни на повидок не ја гледаше иднината во нашиот роден крај, особено во нашето родно село. Особено од оној период по прекинот на училиштето во осмолетката во с. Суводол, а потоа и губењето на својата мајка – кога почувствува како да го изгуби дури и тлото под нозете и кога веднаш посака и тој што поскоро било каде некаде само да замине од родното Врањевци, па било тоа да е во Битола или пак некаде подалеку во странство. Но откако се увери дека за во градот шансите се премали, реши да си ја испроба среќата барем за во Австралија, кај брата си Јоаким. И еве сега со пристигнувањето и на неговата виза за патување, конечно му се отвори патот за тоа и да го оствари.

Од толку многу што му беше смачено, од сè она што се имаше случено во нашето семејство во изминатиот пократок период, без воопшто да чека, уште наредниот ден се ангажираше околу резервирање и на патни билети. И по изминати само триесетина дена од заминувањето на снаата Теодора и малата внука Алтана, односно некаде на самиот почеток од месец август 1972 година, замина и тој.

Како сето тоа да беше малку за празнењето на семејството на Митре и Темјана. Само за околу недела дена подоцна, односно на дванаесетти истиот месец, заминав и јас. Јас пак, на отслужување на воениот рок во Ниш.

Можеби навистина јас и така веќе бев отселен и живеев во Битола, но сепак во саботите и неделите редовно доаѓав во селото и помагав околу некои селски работи. А сега??? Што сега и како понатаму!? Како ќе се составува крај со крај со работите в село, прерасна во доста големо прашање и бара сериозен одговор! Бидејќи сега повеќе нема можност ни основното да се направи, а камоли нешто и за опстанок да се заработи. Во куќата каде што некогаш живееше големата фамилијарна заедница на Гавро и Ѓуца, составена од потесните две семејства на синовите Антонио и Митре, сега останаа само веќе остареният ни дедо Гавро и татко ми Митре.

Секако дека и овие бурни и болни случувања предизвикаа силни чувства во мене, за да напишам и друга поема, каде што во неколку строфи се вели:

Се кренаа вители разни.
Секој по свој пат тргна.
Куќата во Врањевци се испразни.

Останаа само татко и дедо –
сами времето да го бројат.
Куќата во Врањевци
двајца осамени ја делат.

Се борат со самотијата,
А заборавот полека лекува рани.
Низ времето чекорат сами.



Филип Јовески – Filip Joveski
„Живи артефакти“, Трансценденција - диптих 3 - аугментирана реалност, 2026
“Live artifacts”, Transcendence - diptych 3 - augmented reality, 2026

ЛИТЕРАТУРА ЗА ДЕЦА И МЛАДИ

Children’s and youth literature


МАКЕДОНСКО НАУЧНО ДРУШТВО
БИТОЛА

Елизабета Јончиќ – Elizabeta Jonchikj

УДК 821163.3-93-2(082.2)

ПРЕДНОВОГОДИШНА ШУМСКА СЛУЧКА

(извадок)

Предговор

Животните се спремаат за дочек на Нова година. Сите се возбудени и среќни. Најмногу се радуваат заради заедничкото украсување на новогодишната елка, за средбата со Дедо Мраз и средбата со дечињата од игротеката „Бамби“. Буфчо, најстариот шумски жител, ги извести сите животни за новогодишното збирно место. Ги замоли да не се караат и да не си наштетуваат меѓу себе. Животните, оние посилните, прво негодуваа, но сепак сите се сложија со неговата молба. Но, не само што се сложија со збор, Буфчо успеа и да ги наговори да потпишат договор „Шумски манифест“, со којшто ќе се обврзат да го почитуваат тоа што го беа ветиле. Буфчо го покани и Ловецот за да склучат примирје пред новата година. Ловецот се согласи, но сепак неговиот ловечки инстинкт не можеше да не реагира на една неправда... Неправда којашто во предновогодишната радост донесе солзи кај вредната Верверичка. Виновникот за солзите на верверичката е Шумскиот крадец. Но тој ја разбира својата грешка и ветува дека ќе се промени. Низ разговорот од животните ќе дознаеме за оваа чудна „Предновогодишна шумска случка“.

Ликови:

Верверичка 1
Верверичка 2
Раскажувач
Ловец
Лисица
Крадец
Волк
Дабар
Желка
Дедо Мраз
Врапчо
Срна и мало срнче
Јазовец
Зајчиња
- Зајак 1
- Зајак 2
- Зајак 3

Бувчо
Господин Мечок и Мало мече

Нова година
Снегулки
Прва снегулка
Втора снегулка
Трета снегулка

СЦЕНА ПРВА:

ВРАПЧО:
Кој ли е крадецот
чуден, страшен, многу брз
носи нешто еден врз
вреќа ли е или штос,
тропка, крцка, бега бос.

Пее песна снегот студен
да се фати крадец чуден.
Верверичка мала плаче
ѝ остана празно раче.

Новогодишна торта
подготвува, спрема,
а плодовите – чудно,
наеднаш ги снема.

Јас сум Врапчо видов сѐ
верувате ли, или не!
Тивко летам место збирно
кон падина место ширно.

Но ќе молчам, џив-џив-џив
жими душа и врапчешки пердув сив
за случката што ја скрив.
Од крадецот деца мили
јас мноооогу се исплашив...

Приказната нека тече
РАСКАЖУВАЧОТ сѐ ќе рече...

РАСКАЖУВАЧОТ (*Доаѓа прв, забрзан и брбори нешто, брои на прстите.*):
Еден, два, три, четири, пет, шест, седум, осум, леле, леле, како можев, па јас погрешив со броењето! (*Се врти околу дрвјата.*) Каде е шумата? (*Прашално тргнува кон Врапчо. Тој молчи.)* Дали некој знае каде е шумата? (Н*аслушнува.*)
Како која шума? Шумата во којашто треба да се роди приказната? Новогодишната шумска случка! Баш сега, пред новата година! Предновогодишната шумска приказна? Не знаете? Дали е можно?

Н Е З Н А Е Т Е! Не знаете? Не слушнавте ништо за малата верверичка и нејзините другарчиња, коишто пристигнаа во Новаци за да ни раскажат вистинска приказна. Односно, што се случува кога сме премногу возбудени од предновогодишните подготовки?

(*Зачудено седнува на подот и повторно безгласно брои на прстите.)*

ВРАПЧЕТО (*Пее.*):

Доаѓаат снегулките кревки
покриле лисја и тревки
на главите носат круни
со гласчиња нежни струни.

Ах тие прекрасни,
снегулки мили и бели,
танцуваат танци снежни
со ноџиња студени и нежни.
Како ли може Баба Зима
толку прекрасни ќерки да има?
И денот и ноќта во закрила ги носат
а тие светкаат и бело ги красат.

Џив-џив-џив,
што ли само помислив!
Приказната нека тече
Раскажувачот сѐ ќе рече.

(*На сцената влегуваат трите снегулки облечени во бела светкава облека, насмеани и среќни. На главите имаат круни во форма на снегулка. Танцуваат, се гушкаат, се вртат една околу друга. Потоа се фаќаат за раце и внимателно се доближуваат до раскажувачот. Раскажувачот е мала самовила со светкави крилца, таа облетува нестрпливо околу нив. Ги плетка рацете, потоа внимателно ги пушта кон снегулките, се поткрева на прсти, па се премислува и ги враќа кон себе. Потоа нестрпливо тропка со нозете и ги гледа со очекување да прозборат).*

СНЕГУЛКИТЕ (*Кон раскажувачот.):*

Знаеме, знаеме, знаеме! Ние снегулките! Снегулките!

РАСКАЖУВАЧОТ *(Кон снегулките.):*

Здраво Снегулки! Можеби вие знаете каде е шумата? Или и вие сте премногу возбудени предновогодишно?

СНЕГУЛКИТЕ *(Заедно.):*

Здраво тебе, што ја бараш шумата! Ние мислиме дека пред новата година сите се возбудени! А ти што правиш, изгледа многу брзаш за некаде.

РАСКАЖУВАЧОТ:

Да, многу брзам, и ве молам ајде побрзо кажувајте, дури не сум замрзнала!

ПРВА СНЕГУЛКА:

Погледни подобро.

ВТОРА СНЕГУЛКА:

Убаво ќе видиш.

ТРЕТА СНЕГУЛКА:

Па толку е зелена и нѐ чека нас!

РАСКАЖУВАЧОТ:

Ве чека вас? Бели, светкави, сребрени! Снегулки! (Се *врти околу снегулките, тие се смеат.*) Убави снегулки, (*Ги допира.*) ладни, ама насмеани! Сакам насмеани снегулки! Сакам кога среќата ги исполнува срцата со насмевки. Еве можело и студеното срце да се насмее!

СНЕГУЛКИТЕ:

(*Сѐ уште се држат за рачиња и одат кон елките. Од ракавите вадат бели памукчиња ги ставаат на елките и излегуваат.*)

РАСКАЖУВАЧОТ:

Еј, каде отидовте? *(Зачудено.)* Исчезнаа? *(Изненадено.)* Заминаа, заминаа? *(Погледнува кон елките.)* Аха, тука сте биле? На елките? *(Зачудено.)* Елките? *(Среќно.)* Ја најдов шумата? Ја НАЈДОВ! Но каде се сите? Требаше веќе сѐ да започне? Да sирнам јас да не се од другата страна. Можеби грешам, но мислам дека баш овде и сега мили дечиња, требаше да дојдат Волкот, Врапчо, Лисицата и професорот Буф. *(Излегува.)*

(Извадок од пиесата за деца „Предновогодишна шумска случка“,
Друштво на писатели „Битолски книжевен круг“, Битола, 2021 г.)



Башким Меџити – Bashkim Medziti
„Инспирација“, акрил на платно, 110x110 cm, 2021
“Inspiration”, acrylic on canvas, 110x110 cm, 2021

СОГЛЕДБИ

Observations


МАКЕДОНСКО НАУЧНО ДРУШТВО
БИТОЛА

Златко Жоглев – Zlatko Zhoglev

УДК 004.8:82

ВЕШТАЧКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА (ВИ) И КНИЖЕВНОСТА: ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ

1. Вовед: Новата технолошка реалност и хуманистичкиот парадокс

Развојот на вештачката интелигенција (ВИ) во последните неколку години претставува една од најзначајните и најбрзите технолошки трансформации во историјата на човештвото. Иако првичните бранови на автоматизација претежно засегаа физички, индустриски и рутински административни дејности, современите генеративни модели и длабокото учење влегоа директно во доменот кој со векови се сметаше за исклучив монопол на човечкиот дух – уметноста, креативното пишување и книжевноста.

Со појавата на големите јазични модели (LLMs) дилемите повеќе не се однесуваат на далечната иднина, туку на сегашноста. Денес сè почесто и поинтензивно се поставуваат суштински прашања:

- Дали и во која мера вештачката интелигенција треба да се користи при создавањето книжевни дела?
- Дали таа треба да биде единствено помошна алатка што му помага на авторот во истражувањето, организацијата на идеите и јазичната обработка на текстот, или пак може да функционира како соавтор или самостоен создавач на цели книжевни творби?
- Дали текстовите генерирани од вештачка интелигенција поседуваат естетска вредност и дали можат да се сметаат за „вистинска“ книжевност?

Овие прашања отвораат длабок јазол од културни, етички, правни и филозофски дилеми. Односот меѓу книжевноста и вештачката интелигенција го редефинира концептот на креативноста, го доведе во прашање традиционалното сфаќање за авторството и бара целосно преиспитување на начинот на кој ги вреднуваме уметничките дела во XXI век.

2. Историски контекст и еволуција на генеративното пишување

За вклучувањето и проширувањето на овој дел од текст во трудот од тркалезната маса за „Вештачката интелигенција и книжевноста: предизвици и перспективи“, благодарност должам на почитуваните колешки Елизабета Јончиќ и Милица Радевска, кои во рамките на своите дискусии на тркалезната маса ја отворија темата и ме натераа да напишам малку посистематизиран текст за овој современ предизвик во книжевноста поврзан со вештачката интелигенција (ВИ).

За да се разбере сегашниот однос меѓу ВИ и книжевноста, неопходно е да се согледа историската еволуција на технолошкото поддржување на литературата. Човекот отсекогаш користел алатки за да го олесни или измени процесот на пишување – од пергаментот и гусиното перо, преку печатарската преса и машината за пишување, сè до современите компјутерски програми за обработка на текст.

Сепак, преминот од механичка помош кон *алгоритамска генерација* означува квантен скок. Првичните експерименти со компјутерски генериран текст

(како што беа синтаксичките програми во средината на XX век) беа главно комбинаторички и засновани врз строго дефинирани правила. Тие беа интересни од аспект на авангардната книжевност и експерименталната поезија, но им недостасуваше кохерентност, подтекст и длабочина.

Со подемот на невронските мрежи и трансформаторската архитектура, ситуацијата драматично се промени. Современата вештачка интелигенција не пишува според едноставни граматички шаблони; таа анализира милијарди страници постоечки текст, учејќи ги контекстот, стилот, тонот, метафорите и наративните структури. Оваа можност да се реплицираат и комбинираат човечките стилови доведе до момент во кој компјутерот може да генерира расказ, песна или роман што на прв поглед речиси не се разликува од текст напишан од човек.

3. Степени на застапеност на ВИ во книжевното творештво

Примената на вештачката интелигенција во пишувањето не е црно-бела појава, туку опфаќа широк спектар на модели на соработка меѓу човекот и технологијата. Овој спектар може да се подели на неколку основни нивоа:

Ниво 1: Помошна алатка (истражување, корекција и стилизација)

На ова ниво, вештачката интелигенција се користи како понапредна верзија на речник, енциклопедија или граматички коректор. Авторот ја користи за:

- Брзо истражување на историски податоци, научни концепти или специфични терминологии.
- Проверка на правопис, граматиката и стилската усогласеност.
- Пронаоѓање синоними или преформулирање на компликувани реченици.

Во овој контекст улогата на ВИ е чисто техничка и не ја загрозува оригиналната креативна концепција на авторот.

Ниво 2: Инспиративна алатка (бура на идеи/brain storming и структурно планирање)

Тука авторот активно ја вклучува ВИ во почетните фази на креативниот процес:

- Генерирање идеи за заплет, карактеризација или дијалози.
- Надминување на т.н. „блокада кај писателот“ (writer's block) преку нудење алтернативни правци за развој на дејството.
- Креирање првични нацрти (outlines) за поглавја или сцени.

Човекот останува главен архитект на текстот, додека компјутерот служи како катализатор на идеи.

Ниво 3: Соавторство (симбиотско пишување)

На ова ниво границата меѓу човечката и компјутерската креативност станува заматена. Писателот и ВИ пишуваат интерактивно:

- Човекот пишува дел од текстот, а ВИ го продолжува или нуди варијанти.
- Авторот ги уредува, синтетизира и преобликува генерираните пасуси.
- Процесот се одвива како континуиран дијалог меѓу човечката замисла и алгоритамската генерација.

Ниво 4: Автономно генерирање

На најекстремниот крај од овој спектар, вештачката интелигенција добива задача да напише целосно книжевно дело врз основа на поставена команда (prompt). Текстот се генерира без директна интервенција на човекот во самиот чин на пишување, освен во крајната селекција.

4. Клучни предизвици и дилеми

Предизвик/Дилема	**Опис и последици**
Авторство и интелектуална сопственост	Кој е вистинскиот автор кога текстот е генериран од алгоритам трениран врз милиони туѓи авторски дела?
Оригиналност vs. рециклирање	ВИ не создава од ништо; таа препознава и реплицира шаблони. Дали тоа води кон униформизација на книжевноста?
Етички кодекс и транспарентност	Треба ли авторите задолжително да декларираат дали и колку користеле ВИ при пишувањето?
Перцепција и стигматизација	Опасност од однапред осудување на авторите како „некреативни“ или „мрзливи“ од страна на критичарите и читателите.
Економски последици за индустријата	Хиперпродукција на евтин, просечен содржински материјал што може да ги потисне младите и независни автори.

4.1. Редефинирање на авторството и интелектуалната сопственост

Традиционалниот концепт на авторство се заснова врз претпоставката дека книжевното дело е израз на единственото (уникалното) човечко искуство, емоција, свест и интелект. Со појавата на ВИ овој концепт се соочува со правен и филозофски вакуум.

Правните системи ширум светот главно заземаат став дека *авторското право може да му припаѓа само на човечко суштество*. Но, каде е границата ако авторот искористил 30 %, 50 % или 80 % алгоритамски генериран текст? Дополнително, се поставува прашањето за етиката на самите податочни множества (datasets): современите модели се обучени врз милиони книги и текстови заштитени со авторски права, честопати без согласност или надомест за оригиналните автори, што отвора сериозни дебати за дигитално пиратство и експлоатација.

4.2. Предизвикот на оригиналноста и естетскиот квалитет

Иако ВИ може да произведе граматички беспрекорен и стилски кохерентен текст, се поставува прашањето за неговата вистинска оригиналност. Моделите на вештачка интелигенција функционираат врз основа на статистичка веројатност – тие го предвидуваат следниот најверојатен збор или фраза.

Поради тоа, постои реална опасност од:

1. *Стандардизација и просечност:* ВИ има тенденција да генерира клишеа, препознатливи шаблони и повторливи наративни структури.

2. *Губење на „човечкиот идентитет/глас“ на книжевното творештво:* Делата може да останат лишени од длабока емпатија, лично егзистенцијално искуство, болка, хумор и суптилни иронии кои произлегуваат исклучиво од доживеаното човечко искуство.
3. *Егзистенцијална празнина:* Дали книжевноста е само подредување на зборови, или е автентичен чин на комуникација меѓу две човечки души?

4.3. Социјална и критичка перцепција на авторите

Како книжевната јавност, критичарите и читателите ќе ги восприемаат авторите што користат вештачка интелигенција? Постои оправдан страв дека авторите кои отворено признаваат употреба на ВИ може да бидат однапред осудени како мрзливи, неоригинални или некреативни.

Од друга страна, ако употребата се крие, се создава криза на доверба меѓу писателот и неговата публика. Ова го наметнува прашањето за потребата од нов **етички кодекс** и правна регулатива што ќе бара транспарентно декларирање на степенот на користење на технолошките алатки во процесот на создавање.

5. Перспективи и нови хоризонти за книжевноста

И покрај бројните предизвици, односот меѓу вештачката интелигенција и книжевноста не мора да се набљудува исклучиво низ призмата на песимизмот или дистописките сценарија. ВИ нуди и значајни можности кои можат да го збогатат книжевниот универзум, односно книжевнниот екосистем.

5.1. Демократизација и пристапност

Вештачката интелигенција може да послужи како моќен поттикнувач и засилувач за луѓе кои имаат извонредни идеи, богат внатрешен свет или уникатни приказни, но им недостасуваат формални јазични вештини, познавање на комплексни синтаксички правила или ресурси за професионално уредување. Во тој поглед, ВИ може да делува како ментор и изедначувач (нивелирач) на можностите. Поточно ВИ може да ги стави книжевните творци во релативно рамноправна состојба при процесот на творење, елминирајќи ги и или сведувајќи ги на минимум разликите кои произлегуваат меѓу одделни автори (нееднаквите можности), а кои произлегуваат од нивното различно социјално потекло и различниот културен капитал што тие го имаат како појдовна позиција, а кои можат значајно да се разликуваат од еден до друг автор.

5.2. Појава на нови жанрови и интерактивна литература

Како што појавата на фотографијата го ослободи сликарството од потребата за реалистично прикажување и го поттикна развојот на модерната уметност (импресионизам, кубизам, апстракција), така и вештачката интелигенција може да ги принуди писателите да истражуваат нови, досега воопшто непознати или многу слабо познати, форми на изразување:

- *Алгоритамска и генеричка поезија:* користење на податоци во реално време за создавање динамични песни кои се менуваат во зависност од читателот.
- *Интерактивни романи:* дела во кои читателот води дијалог со ВИ-ликови кои реагираат непредвидливо и уникатно за секој поединечен читател.

- *Хибридна литература:* текстови намерно конструирани како судир меѓу човечката емоција и машинската/компјутерската студеност, бесчувствителност.

5.3. Нова категоризација на книжевните дела

Со цел да се зачува транспарентноста и соодветното праведно (непристрастно) вреднување, во иднина е сосема веројатно да се воспостави нова категоризација на книгите во книжарниците, библиотеките и на литературните конкурси:

1. *Традиционална (100 % човечка) книжевност:* дела создадени исклучиво од човек, без употреба на креативни алгоритми.
2. *Хибридна/асистирана книжевност:* дела во кои ВИ е користена за истражување, уредување, структурирање или делумно соавторство, со јасно наведена методологија.
3. *Синтетичка/генеративна книжевност:* дела во кои најголемиот дел или целиот текст е генериран од ВИ врз основа на човечки насоки.

6. Заклучок: трагање по нова рамнотежа

Вештачката интелигенција веќе не е езотеричен експеримент или научна фантастика; таа е присутна реалност што постепено, но фундаментално го менува начинот на кој (и во иднина ќе се) создава, дистрибуира, вреднува и се (и ќе се) доживува книжевноста.

Иако нејзината примена отвора цела низа сложени дилеми поврзани со авторството, оригиналноста, правната заштита и етиката, таа истовремено нуди и невидени можности за проширување на творечкиот хоризонт. *Наместо да се гледа исклучиво како катастрофална закана за човечкиот дух или пак како целосна и супериорна замена за писателот, вештачката интелигенција треба да се разгледува како комплексна алатка чија крајна вредност и насока ќе зависат исклучиво од начинот, свеста и етиката со кои човекот ќе ја користи.*

Иднината на книжевноста во XXI век најверојатно нема да биде деструктивна борба меѓу човекот и компјутерот (компјутерските мрежи, ВИ), туку трагање по нова рамнотежа. Во тој нов свет, вистинскиот предизвик за писателите нема да биде како да ја победат технологијата, туку како да го зачуваат и продлабочат она што го прави човечкото искуство уникатно – емпатијата, ранливоста, подтекстот и вечната потрага по смисла – работи кои ниеден алгоритам, колку и да е совршен, не може вистински да ги почувствува, туку само да ги симулира.

19.8.2026 г., Битола

Гордана Јовиќ-Стојковска – Gordana Jovikj-Stojkovska

УДК 821.163.41-1.09

СВЕТЛИНА И СЕНКА ВО ПОЕТСКИОТ СВЕТ НА ИВАН НЕГРИШОРАЦ

Поезијата на Иван Негришорац (Драган Станиќ) во книгата „Сврзници“ („Слово љубве – букви букс“, Скопје, 2026) е внимателно конструирана целина каде секоја единица ја носи својата улога во рамката на водечката идеја: преку поетски слики се раскажува тегобноста на едно време. Збирката создава мрежа од фрагментарни поетски слики, каде стиховите функционираат како силна врска помеѓу различни времиња и простори. Насловот е метафора за структурата на збирката: секој поединечен текст е „сврзник“ што ги поврзува минатото, сегашноста и колективното сеќавање.

Фрагментарноста не е само формална, таа е и структурен и семантичен елемент на збирката. Ја рефлектира природата на сеќавањето и времето, присутни како постојани контрасти. Временските линии се прекршуваат, повторуваат и преплетуваат, но зад нив се чувствува едновременоста, присуството на повеќе времиња истовремено, што го потпира светот на поетот.

Збирката е создадена со јасна визија за духовност и меморија, но не останува во рамките на класичната духовна поезија. Спротивно, Негришорац го трансформира духовното во живо дишење на светот на поетското. Тој го истражува односот на човекот со времето, просторот и сакралното, оставајќи простор поетскиот набој да се именува како наследство. Завршните „коментари“ тоа го потврдуваат, со јасна одбивност кон злото, но и со духовна помирливост во христијански контекст.

Стилски, Негришорац, како врвен познавач на широките творечки простори, го комбинира класичното и литургиското со модерното лирско чувство. Лексиката е внимателно избрана, секој збор е поставен со прецизна мерка, создавајќи ритам што ја поттикнува концентрацијата на читателот. Метафорите не се само декоративни, туку носители на слоеви значење, поврзани со физичките и духовните аспекти на човечкото искуство.

Светлината, постојан мотив низ збирката, е метафора за знаење, континуитет на духот и внимателна интроспекција. Со можност да се протолкува и како предупредување и како неизбежна потреба за опстанок. Таа не е идеализација, туку структурен елемент што ги поврзува сегментите на текстот и ги истакнува контрастите помеѓу присутното и одминатото. Во повеќето фрагменти, светлината осветлува делови на сликата, оставајќи сенки што будат љубопитност и чувство на тајна. Сенката не е само отсуство на светлина; таа ја нагласува контрастната игра, пробивната трагичност и преминот од едно време или простор во друго.

Збирката користи и обрасци кои се однесуваат на телото и просторот, но тие се дијалог со невидливото. Сликите на зимски пејзажи, сенки, поткровја и светлосни ефекти го артикулираат односот на поетот кон светот, кон минатото и духовната наследност. Тие создаваат повеќеслојна мрежа, каде индивидуалниот наратив настанува и исчезнува во универзалниот контекст, оставајќи чувство на континуитет, меморија и духовно присуство.

Хаику-минијатурите во „Сврзници“ не ја прикажуваат само суровоста на светот и личната трагедија, туку и духовното преживување на човекот во контекст на колективната историја. Тие куси, набиени, концентрирани слики ја пренесуваат внатрешната двојност; болката и неправдата и отворен простор за медитација, за миг на внатрешно преиспитување и рефлексија. Во нив, страдањето и светлината се преплетуваат, и читањето станува интимно доживување, кое ја поврзува индивидуалната искра на емоција со универзалниот ритам на сеќавањето.

Циклусот „Трчам“ ја потенцира неизвесноста и напнатоста на човекот кој страда и се обидува да најде смисла. Движењето, непрекинато и напорно, станува метафора за потрага по спасение, по разбирање и по внатрешен мир. Во секое „трчање“ се чувствува болка, возбуда и интензитет на искуството, а времето и просторот се подвижни, создавајќи чувство на моментална трајност во која индивидуалната и колективната меморија се преплетуваат.

Циклусот „Гледам“ ја истражува способноста на поетот да забележи и да го доживее светот со интензивна сетилност и емотивна присутност. Набљудувањето не е само визуелно; тоа е проникнување во слоевите на време, сеќавање и духовност, каде секоја слика носи тежина и симболика. Сликите на светлина, сенка, простори и детали на секојдневието создаваат рамка во која индивидуалната перцепција се претвора во универзално поимање, а секој сегмент делува како момент на интензивна интроспекција и емотивно присуство.

Почетниот прозен дел ја отвора вратата кон светот на „Сврзници“, каде меморијата, духовноста и времето течат како жива матрица. Просторот е маестрално конструиран: светлина и сенка, поткровја, зимски пејзажи, кои носат присуство на минатото и сенки на трауми. Наративот пулсира меѓу интимното и универзалното, како мост што го поврзува читателот со фрагментарниот ритам на поезијата. Прозата со својата поетичност и блискост до библиската нота нè воведува во темите на збирката и ја активира сетилната и емотивната свест, подготвувајќи го теренот за фрагментите што следуваат.

Завршниот „Коментар до она што го гледам“ ја консолидира и осветлува целата структура и темите на збирката. Тој не е само епилог; тој е рефлексивен момент во кој поетот ја изговара својата последна позиција кон времето, духовноста и човечката судбина. Во „Коментарот“ се чувствува балансот помеѓу емотивното и рационалното, помеѓу одбивноста кон злото и христијанската духовна помирливост.

Текстот ја артикулира идејата за наследството, она лично, но и колективното, која ја става во контекст на времето и меморијата. Преку концентрирани слики и прецизен избор на зборови, „Коментарот до она што гледам“ функционира како интегративна точка: ја поврзува фрагментарноста на претходните циклуси, хаику-минијатурите, прозните рамки и мотивите на светлина и сенка. Читајќи го, читателот се соочува со чувството на завршеност, но и со непрекинат ритам на сеќавање и духовна интроспекција, како секој сегмент да продолжува да пулсира низ текот на времето.

При преводот и редакцијата вложивме максимално внимание да ја одржиме мелодичноста и ритамот на оригиналот, со воведување на суптилни интерпретаторски тонови. При пренесување на редоследот на стихови, интонацијата и софистицираните повторувања, целта беше да се зачува

длабочината на значењето и смисловната резонанца. Преводот не го менува ритамот на поетот, туку го отвора за нов културен и јазичен контекст, дозволувајќи читателот да ги почувствува тоновите на оригиналот.

Збирката предизвикува внимателно читање. Таа не се отвора со едноставни патеки, туку бара од читателот да учествува во откривањето на значењата, да го забележи играњето на светлината и сенката, да го следи слојот на меморијата и духовното присуство. Резултатот е книга која го артикулира времето, просторниот континуитет и континуитетот на искуството, без да се сведе на поедноставена морална порака.

Книгата функционира како движење низ три состојби: телесна, сетилна и мисловна. Прво се трча, затоа што светот притиска. Потоа се гледа, затоа што мора да се разбере. На крај се коментира, затоа што не може да се молчи. Во оваа тивка тројност се содржани сите слоеви на човековото искуство, кога е изложен на насилство, неправда и болка, но и кога одлучува да остане човек, мислејќи, гледајќи и преживувајќи со достоинство.

Кшиштоф Плешњарович (Полска) – Krzysztof Pleshniarowich (Poland)

УДК 792(438)(049.3)

ТЕАТАР ВО ЖИВОТОТ, ЖИВОТ ВО ТЕАТАРОТ

Дијагноза 1977 – 1979

Интерпретацијата во театарот сè повеќе се сфаќа како потреба за донесување на недвосмислени одлуки. И само во посебни случаи ваквите настојувања може да се припишат на благородни дидактички намери. На крајот на краиштата, црно-белиот систем на вредности ретко се појавува во животот; клиничките примери настануваат како резултат на проектирање на специфична идеологија на стварност. Но во театарот не станува збор за идеолошка определба, туку за непосредната природа на пораката.

Она што е карактеристично за театарот, што би можело да се нарече „илустративно“, е претпоставката дека постои само еден свет – она што може да се прикаже на сцената – како одраз на сликата на стварноста која ја донесува публиката. Сè помалку има траги од оној „трет свет“ кој театарот некогаш се обидуваше да го искаже и можеше само да се навести. Сегашните времиња и модата не се погодни за „метафизички“ медитации, дури и поезијата често ја напушта двојната рамнина. Затоа е тешко да се биде изненаден од театарот што повеќе зависи од потребите на моментот отколку од поезијата.

Дијалогот одамна престана да биде „скеле во кое се градат сценски значења“[1]. Невербата во просторно-креативните можности на зборовите диктира потрага по елементи што ја прават претставата подинамична надвор од дијалогот: опкружувајќи ги јазичните ситуации со голем број настани кои, заедно со дијалогот, „откриваат“ или дури создаваат сценска реалност. Актерот сè поретко игра во однос на партнерот, а на сцената има сè помалку меѓучовечки врски. Во уметноста којашто илустрира однапред замислени тези, можен е само формален, реторички дијалог.

Каков е резултатот? Наметлив, лесен за дешифрирање коментар настанат како надвор од иманентната анализа. На тој начин, театарот, кој одамна ослободен од ропството на литературата и филолошките ограничувања, понекогаш е само тест за прилагодливоста на драмските жанрови, сценските ликови, актерските конвенции – врз принципот на испитување на отпорноста на текстовите на различни, честопати многу произволни „конкретизации“. Исполнувајќи ја само илустративната функција, тој станува – каков парадокс – сајт за проучување на книжевноста! Оној што се обидува да среди сè, да рационализира, да објасни.

Илустративно, театарот е прашање на супериорна, свесна стратегија: директно обраќање, надвор од дијалошкиот систем, до публиката – недоволно дефинирана, таинствена, па затоа бара припитомување. Но, со привлечноста кон публиката, таканаречениот „вистински живот“ воопшто не влегува во театарот. Најчесто се случува обидите за директни, буквални референци на околната стварност да произведуваат тавтолошки ефект: гледачите извлекуваат заклучоци

[1] СпоредиJ. L. Styan, Partytura dramatu. „Pamiętnik Literacki”, 1976, стр. 3.

за светот од претставите кои пренесуваат слика за светот во согласност со имагинацијата на гледачите.

Прв пример: преправање дека се живее.

Во јануари и февруари 1977 година, Анџеј Вајда го спроведе следниот експеримент во Стариот театар: тој одлучи на публиката да ѝ го покаже процесот на создавање театарско дело. Така, театарот продаде билети за 27 јавни проби на „Идиот“ од Достоевски. Сепак, беше воспоставена конвенционална експериментална рамка: паралелно со овие специјално договорени проби, во претпладневните часови се одвиваа „нормални“ проби. На никој однадвор не му беше дозволено да присуствува.

Ваквото фокусирање на обична премиера го намали значењето на идејата, која и онака не можеше да ги исполни очекувањата поврзани со неа. Се покажа дека прикажувањето на „голиот живот на театарот“ е невозможно во праксата кога режисерот, неговите соработници (Захватович, Карпињски) и актерите (Новицки, Рацивилович) настапуваат – додека ги гледа случајна, безгласна толпа гледачи[2]. Во променетиот распоред на мебелот и тестовите за осветлувањето, беше забележана јасна тенденција да се долови „природноста“ на сценографијата на подготвената претстава. Сепак, актерската изведба се карактеризираше со отстапување од хаотичните, насилни сцени во корист на долготраен, смирен разговор. Кон крајот, сценската акција во „обичниот“ ентериер, покрај завесата зад која, според објаснувањето на режисерот, „се наоѓаше“ телото на Настасија Филиповна, е целосно ослободена од првобитните обиди за ефекти, а всушност е ограничена на составување на изјави – проекции на две спротивставени личности.

Најинтересни во целиот експеримент беа последиците од новата, „ненормална“ ситуација во која се најдоа творците на претставата „напишана на сцена“, спектаклот и публиката. Анџеј Вајда се адаптираше најлесно: ја играше улогата на главен актер. Неговите разговори со Новицки и Рацивилович беа јасно ориентирани кон публиката. Актерите од Достоевски на различни начини се обидуваа да се справат со стресот кога интимниот процес на градење улоги се покажа како роба, според слоганот: „сè на продажба“... Беа користени различни демонстративни техники за да се постигнат конечни решенија, но за сведоците беше очигледно дека таквите можат да се појават само на проби на кои нема гледачи. Купувачите на билети тоа го третираа како „проклети проблеми на Достоевски“ само како изговор за бесрамно и неказнето набљудување на актерите и режисерот, кои честопати се борат не толку со текстот на „Идиот“ колку со проблемите коишто произлегуваат од ситуацијата на јавната проба.

Резултатот од овие театарски и животни манипулации, веројатно неочекувани за иницијаторите, беше уште еден триумф на маската. Меѓутоа, креативниот резултат од работата на режисерот и актерите се покажа како поважен и поавтентичен од самиот процес на истражување, продаден како јавен спектакл... Па сепак, набрзо, во истата просторија именувана по Хелена Моџејевска, иако во различни услови, беше направен уште еден обид за „припојување на животот“. Во таквиот обид прикажан е „Животописот“, напишан и режиран од Кшиштоф

[2] Поопширно пишував за тоа во написот: 27 prób na sprzedaż, „Kultura”, 1977, бр. 13.

Кишловски: театарска адаптација на идејата која во својата филмска верзија претходно ја освои наградата на Фестивалот на краток филм во Краков.

Публиката беше сместена во темниот дел од салата, а од другата страна, околу силно осветлена конференциска маса покриена со зелено платно, се одржа состанок на Комисијата за партиска контрола. Кјешловски одлучи да ѝ ја презентира на оваа комисија исповедта на човек исклучен од Полската обединета работничка партија кој, како за пример, ја доживува драмата на „активистите со чисти намери“. Овој херој по име Гралак, во одличната интерпретација на Јежи Трела, беше едноставен и чесен работник, неприлагоден на механизмите кои го одредуваат општоприфатениот модел на однесување на социјален работник и активист. Гралак одговараше на прашањата остро, на шематски спротивставените членови на комисијата (играни од искусни актери, како што се: Изабела Олшевска, Јулијуш Грабовски, Јежи Штур, Роман Станкјевич).

Неговиот портрет го откри ликот на човек кој, во текот на целиот свој живот, беше поврзан со пресвртните точки на Полската Народна Република, и кој се обидуваше да се држи до својата едноставна етичка програма. Оваа програма вклучуваше концепти, како што се: другарство, толеранција, чесност и неподготвеност да лаже и вештачки да го одржува изгледот. Гралак се претстави во момент кога мораше да плати висока цена за отпорот кон етичкиот релативизам, на што се чинеше дека го научи неговата животна историја: остана сосема сам.

Кјешловски и екипата на Стариот театар имаа намера претставата да пренесе верен одраз на вистината за луѓето од тоа време, недеформиран од какви било тенденции. Целата театарска идеја беше имитација на „реална“ средба. Истовремено, членовите на Комисијата полека пристигнуваат со публиката што ја исполнува салата, се поздравуваат, водат приватни разговори и решаваат работи по телефон. Но, границите на оваа имитација ги поставува самиот театар, каде што постојат многу поголеми пречки за идентификација на реципиентот со нему претставениот свет отколку, на пример, во филм. Театарот кој на секоја дејност му наметнува буквалност и ограничувања, не е во состојба да го елиминира основниот услов за своето постоење: договорот помеѓу актерот и гледачот. Преправањето дека во театарот не се глуми е само една од конвенциите што дополнително бара привидно игнорирање на публиката.

Во театарскиот „Животопис“ Кјешловски дури и употреби трик од филмот „Животопис“, кој исто така беше и репортажа од снимањето на репортажа. Но, „реалните“ активности во собата на Моцејевска ја оддалечија екипата со камери и микрофони од документот и прилично ја разоткрија конвенционалната природа на целата постапка. Можеше да ја потврди театарската „вистина“ само со убедување на реципиентот дека дистанцата која ја одржува театарот од самата средба служи за прикажување на поцелосна слика за политичката стварност. Оваа дистанца беше видлива и при воспоставувањето на контакт со публиката, кој до одреден момент беше игнориран. Оттука и елементите на гротескна глума – во ставовите и гледиштата на одделни членови на комисијата, како и во додуша ретките ситуации кога филмската екипа ги „мести“ ликовите да повторуваат изјави, поточно, во камерата. Оттука и анегдотската природа на некои нишки; на пример, конфликтите на херојот со неговата сопруга, која, според сериозно цитираното мислење од почетокот на 1950-тите, била класен вонземјанин бидејќи потекнувала од кулачко семејство...

Покрај тоа, во финалето, дојде до целосно „откривање“ на публиката, која се покажа како вистински херој на претставата. Откако ги слушна сите одговори на прашањата (некои од прашањата беа повторени за посебни агли на камерата), комисијата, пред да донесе конечна одлука, ја праша дотичната личност, потоа филмската екипа (што заврши со филмското сценарио) и на крај публиката, пред да донесе конечна одлука. Филмот можеше да биде прекинат и да се постави натпис за одлуката на комисијата. Во театар без завеса, мораа да заминат или актерите (состанокот тогаш би бил „нереален“ – на пример, би требало да се аплаудира...) или публиката. За да се направи „животот во театарот“ поверојатен, избрано е второто решение, што неизбежно доведе до недоразбирање – макар во очекувањето на публиката за „вистинското финале“, односно на одлуката на комисијата, или можеби само активна дискусија за „животниот случај“? Креаторите на „Животописот“ одлучија да ги отстранат гледачите не само затоа што беа сомнителни во врска со спасувањето на „реалноста“ на средбата (спектаклот, по дефиниција, нема ниту почеток ниту крај), туку и во име на доследното создавање постановка во која пресудата е целосно на публиката.

Ако можеме да се зборува за односот помеѓу „Животописот“ и моделот на Брехтовата драма, од перспектива на публиката може да се рече дека тоа беше правилно конструирана претстава. Овој принцип беше проследен со субјективно продолжување на времето на заморната средба (првите настапи започнаа околу десет и пол навечер). Покрај тоа, целосната статичност на презентацијата не произлезе толку од „пренесувањето“ на животот во театарот, колку од претпоставката дека единствениот динамичен процес е предизвикување на препознавање од публиката. „Животописот“ на Кшиштоф Кјешловски е натуралистички театар. Не преку обид за некаква нова или воведување на некаква стара конвенција, туку затоа што гледачот – во согласност со стратегијата на творецот – треба да ги согледа одредени ситуации, а со тоа и целината, како аналогија на нештата што ги познава од животот.

Втор пример: искривено огледало.

Во седумдесеттите години од минатиот век, Краковскиот студентски театар „Плеоназмус“ веројатно отиде најдалеку во „исмејувањето“ на заедничкото видување на светот. Во своите четири најдобри претстави, од „Szłość samojedna*“ (1972) до „Delirium tremens“ (1975), тимот „Плеоназмус“ создаде карактеристичен, уникатен тип на „социјално“ творештво, моделирано по примерот на „групен актер“. Субјективните постапки на ликовите беа заменети со движења во просторот и трансформации на суштествата, кои членовите на групата ги нарекуваа „магма“, а критичарите, после една од претставите, ги нарекоа „единствена иднина“. Како што се сеќава Марија Бастер, ова создание е „сочинето (...) од нашите раце, глави, нозе и други делови од телото“[3].

Друга карактеристика на стилот „Плеоназмус“ беше специфичниот ритам на текстот што го зборуваа актерите, кои сами го создаваа во врска со сцените кои не беа водени од заплетот, изградени според метафората што ја организира темата на секоја претстава. Тоа често беа клучни зборови, на пр. да се оди („Единствена

[3] T. Nyczek, Teatr Pleonazmus, Warszawa 1979, стр. 7.

иднина“); оган, мудрост, глупост („Пожарникарите не можеа, еден, два, три…“); Незажалувачки, песок („Избрани сцени од нашата најнова декаденција“).

Јазичната креативност во голема мера беше должна на театарските и поетските лекции на Мирон Бјалошевски (на крајот на краиштата, историјата на „Плеоназмус“ започна со поставувањето текстови од овој писател). Тоа беа главно цитати од колоквијалниот јазик „слушнати меѓу пријатели, на улица“, но и од слогани „од академијата и часовите по полски“[4] и конечно – од новоговорот. Овие цитати беа подложени на мултилатерална лингвистичка обработка, фонетска и семантичка дијалогизација. Во текот на овој граматичко-лексички процес, можеше да стане јасно видлив принципот на сите претстави на „Плеоназмус“: постојаното тежнеење кон – и моменталното бегање од – дословноста и еднозначноста[5].

Во претставите на „Плеоназмус“, тензиите нетрпеливо се градеа врз спротивставеноста помеѓу поединецот и групата (функциите на Мудриот во „Пожарникарска куќа“, лажниот водач во „Избрани сцени“, Непијанецот во „Делириум“). Или, алтернативно, конструкциите на „единствената иднина“ лесно го одразуваа популарниот стереотип за дихотомијата на општествената структура („ние“ – „тие“). Театарските односи кон Странецот ја потврдија деградацијата на субјективноста на членовите на групата. Колективот го должеше својот надиндивидуален идентитет на овој имагинарен или реален противник, благодарение на кого другите можеа да постојат барем на таков преттекстуален начин, бидејќи не би можеле сами да ја изразат својата субјективна егзистенција.

По самораспуштањето на „Плеоназмус“, друг студентски театар во Краков се осврнува на овие општествени стереотипи: „Фантастрон“, кој како место за изведба ја избра салата на поранешниот „Театар 38“, легенда на студентските театри од 1950-тите и 1960-тите. Веројатно не е случајност. Во својата уметничка програма „Фантастрон“ можеше да го вклучи постулатот на Театар 38, формулиран после периодот на неговите најголеми успеси, во јули 1968 година: „поблиску до животот и неговите работи – со сите можни нешта“... Речиси десет години подоцна, Пјотр Шчерски постави претстава во „Театар 38“ под знамето на „Фантастрон“ – „Hocki–klocki“*, во сопствена режија, според сопствено сценарио.

„Hocki–klocki“ е претстава со кабаресктно потекло, составена од лабаво поврзани сцени, одржани во поетиката на скечот. Студентите-актери се обидуваа да прикажат слика за полското општество кон крајот на 1970-тите користејќи кратенки и јасност на политички постер. Само општественото признание требаше да зависи од публиката. Оттука и наметливото дискредитирање на идеите кои се само вербални („украсени со креативен гнев, да ги кренеме рамената во шумата од бетонски достигнувања“), па оттука и исмејувањето на механизмите на колективното дејствување.

Изедначениот тон на претставата беше определен од доминацијата на алузии и парафрази. Вообичаените стереотипи во „Hocki–klocki“ се најдоа во верзијата што ја даваат литературата и филмот. Покрај Гомбрович и Мрожек (гротескна борба со „муви“ кои пристигнуваат преку радио бранови од светот – „Емигранти“), во оваа вреќа на традицијата се појавија Вајда и неговиот „Човек

[4] Ibidem.
[5] Ibidem, стр. 18.

од мермер“ (скица: „градиме нова куќа, ја уриваме старата“). Секако, Виспјањски беше таму, иако чочоли (chocholi)* танцот беше воден во ритамот на песната: „Лајконику лај-лај, оди низ целиот крај“... Како што е случајот во домашните расправи за романтизмот, обидот за справување со опсесиите на националната митографија беше само разоткривање на стереотипите, што публиката лесно ги прифати (ова го сведочеа гласовите во дискусиите што беа дел од претставата).

Спектаклот требаше да биде насочен против стагнацијата, носејќи стереотипна слика за општеството кое подлегнало на „универзалната неможност“ која Гомбрович толку ефикасно ја исмејуваше. Но, амбициите на „Hocki–klocki“ не ја достигнаа идејата за разоткривање на старата национална филозофија и создавање нова. Тие беа фрагменти од искривено огледало, еден вид куклен театар каде што субјективноста беше сведена на илустрирање на вонредна состојба.

Таквата ситуација беше одредена, на пример, од рамката на „надворешната“ метафора за хиерархиската структура на општеството (последователните секвенци беа одиграни на две нивоа, поврзани со мултифункционални скали). Параболата впишана во овој образец, вклучена во рудиментарната линија на заплетот на драмата, се однесуваше на лични промени на власта, без да се наруши стабилноста на целиот систем. Ова беше уште еден стереотип на сцената; „Hocki–klocki“ како да ја потврди забелешката на Станислав Осовски за универзална, дихотомна визија за општествената структура во колективната свест. Тие секако ја потврдија точноста на тезата на Ролан Барт дека е тешко да се доведе во прашање или да се критикува стереотип без да се повика на друг стереотип, дури и ако тоа е стереотип на самата иронија[6] – на крајот на краиштата, својствен на природата на „искривеното огледало“.

Трет пример: интервентна трагедија.

„Испит“ од Јан Павел Гавлик е приказна од образовната сфера за авантурите на еден млада „учителска по полски“ кој, и покрај сè, не ѝ дозволи на лошата ученичка – ќерка на истакнат локален партиски моќник – да полага матура. Драмата е поделена на два одделни дела. Во првиот, имаме приказна за тоа како би се одвивале настаните доколку уметничката конзистентност ја замени веројатноста од реалниот живот. Значи, тука е непоколебливата упорност на учителката и најавата за скандал во околината. Меѓутоа, во вториот дел, текот на настаните се враќа во рамката во согласност со вообичаеното искуство: единицата е прецртана, не се случува скандал, благородната наставничка по своја слободна волја го напушта градот, а благодарение на нејзината херојска дискреција, истакнатиот угледен моќник, прикажан како позитивна фигура, не ја дознава целата вистина.

Жонглирањето на авторот со прашалници (всушност, малку се знае за ликовите што минуваат низ сцената) може да се третира како тактичко избегнување. Стратешкото потпирање на архетипски обрасци се чини дека има слична природа: во самокоментарот тој користи големи зборови за неопходноста од избор, за многу важни морални проблеми, за безвременскиот мотив на Антигона... Веројатно има многу претерување во ова – дали е навистина можна „интервентна трагедија“?[7]

[6] Спореди R. Barthes, *Mit i znak*, Варшава, 1970.
[7] Спореди J. Błoński, *Odmarsz*, Краков, 1978, стр. 243.

Но, единствената вредност на „Испит“, кој се изведува низ цела Полска, се гледа на местата каде што разбирањето на неподготвените ликови зависи од општото познавање на актерите и публиката за секојдневниот живот на Полската Народна Република. Претставата на Едвард Лубашенко на камерната сцена на Стариот театар (1979) овие вредности ги стави во преден план, така што од сцената се покренаа прашања не за границите на компромисот, туку за границите на цинизмот. Оваа значајно поместување се случи благодарение на двајца актери: Елжбјета Каркошка како непоколебливата учителка по полски јазик и Јежи Трела како опортунистичкиот режисер.

Сличноста на двата лика беше изненадувачка, откриена сосема спротивно на намерите на драмата. Младата учителка неочекувано подлегнува на убедувањето на инспекторот и конечно ја прифаќа лагата на својата очигледна доследност. Директорот однапред знае дека случајот ќе се „сврти“ толку многу што не може да биде поинаку... И затоа во целата интрига учествува некако невнимателно, а понекогаш дури и непристрасно. Во лицето на угледни и други учители (збирка полупатолошки случаи), режисерката Трела од самиот почеток го носи горчливиот товар на побогата свест, што ја уништува целата дидактика на „Испит“. Ликот што го создава се разликува од младата полска учителка Каркошка само по предноста на искуството: таа е многу претходно, а тој, долго потоа, го набра плодот од Дрвото на спознанието на доброто и злото...

Во драмата насловена како „Хамлет 70“, Богдан Дроздовски проба поинаква интервенција: во универзалната трагедија, како што претпоставувал, вообичаена за нашето време, во која најбуквално се соочил со цитираниот Шекспир... Во една просторија ги заклучил џелатот и жртвата, заложникот и терористот. Последниот ја уценува владата на својата земја (некаде во Јужна Америка) со киднапирање на амбасадорот на една странска земја. Условите ја диктираат ситуацијата: станува збор за ослободување од затвор на другари осудени на смрт. Бидејќи владата не се согласува со предложениот ултиматум, терористот со хамлетовски став кон корумпираниот свет е принуден да го убие амбасадорот, со кого, очигледно, сочувствува. Според претпоставките на авторот, двајцата се невини, а трагичната судбина е примарниот конфликт.

Дроздовски го базира моделот на својата трагедија на два трика: едниот од нив е дека во оваа претстава всушност нема постојано поместување на перспективата од личност до личност. И двата лика се повод за извлекување на сите можни заклучоци од прикажаната ситуација. Гледната точка е надворешна, дури може да се каже епска, па гледачот го става во привилегирана позиција.

Вториот трик е да се нагласи двостепениот модел: освен насловната Шекспирова алузија, целиот текст е стилизиран на јазикот на традиционалните полски преводи на Шекспир. Покрај тоа, оваа двостепеност е интензивирана со техниката „театар во театар“, каде што заложникот и терористот го рекреираат процесот на самооткривање, сè до формулирање на фундаментални прашања за смислата на постоењето – сè под наводниците на пастиши од „Хамлет“ (покрај архаизмите, се појавуваат ниски изрази – во дијалог обликуван според правилата на високиот говор).

Јежи Красовски, одлучувајќи да го постави Дроздовски во театарот „Миниатура“ во Краков (1978), ги нагласи карактеристиките на вака опишаниот модел. Од епската природа на приказната, режисерот го изведе објективниот

принцип на постепено, психолошко зближување на двајца луѓе кои се сретнале случајно. Ова зближување подразбира дека ликовите ја откриваат сопствената сличност со односот помеѓу Клавдиј и Хамлет. Но, тоа е модифициран систем, и затоа е полесна психоаналитичката класификација: џелатот му станува син на жртвата, жртвата му станува татко на џелатот. Затоа – исто како во познатата сцена во „Пепел и дијаманти“ – амбасадорот умира во рацете на терористот.

Актерите: Анџеј Балчежак (амбасадорот) и Криштоф Једришек (борецот) добија неблагодарна задача: да оживеат навистина трагична ситуација на сцената... И сепак, мораше да пропадне обидот да се пренесе таканаречената „трагедија од животот“ (каде што сè, или речиси сè се третира сериозно) – во театарот (каде што сè, или речиси сè е конвенционално). Во „Хамлет 70“ театарот се обиде да ја премине бариерата што го одделува од животот, да создаде одредена „реалност“ пробивајќи во можностите што лежат во самата театарска уметност. Но, овој престап секогаш ќе биде привид. Традиционалниот театар може да создаде само свет во кој законите на логиката и границите на случајноста се јасно означени.

Ова правило не може да се прекрши уште повеќе со делото на Дроздовски, каде развојот на заплетот всушност одговара на доследното исполнување на најавите. Ситуациите прикажани во текстот не содржат непознати, а нема ни материјал (вербален и ситуациски) за претставување на ликовите на сцената; само Криштоф Једришек понекогаш успева да покаже човечко лице надвор од „семантичкиот шум“ (овој термин, земен од текстот на драмата, совршено ги одразува ефектите на правилата што ги користи авторот: светот е усогласен со јазикот, а не јазикот со светот). Ако „Хамлет 70“ некако се повикува на реалноста што го опкружува театарот, тоа е само повикување на пропагандна интерпретација на „позитивниот“ тероризам, односно апелирање на јасно дефинирана публика.

Четврти пример: тркалото на историјата.

Во „театарска приказна за една ноќ или три вечери“, насловена: „Низ годините, преку деновите“ (1978), компонирана од Јоана Олчак-Роникјер и режирана од дуото Анџеј Вајда – Ана Полони, направен е обид да се реконструира современата биографија на цела заедница, а исто така имало обиди да се докаже дека правилата што важат во нашата земја речиси сто години останале непроменети.

Заслугата на креаторите на претставата и одличната екипа на Стариот театар била што за време на исцрпувачкиот маратон извлекле и претставиле специфичен ритам на повторување на животот, кој постојано се раѓа преку бунт и револуција, за по некое време да се скости, на идеали оставени на Бога, Историјата или таканаречените „објективни закони“, ослободувајќи се од секојдневните одговорности и криејќи ги сите свои проблеми зад параванот на семоќна фраза. Претставата го разоткри принципот на меѓусебно ограничување на уметноста и животот, поединецот и општеството, далекусежните идеи и краткорочната адаптација...

Олчак-Роникјер, Вајда и Полони третирале фрагменти од книжевни дела од преминот на XIX кон XX век како доказ за континуитетот на одредени дилеми на полската култура, кои ги одразуваат, не нужно свесно, литературата и театарот. Затоа, дополнувањето на Балуцки или Кавецки можело да биде беспрекорен

потсетник на Виспјански и неговата визија за националните проблеми... Се покажа дека предноста на претставата е поедноставната литература, што го олеснувало комбинирањето на заплетите и ликовите во хомогена приказна секогаш за истите херои.

Хомогеноста на жанровите на употребените текстови, шематизмот на тематските и фабуларните решенија –го направи склопувањето на целата работа многу поефикасно, и покрај почетните стравувања дека претставата ќе се распадне на фрагменти, цитати и литературни алузии. Сепак, вистинската динамика ја вовеле внатрешните сили на фрагментираните драмски структури, кога граѓанската дневна соба станала кафана, уметнички таван и обратно, во согласност со сценографскиот концепт на Кристина Захватович и Казимијеж Вишњак. Хероите од обединетите дела на Кјешлевски, Запољска, Струга, Дабровска и Каден-Бандровски премногу лесно се сумираат во една чудна, никогаш ненапишана сага за две сродни семејства: семејствата Хомињски и Дулски.

Во овој свет реконструиран по аналогија, кој е подеднакво воден од принципите на панорамската епика и законите за „ажурирање“ на театарот, се променила само дистанцата на презентацијата: поголема во случајот со „Отворањето на куќата“ на Балуцки, помала во случајот со „Карикатури“ на Кјешловски. Претставата не беше само збирка цитати од драмска или драматизирана литература, претставени по историски и социолошки клуч, туку и, можеби пред сè, збирка референци за денешното време. Создавачите на спектаклот свесно ја искористија конвенцијата на општествените средби на жителите на Краков, кои, „оградувајќи ги стереотипите“ во меѓусебното препознавање на два света: сцената и публиката, ги прилагодија целосно современите контексти на биографиите на своите предци од крајот на векот.

Клучот за генерализации беа идентификациските слогани: Ана Полони како Дулска! Јежи Штур како Фикалски! Јан Новицки како хусар во мала епизода (особено за премиерната публика), Јулиуш Грабовски со зачинета – менлива брада е Балуцки, Тадеуш Малак е Бој-Желенски... И пред сè – кулите на црквата „Света Марија“ и звуците на ѕвоната, сè уште живата топографија на Стариот Краков, иако со одредени измени (преселени во Дебники повеќе не делуваат како срам).

Ефектот беше спротивен од она што беше замислено – не завршо со „повикување на духовите од минатото“ и со дистанцирање од старите, незаборавни настани. Времето остана херој на целиот спектакл, означувајќи ја аналогијата „помеѓу старата и новата година“. Секој дел завршуваше со „жива слика“, предизвикана од светлината од затемнетата сцена: семејствата Хомињски и Дулски позираа за следната генерациска фотографија. Времето на градската сага беше за момент прекинато, генерациите стоеја од двете страни на рампата. Публиката беше убедена дека помеѓу fin de siècle од пред сто години и сегашноста нема толку големи разлики во човечката структура, иако општествените структури претрпеле далекусежни трансформации.

Специфичен, ироничен коментар за „кругот на историјата“ претставен на овој начин беше многу поскромната премиера во театарот „Минијатура“ една година подоцна: „Кралот IV“ од Станислав Гроховјак, во режија на Збигњев Вилкоњски. Тука конфликтите беа многу политературни и се одвиваа во светот на социјалната апстракција. Овој пат, животот требаше да ги имитира темите на

Шекспир: заплетот за крунисувањето „стана целосно бирократски“, а театарот „Под Земјината Топка“ беше трансформиран во удобен хотел, место за еротски шеговити местенки на политичките емигранти. И обратно – цитатите од „Хамлет“ и референците за „Кордијан“ ја дискредитираа костимографијата, која сценографката Гражина Жубровска од ентериерот на една провинциска канцеларија ја пренесе во алузивната средина на модерното скеле – знаци на постојана реконструкција.

„Историските“ проблеми на моќта и одговорноста беа расфрлани во „театарот на животот“, меѓу ситниците од секојдневниот живот, ситните невистини и пакостите. Точно е дека Фортинбрасовата облека необично потсетувала на облеката на царевите, но не од познавањето на механизмот на историјата, туку од набљудувањето на реалноста на Полската Народна Република, добра идеја (иако воопшто не е нова во кратката театарска традиција на оваа драма) произлезе од доверувањето на улогите на заговорниците на имитатори од кругот на кралскиот совет. Јожеф Харашјевич, кралскиот премиер, е исто така претседател на заговорот; Карол Подгурски некогаш ја играше улогата на министер за внатрешни работи, а еднаш улогата на Атентатор, како од раниот Мрожек; Стефан Мјењицки е и послушник на законските власти и антивладин заговорник.

Но, во одреден момент отпорот на претставата кон претпоставената интерпретација стана очигледен. „Финалето или одењето во кланица“ – како што Гроховњак ја нарече последната сцена – повеќе не може да биде едноставно лансирање на уште една театарска конвенција. А во „Минијатура“, нападот, очигледно спротивно на авторот, се покажа како глупост не само на заговорниците, туку и на кралот (Маријан Цебулски), а очигледната „револуција“ на едно речиси нереално општество, во беспомошен гест, фрли грст ѓубре кон владетелот...

Овој пат, историските аналогии се заглавија во стапицата на безбедните генерализации. Сè на сè, оваа претстава откри само полувистина: покажа дека има нешто смешно во секоја суровост, но не успеа да убеди, како што сакаше Гроховјак, дека во секоја смешност постојат елементи на суровост... Театралноста на животот и виталноста на театарот се, всушност, две лица на истата оваа мистификација.

* Често се вели дека театарот е модел на светот во кој мора да функционира. Но, односите кон „надворешната“ реалност во театарот одат подалеку од прашањата на уметничката фикција. Поради специфичноста на неговото функционирање, театарот не треба да биде само миметичка уметност, насочена кон репродукција на светот – што би резултирало со пристрасност или, во најдобар случај, илустративност. Наместо тоа, треба да зборуваме за „контекстуална“ уметност, односно уметност што стекнува специфични општествени значења благодарение на карактеристичната насока на рецепцијата од страна на публиката, која ја поврзува театарската визија со сопствената визија за светот. За театарскиот гледач, разбирањето значи дешифрирање на значењето на постапките на актерот, режисерот или сценографот, не толку во согласност со внатрешната логика на претставата, колку во согласност со сопствената слика за реалноста.

Теоретичарите се прашуваат дали театарскиот спектакл е збир од значења донесени од неговите творци и од публиката, или е тоа заеднички дел од оваа семантичка конфронтација. Оваа втора позиција овозможува когнитивната функција на театарот да се разбере на динамичен начин: секоја театарска секвенца точно значи дека укажува на променливите односи меѓу конвенциите на театарот и животот. Функционирањето на театарот: уметноста на конвенциите зависи и од промените што се случуваат во културната и општествената свест на публиката.

Начинот да се „освои“ театарот или да се направи поверодостоен би бил да се привлече публиката со специфични обрасци или стереотипи на рецепција. Ова психолошко својство е основа на театарот, кој го применува принципот на откривање на визија за светот скриена во колективната свест. Бидејќи луѓето ионака го гледаат она што очекуваат да го видат, не вреди ли – во име на популарноста – да им се олесни исполнувањето на овие очекувања?

_____

Белешки од преведувачката Кровицка:

* ”Szłość samojedna“ („Išlost samojedna“ – неологизмот го преведе преведувачката за да се приближи/прилагоди неговото значење на српски јазик); „szłość“ (išlost) е хумористичен неологизам создаден од екипата на театарот „Pleonazmus“. „Szłość“ (išlost) е именка формирана од формата на глаголот „iść“ (да се оди) – во трето лице во минато време е: „szła“ (išla). Станува збор за движење, движење низ просторот. „Samojedna“, пак, е придавка, што укажува на движење на неколку актери одеднаш, поврзани едни со други, создавајќи еден вид сплет од тела, кои се движат по сцената. Овој виор се движи „сам по себе“, создавајќи го ова „единство“. Овој вид тимска игра беше откритие на „Pleonazmus“, издвојувајќи го од другите екипи од тие години.

* ”Hocki-klocki“ – нешто тривијално, мало, од мало значење.

* *chocholi* танц – *Chochoł (Malč)* – фантастичен лик (драмска личност) кој се појавува во претставата Весела од Станислав Виспјањски. Малч е сламена структура поставена преку чувствителни растенија во зима за да ги заштити од студот. Овој лик првпат се појавува во претставата „Исију“, кој го брка. Ранувањето на Chochoł (според народното верување) се поврзувало со опасноста суштеството да почне да си игра. Во „Свадбата“, една таква шега е кога Chochoł фрла магија врз гостите кои се забавувале. Во последната сцена од претставата, Chochoł ги носи сватовите (чекајќи Вернихор* да пристигне и да започне востание) во поспан транс што го оневозможува преземањето каква било акција.
Ликот има многу симболични значења:
некроза – симбол на погубна традиција,
симбол на модерна вегетација,
симбол на идеја одложена за иднината.
Во својата најпопуларна драма „Чевларите“, Виткачи се осврнува на Чохол Виспјањски, претставувајќи го во третиот чин од драмата, пародирајќи ја на свој начин „Свадбата“ (Извор: Википедија. Сопствен превод).

* Vernihora (украински: Вернигор, полски: Waligóra, веројатно неговото име било Мосиј, т.е. Mojcej) – старец што талка, легендарен поет-пророк и козачки лирист* од 18 век. Во еден од полските национални митови, тој се појавува како фигура која ја предвидува судбината на Република Полска. Меѓу истражувачите не постои сигурност дали станува збор за автентична фигура. Можеби Вернихор бил лик создаден од народна легенда. Јоаким Лелевелин ги запишал пророштвата на Вернихор околу 1830 година. Јан Матејко го овековечил на слика (Извор: Википедија. Сопствен превод).

* Лирист – музичар кој свири на лира. Од 15 век терминот се користи првенствено како назив за украинските талкачки народни пејачи и белоруските пејачи од 17 век (понекогаш наречени Џади) кои свиреле на хурди-гурди или бандура (Извор: Википедија. Сопствен превод).

Кшиштоф Плешњарович (Krzysztof Pleśniarowicz) е театарски теоретичат и историчар, професор на Јагелонскиот универзитет каде ја води Катедрата за современа култура. Помеѓу 1994 и 2000 година бил директор на "Cricoteka" – Центар за документација на театарската уметност на Тадеуш Кантор. Автор, коавтор и уредник е на 21 книга од областа на историјата и теоријата на театарот и книжевноста. Ја издал збирката со писма од Кантор во Полска и Романија. Негови монографии за Тадеуш Кантор објавени се во Унгарија и Велика Британија.

Превод од полски на српски јазик:
Олга Лалиќ-Кровицка
Translation from Polish into Serbian:
Olga Lalić-Krowicka

Превод од српски на македонски јазик:
Весна Мундишевска-Велјановска
Translation from Serbian into Macedonian:
Vesna Mundishevska-Veljanovska



Љубица Мешкова Солак – Ljubica Meshkova Solak
„AlaPrima“, микс медиа, 2025
“AlaPrima”, mix media, 2025

АКЦЕНТИ

Accents


МАКЕДОНСКО НАУЧНО ДРУШТВО
БИТОЛА



ВТОРА МЕЃУНАРОДНА МАНИФЕСТАЦИЈА „КНИЖЕВНИ ВЕРТИКАЛИ“ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА МНД – БИТОЛА

УДК 82:7.079 (497.784)"2026"

Отворањето на второто издание на книжевниот фестивал „Книжевни вертикали“ во организација на Македонско научно друштво – Битола, друштво со 66-годишна традиција во поврзувањето на науката, уметноста и културата, започна на 18 август 2026 година со свеченото обраќање на претседателката на Друштвото, проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска, која истакна дека „фестивалот е замислен како простор за афирмација на современата македонска и светска книжевност, за развој на читателската култура и книжевната критика, но и како место за непосреден дијалог меѓу авторите, младите творци, академската и културната јавност“. Збор зеде и градоначалникот на Општина Битола, Тони Коњановски, кој го поздрави фестивалот и зборуваше за значењето на Битфест за Битола како и за улогата на книжевноста во развојот на културната свест кај граѓаните. Во првиот дел од вечерта беа книжевно претставени поетите Лулзим Тафа од Косово, Димитрис П. Краниотис од Грција, Калина Изабела Зјола од Полска и Арјан Т. Калчо од Албанија, а потоа настапија македонските поети: Даниела Андоновска-Трајковска, Оливера Андоноска, Лили Бошевска, Милица Димитријовска-Радевска, Петре Димовски, Златко Жоглев, Никола Илијовски, Елизабета Јончиќ, Весна Мундишевска-Велјановска, Зоран Пејковски, Михајло Свидерски, Габриела Стојаноска и Мирјана Стојановска. Настанот го модерираше проф. д-р Билјана Граматковски, а свој музички настап на пијано имаше Злата Даниловска.







Вториот ден (19.8.2026) започна со креативните поетски работилници во движење кои се реализираа во Хераклеја, преку Широк сокак, Црквата „Св. Димитрија", па сè до Стара чаршија.



Учесниците беа запознати со културните знаменитости на Битола од страна на м-р Стефан Караџовски, историчар и м-р Александар Гулевски, историчар на уметност, а сето тоа послужи како инспирација за создавање нови песни за Битола кои ќе бидат објавени во посебно издание на Македонско научно друштво – Битола, а дел од нив беа вклучени во поетската инсталација предвидена за третиот ден од фестивалот.

На 19.8.2026 г. во попладневните часови во просториите на Македонското научно друштво – Битола, беше промовиран најновиот број 18 од списанието за култура – литература, драмска уметност, филм и издаваштво „Современи дијалози“ од уредниците на списанието Весна Мундишевска-Велјановска и проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска. Беше реализирана и тркалезна маса на тема „Вештачката интелигенција и книжевноста – предизвици и перспективи“ модерирана од проф. д-р Златко Жоглев на која учество зедоа поетите кои учествуваат на фестивалот, членовите на МНД, но и други заинтересирани граѓани. На тркалезната маса беше отворена дискусија за влијанието на ВИ врз современото книжевно творештво. Беа разгледани можностите за користење на ВИ како помошна алатка, но и прашањата поврзани со авторството, оригиналноста, интелектуалната сопственост и етичката транспарентност. Посебно внимание беше посветено на можностите што ги нуди ВИ за развој на нови книжевни форми и поголема достапност на творештвото. Заклучокот беше дека ВИ не треба да се гледа ниту како закана, ниту како замена за авторот, туку како алатка чија вредност зависи од начинот на кој се користи, при што човечката креативност и искуство остануваат во центарот на книжевноста.





„... во кругот на гергефот можат да се сретнат традицијата и современоста, раката и мислата, минатото и иднината, личното и колективното, уметноста и секојдневието. Тоа што изгледа како едноставна рачна техника може да стане начин на раскажување. Везот не се чита само со зборови, туку и со боја, форма, бод и симбол... кога нишките ќе ги ставиме една до друга, кога ќе ги протнеме низ истото платно, токму тогаш тие раскажуваат приказна и така конецот станува збор“ – вака започна поетското кафе во кафе-бар „Пионерски дом“ на 20 август, како дел од инспиративното предавање на проф. д-р Биљана Цветкова-Димов за значењето на везот од културолошки, социолошки, уметнички, историски, но и книжевен аспект. Поетите везеа и со конци и со зборови. Водени од вештата рака на Живка Танушевска-Ицаноска, наставничка од текстилната струка при СОУ „Таки Даскало“ – Битола, тие создадоа вез со логото на „Книжевни вертикали“, а потоа со своерачен потпис на платното го овековечија својот влог во создавањето трајни поетски пријателства.





Исто така, рачно ги испишаа своите стихови за Битола врз посебно изработена рециклирана хартија од учениците од графичката струка на СОУ „Таки Даскало“ – Битола под менторство на наставничките по графички стручни предмети Валентина Ристеска и Весна Мундишевска-Велјановска. Поетските автографи станаа дел од поетската инсталација која ќе биде трајна поставка во просториите на Македонско научно друштво – Битола. Поетите најдоа инспирација и во изложените ликовни дела во Галерија и музеј „Ранко Струмениковски“, дел од изложбата „ТОПОС“ на современа полска графика каде беа топло пречекани од д-р Драган Ристевски. Фотографиите од манифестацијата се во авторство на Ивана Христова.





АКТИВНОСТИ НА МАКЕДОНСКО НАУЧНО ДРУШТВО – БИТОЛА

УДК 061.2(497.784)



КНИЖЕВНА СРЕДБА СО ПОЗНАТИОТ ФРАНЦУСКИ ПИСАТЕЛ ЖОЕЛ ВЕРНЕ

Во организација на МНД, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола и Француска алијанса – Битола, на 4 февруари 2026 година во Студентски информативен центар при УКЛО се одржа книжевна средба со наслов „Поезија без граници“ со познатиот француски писател Жоел Верне. На настанот учествуваа проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска, универзитетска професорка, поетеса и претседателка на МНД – Битола, проф. д-р Зоран Николовски, универзитетски професор на УКЛО, Калиопа Кривашија-Стилиновиќ, почесен конзул на Република Франција како и ученици од Француска алијанса – Битола предводени од директорката Каролина Потел Златевска. „Оваа книжевна средба е посветена на моќта на зборот – збор што патува меѓу два јазика, францускиот и македонскиот, и притоа ги премостува културите, искуствата и тишините меѓу луѓето. Тука сме за да го доживееме јазикот на поезијата, а со тоа да навлеземе во длабочините на човечката душа, да го напипаме тоа што е заедничко, човечко и хумано, без оглед на јазикот на кој тоа е изговорено“ – рече проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска на почетокот. На настанот на беше промовирано и специјалното издание на реномираното француско списание Rumeurs „Voix des Balkans” https://www.larumeurlibre.fr/catalogue/collections_la_rumeur_libre/revue_rumeurs/revue_rumeurs_n_14_15_juin_2025_rumeurs_revue_actualite_des_ecritures) од 2025 година во кое се објавени шест значајни македонски поети, и тоа: Даниела Андоновска-Трајковска, Лидија Димковска, Лилјана Дирјан, Јовица Ивановски, Владимир Мартиновски и Борче Панов преку читање на поезија и на македонски и на француски. „Овој број на списанието Rumeurs на некој начин претставува антологија на современата балканска поезија, бидејќи во него на околу 300 страници се застапени репрезентативни и реномирани поети од Македонија, Албанија, Србија, Косово, Босна и Херцеговина, Хрватска, Црна Гора и Словенија. Подготовката на ова издание траеше три години, така што во тој временски период успеав да сретнам извонредни поети кои воодушевуваат со силата на зборот што провоцира на размисла и предизвикува интензивна емоција... Во Битола доаѓам повеќепати и тоа речиси секоја година почнувајќи од 2021 година кога бев учесник на Струшки вечери на поезијата и можам слободно да речам дека добро ја познавам. А тоа што особено ме воодушевува се луѓето, пријателите кои тука ги стекнав, но и старата архитектура, црквите, малечките улички, Стара чаршија, Широк сокак и сè што го носи печатот на своето време“. Настанот заврши со поезија од Жоел Верне која тој ја нарече легната поезија која не дозволува да биде скршена на стихови, поезија која има приказна, а сепак е песна.



ТРИБИНА „ЕНЕРГЕТСКА ЕВОЛУЦИЈА: РЕШЕНИЈА ЗА ДЕНЕС, ВИЗИЈА ЗА УТРЕ“

На 12 март 2026 година во организација на МНД, во НУУБ „Св. Климент Охридски“ се одржа трибината со наслов „Енергетска еволуција: решенија за денес, визија за утре“. Свои презентации на трибината имаа: проф. д-р Наташа Мојсоска од Технички факултет – Битола, директорката на Регионалниот центар „Ѓорѓи Наумов“, д-р Жанета Сервини, советничката за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија во Општина Битола, м-р Емилија Сарафска, како и двајца апсолвенти на Техничкиот факултет – Борис Гушевски и Меланија Илова.



Секој од говорниците од свој аспект ги објасни придобивките од веќе реализираните проекти за енергетска ефикасност и поставените фотонапонски електрични централи, како и идните планови и можности на територијата на Општина Битола. Покрај присутните гости од областа на образованието, РЕК Битола и истакнати членови на МНД, особено значајно беше присуството на голем број млади лица чие образование е поврзано со енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија кои имаа проактивно учество на трибината и покажаа огромен интерес за темите кои беа дел од трибината. Трибината беше дел од годишните настани на Одделението за технички науки, а се одржа по повод 5 Март, Светскиот ден на енергетската ефикасност.

РАБОТИЛНИЦА „ЕКО-АМБАЛАЖА“ ПО ПОВОД СВЕТСКИОТ ДЕН НА ЕКОЛОГИЈАТА



На 18.3.2026 г. во графичкиот кабинет на СОУ „Таки Даскало“ – Битола, се одржа работилница „Еко-амбалажа“ во организација на МНД во соработка со СОУ „Таки Даскало“, по повод 21 Март – Денот на екологијата. Учествуваа триесетина ученици од сите средни училишта во Битола. Носител на активноста беше Весна Мундишевска-Велјановска, во соработка со Снежана Паскова, Катерина Спасовска-Маурдева и Валентина Ристеска, наставници по графички стручни предмети. Целта на работилницата беше истакнување на важноста на примената на еколошката амбалажа, издигнување на свесноста за намалување на отпадот и заштита на околината, применување на принципот на одржливост на животниот циклус на амбалажата и изградување на навики за реискористување на амбалажата. Најпрво беше изработена мисловна мапа „Амбалажа – Екологија – Еко-амбалажа“, а потоа беа изведени две вежби за видови амбалажа според материјалот од којшто е изработена. Потоа, Весна Мундишевска-Велјановска

имаше презентација за поимот „реискористување на амбалажата“, за најчесто реискористуваните амбалажни производи, за предностите и недостатоците на реискористувањето на амблажата, како и за можностите за реискористување на амблажата преку креативни примери од практиката.

Во практичниот дел на работилницата, под менторство на одговорните наставници, учесниците изработија нови уникатни и интересни амбалажни производи со реупотреба на хартија од весници и списанија, картонски цевки, картонски кутии, стаклени садови, картонски корици од тетратки и сл. Беа изработени пликови, ќеси, плик-ќеси, едноделни сложливи кутии со капак, држачи за моливи, рамки за слики и сл. Палетата на изработките ја отслика едноставноста, достапноста, економичноста, креативноста, практичноста и еколошката прифатливост на еко-амбалажата. На крајот на работилницата, низ тимска работа, беше реализирана креативна вежба за значењето на реискористувањето на амбалажата за намалувањето на количината на отпад, намалувањето на трошоците на компаниите за ново производство и заштитата на животната средина, како важен чекор кон одржлив развој и зачувување на природните ресурси за идните генерации.



ИНТЕРАКТИВНА РАБОТИЛНИЦА: „ОТКРИЈ ГИ ФРАНЦУСКИТЕ ЗБОРОВИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК!“



На 24 март 2026 година, на Педагошкиот факултет во Битола, Македонското научно друштво – Битола, во соработка со Педагошки факултет – Битола, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола и Европската универзитетска алијанса КОЛОРС реализираше образовна работилница на тема „Француските зборови (галицизми) во македонскиот јазик“. На работилницата беше нагласено значајното влијание на францускиот јазик врз македонскиот, особено преку присуството и употребата на галицизмите. Работилницата ја водеше проф. д-р Зоран Николовски, кој на студентите им понуди динамичен и интерактивен увид во зборови од француско потекло што го збогатуваат македонскиот јазик. Притоа, беа разгледани нивните значења, етимологија и употреба во различни сфери – од мода и политика до култура и спорт. Настанот го отвори проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска, претседателка на МНД, а свое обраќање имаа и проф. д-р Рената Петровска-Нечковска, академска раководителка на КОЛОРС и Калиопа Кривашија-Стилиновиќ, почесен конзул на Република Франција.

Настанот кој е во чест на одбележување на Денот на франкофонијата, покрај својата едукативна вредност, послужи и како потсетник за богатата јазична и културна размена, како и за поврзаноста меѓу македонската и француската културна традиција.

„ТЕКСТУРИ НА ПОСТОЈБАТА“ – НОВА КНИГА СО КНИЖЕВНА КРИТИКА НА ВЕСНА МУНДИШЕВСКА-ВЕЉАНОВСКА



Македонското научно друштво – Битола ја издаде книгата со книжевна критика „Текстури на постојбата“ на писателката Весна Мундишевска-Вељановска. Издавањето на книгата е поддржано од Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија. Рецензент на книгата е проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска, која меѓу другото истакнува: „Мундишевска-Вељановска е во постојана потрага по нови форми, значења, визури, прекршувања на мислата и перспективи на гледање. Нејзината перцепција на објективната и идеолошката стварност е во симбиоза со острата и прониклива перцепција на светот на фикцијата и на поезијата. Просто, воодушевува нејзината способност со ласерска прецизност и точност да погледне во телото на книжевниот текст, да го разглоби на неговите составни елементи, да го анализира секој елемент посебно од различна перспектива, но и од надвор и од внатре, а потоа да ги утврди релациите меѓу тие елементи, нивната функционалност и законитостите поради кои се остварува дискурсот.“ Дизајнот на корицата е на Ангел Вељановски, а автор на илустрациите во книгата и на корицата е ликовната уметница Љубица Мешкова Солак.



МНД ЈА ОБЈАВИ КНИГАТА „МОНОЛОГ НА ПИРЕЈОТ“ ОД ПИСАТЕЛКАТА ЉУБИНКА ДОНЕВА

Деновиве, во издание на МНД, од печат излезе книгата поезија „Монолог на пиреј от“ од писателката Љубинка Донева. Рецензенти на книгата се проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска и Весна Мундишевска-Вељановска која ги изработи и дизајнот на корицата и графичкото уредување на книгата. „Во книгата поезија „Монолог на пиреј от“ на писателката Љубинка Донева, пиреј от е предлошката во чија интертекстуалност впечатлив е преплетот на пиреј от со корените на другите стебленки од оваа книга, кои истовремено се издвојуваат и како специфична посебност со своја непобитна вредност и сите заедно во прекрасна лирична севкупност. Овој поетски монолог на Љубинка Донева зачнат во нејзините разговори со себеси, примарно вплетен во композицијата на песните, го допира срцето на секој читател така што од секој стих витално вреат откорнатиците од душата на авторката како лечебна молитва и завет за достој чиј ек е дожег за секој родољуб, длабоко емоционален и трогателен ек што ќе одекнува низ етерот на татковината, но и многу подалеку – до недосег“ – истакнува во рецензијата Весна Мундишевска-Вељановска.

ПРОМОЦИЈА НА КНИГАТА „ОНА ШТО СЕ ПАМЕТИ ЖИВЕЕ“

На 6 април 2026 година во НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола се одржа промоција на книгата „Она што се памети живее“ во организација на МНД и Друштвото на писатели на Македонија (ДПМ). Книгата, издание на ДПМ, содржи сеќавања од современи книжевници за значајни починати писатели, а

пред многубројната публика писателите Петар Андоновски, Милица Димитријовска-Радевска, Елизабета Јончиќ, Ирена Јурчева, Фросина Пармаковска и Добре Тодоровски споделија сеќавања за Драги Михајловски, Владимир Костов, Радован П. Цветковски, Панде Манојлов, Никола Кочовски и Лилјана Дирјан. Разговорот кој се одвиваше во пријатна и пријателска атмосфера со учество и на публиката го модерираа Живко Грозданоски, претседател на ДПМ и Даниела Андоновска-Трајковска, претседателка на МНД.





ПРОМОЦИЈА НА АНГЛИСКОТО ИЗДАНИЕ НА РОМАНОТ „ТРИ МАРИИ“ ОД ОЛИВЕРА ЌОРВЕЗИРОСКА

На 4 мај 2026, во просториите на Педагошки факултет – Битола, се одржа промоција на англискиот превод на романот „Три Марии“ од авторката Оливера Ќорвезироска. Организатор на настанот беше Педагошкиот факултет – Битола, додека како коорганизатори се јавуваат издавачката куќа „Арс Ламина“ и Македонското научно друштво – Битола. Преводот е изработен од студенти од насоката Англиски јазик и книжевност – Стефани Ралоска, Стефани Лингуровска, Михаела Апостолоска, Катерина Станојоска, Ивана Начоска, Надица Николоска Филипоски и Мане Николоски под менторство на проф. д-р Силвана Нешковска. Станува збор за четврт ваков проект реализиран на Факултетот во последните неколку години, а воедно и прв англиски превод на ова дело. Како што беше нагласено, студентите го избрале романот веднаш по неговото објавување, кога ја добил Рациновата награда за 2025 година без да претпостават дека наскоро ќе ги освои и признанијата „Стале Попов“ и „Роман на годината за 2025“, како и дека авторката ќе биде прогласена за „Автор на годината“.



На промоцијата присуствуваше и авторката Оливера Ќорвезироска која го поздрави ангажманот на студентите и ја истакна нивната посветеност кон книжевноста и преведувањето. Со поддршка за проектот се обрати и Бранка Бугариска, извршен директор на „Арс Ламина“ која во соработка со Педагошкиот факултет – Битола го објави преводот. Свој осврт даде и Амбер Ширдаун, Фулбрајтов стипендист и асистент по англиски јазик на факултетот која истакна дека преку романот се запознала со македонските обичаи и традиции, нагласувајќи дека преводот успешно ја доближува содржината до англиското говорно подрачје. Студентите-учесници посочија дека проектот им овозможил да стекнат значајно практично искуство, како во преведувањето, така и во тимската

работа и соработката. Настанот заврши со лотарија, при што двајца присутни добија примероци од оригиналното и од преведеното издание на романот „Три Марии“.





ПРОФЕСОРИ ОД ШУМЕНСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ „ЕПИСКОП КОНСТАНТИН ПРЕСЛАВСКИ“ ВО ПОСЕТА НА МНД

Во рамките на програмата Erasmus+, во периодот од 11 до 15 мај 2026 година, проф. д-р Снежанка Добрева Георгиева од Катедрата „Педагогика и управление на образованието“ и проф. д-р Керанка Георгиева Велчева од Катедрата за технолошко образование, претприемништво и визуелни уметности при Шуменскиот универзитет „Епископ Константин Преславски“ реализираа академска мобилност за настава на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола на Педагошкиот факултет – Битола. За време на престојот, професорките остварија работни средби со професорите д-р Билјана Цветкова Димов, д-р Даниела Андоновска-Трајковска, д-р Татјана Атанасоска и д-р Деан Илиев и одржаа предавања и академски активности со студентите, со цел размена на искуства, добри практики и унапредување на меѓународната академска соработка. Дополнително, за време на нивниот престој, професорките го посетија и МНД, каде што беа запознати со неговата работа, научно-истражувачките активности и долгогодишната улога во развојот на науката и образованието по што следуваа разговори за воспоставување идна соработка со МНД. Овие активности претставуваат придонес кон меѓународната академска соработка, размената на знаења и искуства, како и создавањето нови можности за заеднички образовни и научно-истражувачки иницијативи.





ПРОМОЦИЈА НА НОВА КНИГА ОД ПРОФ. Д-Р МЕНДЕ СОЛУНЧЕВСКИ, ВО ИЗДАНИЕ НА МНД

На 6 јуни 2026 година во 18 ч. во Народен театар – Битола се одржа промоција на книгата „Учеството на воените старешини и војници од Битола и битолско во војната во 2001 година во Република Македонија“ од проф. д-р Менде Солунчевски. Книгата е во издаваштво на Македонско научно друштво – Битола, а ја промовираше проф. д-р Методија Дојчиновски.



МНД УЧЕСТВУВАШЕ НА ТРКАЛЕЗНА МАСА
„ЕВРОПСКАТА ДИПЛОМА ПРЕКУ ЗАЕДНИЧКИ ДИПЛОМИ – ПОЧНУВА ДОМА“

Македонското научно друштво учествуваше на тркалезната маса „Европската диплома преку заеднички дипломи – почнува дома“, која се одржа на 5 јуни 2026 година во организација на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола (УКЛО), во рамките на Европската универзитетска алијанса COLOURS. Настанот обедини претставници на европски институции, национални тела за високо образование, универзитети и универзитетски алијанси од Македонија и Европа, со цел размена на искуства и препораки за развој на заеднички студиски програми и Европската диплома. Во име на МНД и асоцираните партнери на Алијансата COLOURS – Хидробиолошкиот завод Охрид и Нова Солушнс Битола – се обрати претседателката на Друштвото, проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска. Таа истакна дека МНД, како едно од најстарите независни научни здруженија во државата со повеќедеценциска традиција во научноистражувачката дејност, ја поддржува иницијативата за Европска диплома и развојот на заеднички студиски програми како можност за создавање поотворен, пофлексибилен и поинклузивен европски образовен простор. Во своето обраќање, Андоновска-Трајковска нагласи дека универзитетот на иднината треба активно да ги вклучува научните друштва, истражувачките организации, индустријата, јавните институции и граѓанскиот сектор во процесите на учење, истражување и иновации. Таа посочи дека МНД располага со значајни научни, образовни и инфраструктурни ресурси кои можат да придонесат во развојот на микро-квалификации, интердисциплинарни семинари, програми за учење базирано на предизвици, како и во обезбедување менторство, истражувачки ресурси и експертска поддршка за студентите и партнерите во рамките на Алијансата COLOURS. Притоа беше истакната и улогата на Друштвото како долгогодишен промотор на научната мисла преку издавањето на научното списание „Прилози“, меѓународното списание „Современи дијалози“ и бројни научни публикации, како и преку работата на неговите специјализирани центри. На крајот од своето обраќање, претседателката на МНД порача дека Европската диплома не е само прашање на усогласување на квалификациите, туку претставува можност за создавање нови простори за учење, иновации и соработка, при што Друштвото е подготвено да ги стави на располагање својата експертиза, ресурси, инфраструктура и академски мрежи во поддршка на заедничката европска визија.

Со своето учество на овој значаен настан, МНД уште еднаш ја потврди својата посветеност кон унапредувањето на научната и академската соработка и активното вклучување во европските образовни и истражувачки процеси.





Недељко Симаниќ (Црна Гора) – Nedeljko Simanić (Montenegro)

ПАРАЛЕЛИ

Parallels


МАКЕДОНСКО НАУЧНО ДРУШТВО
БИТОЛА

Ахлам Ал-Кахтани (Саудиска Арабија) – Ahlam Al-Qahtani (Saudi Arabia)

Ахлам Ал-Кахтани е саудиска поетеса и вонредна професорка по литература и книжевна критика на Универзитетот „Принцеза Нура“. Има објавено четири поетски збирки и две книги со книжевно-критички осврти. Нејзиното поетско творештво било предмет на бројни критички и академски истражувања. Д-р Ал-Кахтани е застапена во неколку локални арапски енциклопедии и е добитничка на повеќе поетски награди.

УДК 821.411.21-1(532)

НОСТАЛГИЈА ВО ТРЕПКИТЕ НА ОБЛАКОТ

Ја врежав твојата љубов
на градите на една sвезда,
а поезијата си ја украсив
со емотивен восхит,
со душата на имагинацијата,
сликовити блесоци.
Сигурна бев дека
моите букви ќе ги осветлат
немирот на ноќите
и сè поголемата темнина!
Во попладневниот одмор,
јас и моите пулсирачки букви бевме,
додека мојата носталгија со вкус на мед
се прилепи за
трепките на облакот.
Дали се тоа твои бранови?!
Или твои златни песоци?
Твои утра?
Или твои романтични ноќи?
Дали е тоа сенка на утрото?
И копнеж на вечерта?
Дали е тоа лето на љубовта?
И екстаза на зимата?
Или стрелата на овоштарникот
ми го прободела срцето?
Твоето сонце ги вкусува утрата,
бојата на пеперутките,
прегрнати од топлина,
песната меѓу сенките,
и ритамот на една мелодија!
Дојдете, затреперете со сето зеленило,
исполнете ми го срцето
со небесно сведоштво,
оживејте ја мојата поезија
со инспирација донесена од ветрот.
Ве сакам кога небото одекнува,

љубовта на оние облаци рика,
магијата се излева врз земјата
со милостиви капки!
Кога твојот хоризонт пресушува,
а вселената го извлекува својот песочен меч,
љубовникот дреме
при видението на палмите;
Создавајќи го својот сон!
А кога ушите ми се насладуваат,
во најчистата Земја,
со рецитили од Куранот!
Ти се приближив,
ја скрив сета своја меланхолија,
за да ти подарам љубов, татковино моја.
Во едни насмеани недра.
Во едни насмеани недра.

Надја Хавандана предава англиска книжевност на Универзитетот „Ум Ал-Кура“ и е овластена книжевна преведувачка при Комисијата за литература, издаваштво и превод. Во текот на повеќе од дваесет и пет години, г-ѓа Хавандана реализирала бројни самостојни и заеднички преводи од саудиската, заливската и светската книжевност, опфаќајќи ги речиси сите книжевни жанрови – вклучително и проза и поезија (класична и традиционална набати-поезија), при што дел од преводите се од англиски и германски на арапски, а голем дел од арапски на англиски јазик.

Препев од арапски на англиски јазик:
Надја Хавандана
Translation from Arabic into English:
Nadia Khawandanah

Препев од англиски на македонски јазик:
Силвана Нешковска
Translation from English into Macedonian:
Silvana Neshkovska

Абдулах Ал-Сајхан (Саудиска Арабија) – Abdullah AlSaykhan (Saudi Arabia)

Абдулах Ал-Сајхан е еден од најпочитуваните саудиски поети и уредници. Бил секретар, а подоцна и главен и одговорен уредник на списанието Ал-Јамама (Al-Yamamah), како и главен и одговорен уредник на списанието Ал-Тубад (Al-Toubad), кое го издава Саудиското здружение за култура и уметност. Бил и заменик главен и одговорен уредник на весникот Оказ Okaz), а во моментов го надгледува уредничкото работење на списанието Ал-Јамама.

Има објавено три збирки поезија, а во моментов ја подготвува својата четврта збирка. Во 2013 година ја добил Наградата „Мохамед Хасан Авад“ за креативност (Mohammed Hassan Awwad Prize). Неговата поезија е преведена на англиски јазик во рамките на проектот PROTA за преведување современа арапска литература, заедничка иницијатива на Универзитетот „Крал Сауд“ и Универзитетот во Чикаго.

УДК 821.411.21-1(532)

ПЕПЕРУТКА

Овде... каде што никаква магија не се открива освен нејзината.
Овде е, тогаш, моето срце,
каде што принцезата клечи потпрена на лактите,
вдишувајќи го мирисот на темјанушки...
а ноќта ги пушта своите пеперутки да треперат околу нејзините раце,
додека росата полека се разлева низ нејзините очи...
А јас сум тело удавено во длабочините на блаженството,
чии денови не се бројат според часовите,
туку според она што го вдишува
од прекрасната магла
врз нејзините раце.
И кој би можел да ѝ го однесе срцето на младиот човек
за да ѝ го покаже?
Темјанушката потона во водата...
а таа се крена како пеперутка,
лебдејќи над неа,
додека тоа нежно се наведнуваше кон неа...
Она што тој го криеше не беше ништо
освен тврдоглаво срце.
Утрото, тој ѝ призна
што крие во себе,
а таа му го подари
тоа што го држеше во рацете.
Што, според вас, го поведе него
по патеката на бесмртноста,
ако не розата?
Кој му дозволи да седи овде,
во тишината на ноќта,
бакнувајќи ги на нејзините усни
нештата што никогаш порано не биле таму?

Ја замислуваше темјанушката како танцува на предисламско ноќно бдеење,
а пеперутката лебдеше над водата...
А тој беше како сенката на една газела
што пее во нејзиниот скут.
Пеперутката е шума на спомени;
секогаш кога ноќта се приближува,
таа му се враќа нему...
а тој ѝ се враќа нејзе.

2. ПОРТРЕТ НА ЕДНА ФРУСТРИРАНА ЖЕНА

Секогаш кога ќе посегнам да го извадам стапчето со сурма од кутивчето,
ми затреперува очниот капак –
па кој, тогаш, се вратил?
Ниту еден мој љубовник, ниту некој патник,
а оној по кого копнеам не се открил,
ниту пак јас сум му го открила својот копнеж.
Во мојот ходаџ,
ја оплакувам меланхолијата на шаторите... и уздата,
раката што ме води... и ги следи моите сомнежи.
Ја оплакувам разбрануваноста на водата низ моите години,
како огледалото да ми е сестра,
онаа што ја прашувам за сè и сешто.
А која секогаш кога ќе ја прашам
нешто ми вели: „Кажи ми“.
Секогаш кога ќе посегнам да го извадам стапчето со сурма од кутивчето,
коњаниците паѓаат од моето чело.

Ѕвездата на љубовта
Имаме месечина во Јамама... високо горе,
но кога бдееме ноќе,
таа се спушта по скалите на небото
за да бдее со нас.
Ја имаме ѕвездата од мастило...
ја пишуваме...
а небото е тетратка.
...
Имаме две флејти во Ал-Русафа;
тагата далеку ќе нè одведе
дури не си ги смириме душите
во расфрланата книга
на сатирата.
...
Имаме два дена во страст:
еден блескав...
и еден прекриен со прашина.

...
Меѓу гулабите,
го имаме гукањето на двајца,
но нивните солзи
се претвориле во камен.
...
Во нежноста,
имаме едно осамено срце;
но кога ќе се вљубиме,
тоа озеленува.
...
Го имаме Имру' ал-Кајс,
кој ја бара својата изгубена татковина,
а потоа е погребан...
...
Го имаме она што го имаме –
ништо освен овој пекол
што нè опколил
од сите страни,
но пред росата,
тој ќе се повлече.

Препев од англиски на македонски јазик:
Силвана Нешковска

Translation from English into Macedonian:
Silvana Neshkovska

Бибијана Бухелова (Словачка) – Bibiana Buchelová (Slovakia)

УДК 821.162.4-1

ВО ЛАБОРАТОРИЈАТА НА ЖИВОТОТ
(*V laboratóriu života*)

Од јаглеродните ланци во лабораторијата на животот
да се дешифрираат планетарните шеми
Фибоначиевата низа
во школките од полжавите
и во цветовите од дивите рози
и во спиралните цртежи
на сите Божји творештва
Да се вклучи примачот на далечните бранови
да не му се спротивставуваме на животот
кога повторно нуди шанса да се преживее
исклучителноста
да се знае како да се застане на земја и да се допре бесконечноста
или
да се прегрне дрвото и да се бакне свое/нечие дете
трпеливо да се собира во себе
квинтесенцијата на љубовта...

НОЌ
(*Noc*)

Нетрпеливата ноќ го заспа денот
темнината облече тежок брокатен мантил
ги покри зелените смреки
нагло што се издигаа кон небото
(во залуден копнеж да добие
барем една
од молчеливите sвезди)
Жедната ноќ ги испи
сите бои на самракот
Ја постави пред нас вистината
за нашите внатрешни универзуми
микрочестички од големиот свет
(бевме sвездена прашина)
Колку сме си одеднаш слични
зависни само од својата внатрешна кревка трепетна светлина...
Таа вистина
ги скрши
одбранбените sидови
околу ранливата душа

А ѕвездите сè уште светат толку сигурно
никого од нас нема да стоплат
ниту да утешат
само ако не исчезнат
само ако ни биде дозволено
во длабоката ноќ
да се приближиме кон нив...

ЕЗЕРО
(*Jazero*)

Слегувам долу по камените скали слушајќи го ситното
брмчење на пчелите
Тивка свила езеро зелено и меко како твоите очи ме мами
Зачекорувам во него и водата влегува во мене
Нуркам сè подлабоко и подлабоко езерото ме прима како своја
ми го прегрнува телото нежно
и малку бодликаво
Пливањето во свила не наликува на кој било друг танец
чувството на спојување со водата
е непреносливо
Јас во водата
Водата во мене
Јас сум водата
Водата е низ мене...

КОГА ЛИСЈАТА ПАЃААТ
(*Keď padajú listy*)

ги придружувам сите
на однапред одредениот пат
уште за миг лебдам со нив
во лудиот вртеж на ветерот
ќе слетаме непречено
ќе си легнеме до другите
во тревата

Кога лисјата паѓаат
од дрвјата
јас сум (со) секој од нив
ги придружувам видливите
фрагменти на убавината
до заборавот
изложена сум му
на светот

гола суштина
тело
убавина без украси

Кога лисјата паѓаат
јас сум земјата
која ги пречекува
го вдишувам мирисот
на летното небо
(од нивниот избледен здив)
со задоволство ја прифаќам
светлината на дрвјата
во тивкиот скут

ВО ДЛАБОЧИНАТА
(*Do hĺbky*)

Каде што го носам тој камен во себе
Божествениот камен
Неподвижната точка што не се менува
дали е каменот карпа за мене
или заднина
Можам да се потпрам врз него
или се сопнувам на него во себе
Се обидувам да ја прочитам пораката...
Древни траги оставени од оние
кои биле овде не ги познавам но чувствувам –
составена сум од нив
изгледа дека се одново космички прав...
Правта ми паѓа со дождот во душата
и се врти оживеана во чудните сцени
од недосегливите соништа...

ОЖИВУВАЊЕ
(*Oživenie*)

Денес напладне февруари
ми го одмота волнениот шал од грлото
кожата одново воздивна
ослободена и жива
душата запеа
а зборовите, зборовите
сами скокаат во стиховите
како во поток
како во чамци

во чамци што
пловат низ меандрите
дури до делтата на реката
реката на поезијата...

ТАЈНИОТ ЖИВОТ НА ТЕМНИНАТА
(*Tajný život tmy*)

Ноќе растат звуците од подземјето
дење скриени во аглите
зад плакарите зад сликите под книгите
Во темнината се чувствуваат сигурно крцкаат и шушкаат
ги кршат зглобовите
заемно се разбираат со јазикот
на темнината нè допираат додека спиеме
несвесните невидливи суштества
на темнината се хранат со реата на нашиот страв
ги вдишуваат мирисите на нашите тела по водењето љубов
не оставај ме со нив дома сама...

Препев од словачки на македонски јазик:
Звонко Танески

Translation from Slovak into Macedonian:
Zvonko Taneski

Анвер Гани (Ирак) – Anwer Ghani (Iraq)

УДК 821.411.21(567)-1

НЕ МОЖАМ ДА ТЕ САКАМ

Го чувствувам твоето убаво срце,
А можам да ги осетам и сите романтични ѕвезди во ноќта,
Но не можам да те сакам
Зашто сум човек од песок,
и знам само за суша.

Да, ти го слушам слаткиот глас,
И ти го гледам убавото лице,
Но не можам да те сакам
Зашто сум жолт човек,
кој носи само тага.

Верувај ми,
Се нурнав во секој прекрасен миг со тебе,
И можам да го помирисам мирисот на морските цвеќиња,
Но не можам да те сакам
Зашто јас не сум ништо друго освен
бездушни остатоци од една војна.

ИТАКА – ITHACA 824

Препев од англиски на македонски јазик:
Даниела Андоновска-Трајковска

Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

Јанг Геум-Хи (Кореја) – Yang Geum-Hee (Korea)

УДК 821.531-1

СЕМЕТО НА ПОЕЗИЈАТА

Песната е мало семче,
живот што дише чекајќи светлина.
Таму каде што почиваат очите и умот,
никнува таа во радост, во љубов, во време и простор.

Каде ли ќе биде посадена? Каде ли ќе расте?
Во мигот кога ќе избереш место, корењата ќе ѝ се рашират.

Како што кактусот цути дури и во пустина,
така и песната насекаде живее.
Лебди како лесен пердув
и струи на нежното ветре.
Дури и во едно малечко зрнце песок,
закоренува цврсто токму на тоа место.

Затвори ги очите и обиди се да дишеш,
шепотот на поезијата ќе се вовлече во тебе.

Во градината на твојата душа,
ќе ја видиш како блескаво расцутува.

Моќта е во тебе, изборот е јасен,
ако едноставно го засадиш семето, песната ќе процвета.

ИТАКА – ITHACA 827

Препев од англиски на македонски јазик:
Даниела Андоновска-Трајковска

Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

Николај Димитров Фенерски (Бугарија) – Nikolaj Dimitrov Fenerski (Bulgaria)

Николај Димитров Фенерски е бугарски писател, есеист и сценарист. Роден е на 13 септември 1974 година во Архангелск. Дипломирал на Одделот за словачка филологија на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Велико Трново. Дебитирал со кратки раскази во 1997 година во весникот „Артфорум“ од Велико Трново. Во 2012 година е објавена неговата втора книга, збирката раскази „Не ѝ кажувај на мајка ти“. Неговиот прв роман „1994“ е објавен во 1995 година, а збирката раскази „Љубов, засолниште, храна и вода“ во 2016 година.

УДК 821.163.2-32

ИЛЛИ, ИЛЛИ, ЛАМА САВАХТАНИ?

(Господи, Господи, зошто ме напушти?)

Кон крајот на ноември, морето почнува да исфрла мртви мажи. Можеби летото не ги направило побогати или банкротирале, можеби токму во ова време жените ги изневериле и сонцето било скриено со недели, па се случува по неколку дена во вода, јажето од нивните нозе да се олабави и брановите да ги фрлаат подуените им тела токму таму, во близина на колибата на брат Илија, во неговиот мал залив. Тие обично ги паркираат своите автомобили некаде во близина на ридовите, надвор од патеките. Обично носат камен или масивно парче метал. Пред да скокнат од карпите во длабочина од десет метри, внимателно го врзуваат едниот крај од јажето заради тежината. Другиот за нозете. И покрај упорноста, рацете им треперат, а јажето е премногу дебело, па на крајот морето победува и го одврзува јазолот. Мигот на задушувањето е краток кошмар, но еден од најсуровите, кога повеќе не можат да издржат без воздух и ги отвораат устите и наместо воздух, им навлегува вода, а потоа следат десетина секунди, во кои умот сѐ уште им работи и сфаќаат дека нема враќање назад, дека доаѓа темнината, дека се каат и дека тоа покајание можеби е дури и ќе ги искупи и можеби Бог дури и ќе им прости, којзнае. Кога некој готви супа или пали оган во каминот, не се меша во Божјиот ред, но кога прави важни и судбоносни нешта, ја напушта својата територија и влегува во туѓа.

Батко Илија не ги броеше. За дваесет години, можеби петнаесет удавени луѓе беа исфрлени на малата карпеста плажа. Потоа доаѓаше полицијата, разгледуваат наоколу, се чешаат каде што не ги чеша, а четворица покрупни едвај успеваат да ја кренат носилката со мртвиот човек. Смртта му дала тројно поголема тежина. Голема мака беше да се искачуваат по скалите направени од кал, гранки и камења до амбулантното возило, кое беше паркирано педесет метри погоре.

Последните 10 години од својот живот, Илија живеел без лична карта. Не му требаше. Не можел да стигне до градот. Користеше најобичен, триметарски чун на заем даден од богати луѓе поврзани со политиката чија совест налагала да им помагаат на сиромашните. Лебот, цигарите и горивото ги заработуваше продавајќи ја рибата што ја ловеше и ја складираше во два стари фрижидери, а во

замена за редовна залиха од риба, неговата колиба на брегот беше поврзана со електрична енергија од една од блиските луксузни вили. Клиентите дознале каде се скрил и доаѓаа сами, откако претходно му се јавуваа на мобилниот телефон што му го дале неговите роднини. Тој им нарачуваше леб и цигари. И така минувале месеци и години, годишните времиња и годините.

Една млада Германка еднаш се удавила во близина на ова место. Во XXI век една писателка напишала напудрен роман за животот во карпите на некои претерано мудри луѓе, а поранешен затвореник и крадец и разбивач на каси почнал да прави ракија од смокви, а исто така, ги запишувал и објавувал своите спомени во форма на кратки раскази. Батко Илија немаше никаква врска со нив, ниту со сите други лавиринтски истории што се протнуваа низ калдрмата, низ вековите и милениумите. Овој град е центар на многу судбини. Но, не и на неговата. Тој се вдоми на неговата периферија, смирен и сепак донекаде разочаран. Разочаран дури и од себе што немаше сила да се врати и да живее како сите други. Велеше дека луѓето му завидуваат на неговата осаменост, на спокојството и на морето. Но, не секој можеше да избега на Натчовечко или потчовечко. Или и двете истовремено. Светот, сè повеќе и повеќе, од година во година пропаѓаше, батко Илија го гледаше сето тоа навечер на своето старо телевизорче во бараката, брзо ќе гризнеше нешто и си легнуваше и секогаш стануваше рано, бидејќи рибите се фаќаа наутро. Не користеше мрежа, само рибарски стап, на тоа беше навикнат уште од детството, кога наместо да оди на училиште одеше на море и фаќаше риба со едноставна свиткана игла и парче сланина закачено на неа како мамка. Во најветровитите денови не излегуваше на море, но брановите од половина метар до еден метар не го мачеа, облекуваше високи чизми, облекуваше дебела јакна, седнуваше во чамецот и пловеше навнатре.

Исто како што Илија понекогаш се прашуваше зошто уште еден давеник скокнал во водата – поради која од сите човечки страсти се откажал дури и од својот животен инстинкт, така и неговите пријатели и случајни луѓе се прашуваа зошто Илија со години живее сам во колибата на брегот, далеку од градот, и не се качува во куќата во која пораснал. Таму останаа неговите деца, кои подоцна го живееле својот живот, во Бугарија или во странство, а и неговата сопруга е таму, во нивниот дом од дебели камени ѕидови. Една од големите катастрофи во нивниот живот била измамата со која бандитите им ги украле наследените парцели земја вредни злато во 1994 година. И не заради тоа дека биле толку приврзани за материјалните работи и дека жалеа за изгубеното богатство, тие едноставно не разбираа со каква ладнокрвност им беше одземено наследството од нивните предци, дали е можно сè да биде толку лесно и неказнето.

Еден од завидливите луѓе којшто рече: „Блазе си му на Илија“, беше нотарот Стојан Петров од Софија, кој секое лето го паркираше својот џип на чистината над заливот и живееше во друштво на морнарот цел месец.

Тој поставуваше шатор во близина, си ги вадеше масичката и столчето, шпорет на гас и ги оставаше телефонот и часовникот далеку од него. Имаше свој чамец на надувување и стануваше наутро со Илија и внимаваше да не е оддалечен повеќе од половина километар од него во морето, бидејќи понекогаш му требаше помош, а водата не е шега. Околу пладне се враќаа, нотарот шеташе или спиеше во шаторот, а чичко Илија си ги правеше своите работи, а навечер пред зајдисонце

се собираа во белведерот направен од стари држачи и штици, ставаа школки и риби на огнот и отвораа шише бело вино.

Илко, секој од моите колеги има хоби за кое троши луди пари. Едниот оди на лов секоја недела, но не само во Бугарија, туку и во Азија и Африка. Во Бугарија, само сиромашните ловат. Друг игра во казина и научил да ги контролира своите загуби. Но, тој не сака да се откаже. Станал спонзор. Дури отишол до казиното во Висбаден, каде што потрошил богатство и го оставил долгови како Достоевски. Половина од неговото богатство му се лизнало низ прсти, но тоа не го тормози, напротив, тој е радосен. Не може да го замисли животот поинаку. Друг нарачува остриги од Франција и говедски стекови од Кобе од Јапонија. Му ги праќаат преку DHL. Секој ден се прејадува со разни скапи работи, не држи диета, се прејадува и се здебелил сто и педесет килограми, и не оди, туку се тркала. Четвртиот ги фрла парите на љубовницата, ја задоволува на секакви начини. Третмани за убавина и патувањата во Монте Карло е најевтиното разгалување. И секој од нив има дупка во душата. Но, тие го исполнуваат своето време и не остануваат сами со себе за да размислуваат.

И јас пробав некои од нивните забави, Илијчо. Многу брзо ми здодеа. Имав љубовница цели две години. Но видов дека ни ова не е за мене. Иако се сложувавме и во кревет добивав сè што сакав. Но, се покажа прескапо, бидејќи тоа ме вклучуваше и како човек и како душа. Морав да преземам одговорност за неа, а не можев. Немам таква сила. Нешто не е во ред со мене. Другите се снаоѓаат подобро, тие живеат, а јас не можам. Задоволствата се краткотрајни и тажни. Тие не носат леснотија, напротив, ги влошуваат работите. Секој со многу задоволства почнува да тежи како оној колега – дебелиот, секој со некаква страст се претвора во свиња од сто и педесет килограми, иако тоа не се гледа однадвор. Како ли тие старозаветните кралеви имале по толку многу љубовници?

Илко, ова можеби ќе ти изгледа чудно, но ако не е овој месец покрај морето, ќе паднам во трајна и непоправлива депресија. Ќе се распаднам и тоа е тоа. Крај на мојата работа и моите врски со луѓето. Ова време овде ме полни со енергија. Во зима две недели се кријам во една планинска колиба. Само сакам да печам малку риба и да пијам малку вино.

– Не се сите како тебе, Стојане. Богатиот сака да стане уште побогат. Јас немам ништо и затоа не сакам ништо. Ако почнев да имам или да не бев измамен еднаш, ќе сакав и повеќе. А сега сум патетичен. Губитник. Не сакаш да бидеш како мене – да немаш кого да те пере и со кого да разговараш. Ова е несреќен живот.

– Од моја гледна точка, тој е среќен. Несреќни беа оние што морето ти ги праќа на есен. Не треба да се жалиме.

Такви беа нивните разговори, баналности што се повторуваа, луѓето често зборуваат така за да го исполнат просторот со шум. Потоа Илија ќе ја сподели и својата мисла дека очајните давеници имаат околу десет секунди за да се покаат пред да умрат, дека можеби во Божјите очи десет секунди покајание се доволни за да им се прости гревот. И им доаѓаа на ум и други чудни идеи, како давениците, сепак сè уште имаат време да размислат, ако голтнеле апчиња, има и доволно долг момент за молитва, оние што скокаат од седмиот кат, меѓутоа, немаат толку многу, а најкратко време им остава куршумот, бидејќи поминува низ черепот побрзо отколку мисла. И на крајот на краиштата, Бог одлучува дали да ги прости нелуѓето. Нивните разговори не беа секогаш толку мрачни, но еднаш во лето, кога

ветерот се смени и морето не ги пушташе два или три дена, се случуваа и такви. Сакаа да видат надеж. Сакаа да доживеат мир. И секој од нив, двајца – сиромавиот и богатиот, стигнаа до својата надеж и својот мир по различен пат.

– Илија, Илија, зошто ме напушти, – Стојан Петров ја смисли оваа игра на зборовите со думите на Христос – веројатно така мислат вашите најблиски.

– Гледај си ја работата, Стојане, – тивко ќе речеше Илија и кротко ќе ги нахранеше своите три кучиња. Јадеа многу, но тој сепак наоѓаше начин да не ги остави гладни. Две од нив беа големи како каракачански кучиња, а третото куцаше на три нозе. Едното од предните го изгуби од истрел на пушка.

Превод од бугарски на македонски јазик:
Борче Панов

Translation from Bulgarian into Macedonian:
Borche Panov

Елигијуш Димовски (Полска) – Eligijush Dimovski (Poland)

Елигијуш Димовски (Eligiusz Dymowski) е роден 1965 година во Саники, Полска. Тој е предавач по теологија, поет и книжевен критичар. Студирал во Краков и Рим. Докторирал теологија во 2001 година. Член е на Друштвото на писатели на Полска, огранок Краков, од 2007 година. Член е и на Европското здружение за култура (SEC), Европската академија Sarbieviana, почесен член на фондацијата Maison Naji Naaman од Либан и на Полското теолошко друштво.

Автор е на многубројни изданија од областа на теологијата и литературата. Пишува поезија и книжевна критика. Поезијата му е препеана на руски, италијански, француски, македонски, словенечки, чешки, есперанто, англиски, српски и други јазици. Објавил 14 книги поезија. Застапен е во антологии во Полска и во странство. Добитник е на наградата „Svetokriški Gustav“ (2013). Во 2017 година Министерството за култура и национално наследство го прогласи за „Заслужен за полската култура“. Живее и создава во Краков, Полска.

УДК 821.162.1-1

ГОЛЕМАТА СЕДМИЦА НА ГОСПОДИН КОГИТО

Чувај – кога на горите светлото дава знак
– стани и замини
Збигњев Херберт

Ќе ти судат неверните и побожните
бидејќи пресмело се занимаваше со Вистината.

Тие ќе ти постават бесилка пред јавноста.
За да ја исплукаат својата жолчна киселина
и во лагата да прогласат слобода
вредна толку, колку рака песок.

Пејачи ќе запеат повикувајќи ги јудите,
а Иродите сами ќе избегаат во паника,
кога презрениот народ ќе ги отвори градските порти.

Ти замини – игнорирајќи – со подигната глава,
како понизен Мудрец на ридовите на Голгота!

***

Бог никој не го видел никогаш
Ј1, 18

мојот Бог со ветер разговара со дрвјата
ги проверува птичјите гнезда
и наутро ги пребројува младенчињата

мојот Бог понекогаш ги крие месечината и sвездите
за да ги излечи заљубените
што се смеат до смрт

мојот Бог секогаш е трпелив и молчалив
гледа како ја бришам прашината со колената
обележувајќи го патот до турбернакулумот на верата

ПЛАНИНАТА НА БЛАГОСЛОВИТЕ

не ја барај предалеку
дури и на подадена рака
таа е во тебе
припиена до болот и солзите
во бессоните ноќи и магливите утра

качувајќи се на врвот
секој пат трепериш од ужас
свет
од најобични нешта

Препев од полски на српски јазик:
Милијан Деспотовиќ и Олга Лалиќ-Кровицка
Translation from Polish into Serbian:
Milijan Despotović and Olga Lalić-Krowicka

Препев од српски на македонски јазик:
Весна Мундишевска-Велјановска
Translation from Serbian into Macedonian:
Vesna Mundishevska-Veljanovska

Жермен Дрогенброт (Белгија/Шпанија) – Germain Droogenbroodt (Belgium/Spain)

УДК 821.112.5(493)-1
821.134.2-1

СПРОТИ МОРСКАТА СТРУЈА

Поезијата
си го бара својот пат
спроти морската струја.

Не може да го промени патот на човекот
чија иднина е несигурна и далечна.

Но понекогаш може да биде спасувачки појас
за оние кои се во опасност да се удават.

ИТАКА – ITHACA 825

Препев на англиски јазик:
Жермен Дрогенброт и Стенли Баркан
Translation into English:
Germain Droogenbroodt and Stanley Barkan

Препев од англиски на македонски јазик:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

Нуно Жудисе (Португалија) – Nuno Júdice (Portugal)

УДК 821.134.3-1

ГЕНЕЗИС

Секоја песна започнува наутро, со сонцето. Дури
и ако песната е невидлива (во случај на дождливо небо)
песната може да објасни сè, таа ѝ дава светлина
на земјата, на небото и на облаците помеѓу
– светлината е досадна кога е претерана. Тогаш
песната се издигнува со маглата што денот со себе ја влече;
се провлекува низ врвовите на дрвјата, пее со птиците
и тече со потоците за кои никој не знае
од каде доаѓаат и каде одат.
Песната кажува како е создадено сè:
но не може да каже ништо за своето настанување, сепак започнува по некоја
сива случајност,
како ова утро, и завршува исто така случајно,
со сонцето што сака да се пробие низ облаците.

ИТАКА – ITHACA 823

Препев на англиски јазик:
Жермен Дрогенброт
Translation into English:
Germain Droogenbroodt

Препев од англиски на македонски јазик:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

Ибрахим Зули (Саудиска Арабија) – Ibrahim Zuli (Saudi Arabia)

Ибрахим Зули е истакнат саудиски поет и писател кој пишува поезија, и литературни и културолошки есеи. Неговите песни и текстови се објавувани во бројни арапски весници и списанија, а дел од неговите дела се преведени на англиски и француски јазик. Тој ја претставувал Саудиска Арабија на различни културни настани и учествувал на бројни арапски и меѓународни поетски и културни фестивали и собири. Има објавено 11 поетски збирки и книги, како и две прозни книги посветени на литературата, културата и промените при пишувањето во дигиталната ера.

УДК 821.411.21-1(532)-1

1. ПЛЕНОТ

Дојдете,
и поделете си го
пленот.
Жедта нѐ опустоши
во чистата светлина на облаците.
Дојдете, зашто смртта
не остава време за чекање,
нема време
да се напише последна порака,
да се побара
отворен прозорец.
Дојдете и внимавајте,
зашто долгите елегии ја заморуваат,
и оние што ја расипаа љубовта
со евтини зборови,
со кривината на виножитото,
и со лажно плачење,
со парфеми
чии мириси не траат,
и оние
што набрзина ја придружуваат на патувањето.
Дојдете, пријатели мои,
и поделете го нејзиното наследство.
Дојдете,
зашто никогаш,
никогаш,
нема да изгубите...

2. ТЕШКОТИЈА

Тешко е
за дрвото
да ја промени

својата зелена боја.
Тешко е
за младите
да го запрат
времето.
Тешко е
за ноќта
да зборува
гласно
и да ја излее својата светлина
без воздршка.
Тешко е
за реката
да се откаже
од својот брег.
Тешко е
за оние што стојат
на средината
на патот
да му се радуваат
на крајот.

Препев од англиски на македонски јазик:
Силвана Нешковска

Translation from English into Macedonian:
Silvana Neshkovska

Мохамед Ибрахим Јакуб (Саудиска Арабија) – Mohammed Ibrahim Yaqoub (Saudi Arabia)

Мохамед Ибрахим Јакуб е поет и писател, кој е роден во 1972 година во Џазан, во југозападниот дел на Саудиска Арабија. Тој има објавено повеќе од десет збирки поезија. Добитник е на бројни награди, меѓу кои најзначајни се Наградата „Мохамед Ал-Тубајти“ за креативност (Mohammed Al-Thubaiti Prize for Creativity) (2016), Наградата „Оказ“ за поезија (Okaz Poet Award) (2019) и Наградата за литература, во рамките на Националните награди за култура на Саудиска Арабија (Saudi Arabia's National Cultural Awards) (2023). Претходно бил претседател на Литературниот клуб во Џазан и генерален секретар на Наградата „Ал-Сенуси“ (the Al-Senoussi Prize) за арапска поезија во Џазан. Во моментов е член на Управниот одбор на Професионално здружение на литературата. Тој пишува месечна колумна во прилогот *Шарафат* (Sharafāt) на списанието *Ал-Јамама* (Al-Yamamah) во Саудиска Арабија, со наслов: „Размислувања во присуство на поезијата“ (Reflections in the Presence of Poetry).

УДК 821.411.21-1(532)-1

БИДЕЈЌИ ТИ СИ ПОЕЗИЈА

Знам дека доцнам, не од колебливост, ниту од каење;
чекајќи,
бев заробен меѓу врати.
Постојат многу вљубени;
се засрамив – како да ги тргнам превезите
што ја кријат мојата сакана?
„Џазан“, моја прва тмурна сакана,
сонцето на метафорите ми ја тресе крвта
дур ти не паднеш ко зрела урма.
Бидејќи ти си поезија од самиот почеток,
те гледав како дете што прави бељи
шарајќи по ѕидовите свои.
Растев под несвесниот поглед на чуварите,
среќно момче што земјата го носеше наоколу,
сè додека не стана лесен
и не се разлеа наоколу.
Јас сум твоите огледала;
сенката на ветрот ме познава –
ограбувач на сокачиња, кој иако заборавен,
сè уште чека.
Те нарековме море, но тоа беше давење;
и како може да преживее оној
што никогаш не ја сфатил причината?
Бидејќи ти си поезија,
во твоите очи живее некакво скитање;
тоа скитање никогаш не ме натера да пијам вино
освен доброволно, со радост.
„Јасмин“ е половина збунетост:
како да барам од неа објаснувања,
ти, натопена во грозје?

„Хената на твоите дланки“ – диви коњи,
никогаш нескротени;
душата никогаш не копнеела
без да ги искине своите узди.
Може ли да се украде срцето, Џазан?!
Моите прашања се чекори на млади девојки,
кои никогаш не се посомневале
во оној што ги набљудува!
Куќата ѝ одговара на куќа;
колку стихови биле откриени,
а колку ја оставиле
својата младост на праговите?
Колкупати поминувам покрај тебе
без никаква потреба, сосема случајно;
сите разговори
сум ги претворил во измислени лаги.
Џазан – љубовта е создадена од грешки со кои живееме,
а сепак живееме;
најслаткиот грев е оној
што се осмелуваме да го сториме.
Срцето им го посветив на твоите заштитници,
прегрнат од широката добрина на твојот народ,
во гордост што траеше и стоеше исправено.
Планинските врвови го пеат својот копнеж ко дожд;
една долина чезнее, друга полудела
и трепери.
И водата знае, пред водата,
како една подлактица од Мувал
се наведна кон тебе и ти се приближи.
А ти – што си ти?
Историја... запишана во почит,
раскажана и избрана.
Што и да посакаш, што и да посакаш, Џазан,
искуши ме со песни,
ти, исплетена од разиграни нишки.
Бидејќи ти си поезија, Џазан,
школката на срцето никогаш не се отворила
без да открие
бисер,
радосен.

Препев од англиски на македонски јазик:
Силвана Нешковска

Translation from English into Macedonian:
Silvana Neshkovska

Ирма Курти (Албанија/Италија) – Irma Kurti (Albania/Italy)

УДК 821.18-1
821.131.1-1

СО ДЕТСКИ ОЧИ

Сакам да го гледам светот со детски очи
бадемови, бистри, чисти и невини:
ливада каде луѓе и цвеќиња растат,
и нема глад, сиромаштија и зло.

Сакам да го гледам светот со детски очи,
да почувствувам како ме гали магијата на моите соништа,
да можам да го допрам хоризонтот со една рака
и да ги достигнам ѕвездите со обична скала.

Не сакам да го гледам светот со мои очи.
Тие виделе премногу; го гледаат
универзумот зад густ, траен превез.
Потопени во солзи што никогаш не се сушат.

ИТАКА – ITHACA 828

Препев од англиски на македонски јазик:
Даниела Андоновска-Трајковска

Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

Антонио Лас Ерас (Аргентина) – Antonio Las Heras (Argentina)

УДК 821.134.2(82)-1

ТОА СЛИВОВО ДРВО

Има јасминови дрвја во сите овие градини.
Но јас се сеќавам на тоа сливово дрво што расцутуваше
секоја ветеровита и ведра пролет.
Сливовото дрво кое беше засолниште за птици.
Истото тоа дрво, под чија нежна сенка,
како мали деца, знаевме да си играме.
Тие јасмини сè уште се таму.
Сливото дрво веќе го нема, се исуши,
уште пред многу многу години.
Но сè уште живее во нашето сеќавање,
кое сместува присуства, сега отсутни.

ИТАКА – ITHACA 829

Препев на англиски јазик:
Жермен Дрогенброт
Translation into English:
Germain Droogenbroodt

Препев од англиски на македонски јазик:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

Амар Личина (Србија) – Amar Ličina (Serbia)

Амар Личина (Нови Пазар, 2001) е српски поет од помладата генерација. Студира српска литература и јазик на Државниот универзитет во Нови Пазар. Бил финалист и победник на Фестивалот на млади поети во Врбас во 2023 и 2024 година, и финалист на Ратковиќевите вечери на поезија (Црна Гора). Во 2022 година ја објави збирката поезија „Мера ствари“ (Мерата на нештата), за која ја доби наградата „Матиќев шал“. Неговата втора стихозбирка, „Поуздано мерење“ (Сигурно мерење) ја објави Културниот центар Врбас.

Личина е добитник и на наградите „Косто Нинковиќ“ за млади автори, на наградата „Аладин Лукач“, за најдобра книга од автор под 27 години (2026) и на годишната награда на Националната библиотека „Радосав Љумовиќ“ во Подгорица за најдобра книга поезија во Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Хрватска (2026 година).

Неговата поезија е преведена на француски, англиски, шпански, словенечки, рутенски и албански јазик.

Го уредува блогот за поезија „Либела“ и член е на редакцискиот одбор на списанието „Екерман“.

Живее и твори во Нови Пазар, Србија.

УДК 821.163.41-1

ПОЧЕТОЦИ

И црвливото јаболко заплаче
жала што не остана цвет

И гровната куќа
жала што не остана темел

И царството што пропаѓа
посака пак да биде малубројно племе

И хартијата на која пишувам
жала што не остана дрво

И дрвото би сакало
пак во семе

И философијата би на агора.

И книжевноста би назад, на плочки.

И реката жала
што не остана извор.

Единствено времето
нема за што да жала, нема каде да се врати.

ГРАНИЦИТЕ

Остави нè далеку од престолот!

Перикле, никогаш не се качил на Олимп,
ниту испратил планинари.
Којзнае колку би траело златното доба
да стигнеше гласник од освоениот Олимп.

Рамзес II никогаш не се качил
на каменот Бенбен,
за да ги докаже своите тврдења,
не би можел ни да сакал.

Најпосле, византискиот цар Веспазијан
на умирање рекол:
Мислам дека станувам бог!
Набргу стигнале деманти.

Остави нè, Боже, далеку од престолот!

СЛИКАРИТЕ

Не се сите слики насликани
за да бидат обесени на ѕидот.

Слепиот сликар ја насликал Троја.
Сликарот од Вајмар го насликал Фауст.

Сликарот со име Збигњев
го насликал господинот Когито.

Сликарите желни слава насликале држави.
Сликарите желни пороци насликале бордели.

Веселите сликари насликале радост и мир
и тие слики висат на нивните лица.

Ѕверските сликари ги насликале геноцидите
и тие слики растат во главите на генерациите.

Не е лесна задачата врз грбот на сликарите:
тие ги сликаат сликите на сите овие сликари.

ЧЕКАЛНИЦА

Нема поголемо светилиште од чекалницата,
Таа никогаш не е без молитва,
дури и ноќе до неа допира
пекањето од просторијата на итната помош.

Таа има свои свештеници од сите религии,
место џубиња и мантии тие носат мантили,
а сестрите ги заменуваат муезините и клисарите,
нивниот повик никогаш не останува без одговор.

Додека од одделенијата, тие предворја на гробиштата,
на самиот почеток на смената спуштаат труп
сите што тоа го гледаат имаат за него
по една Ел Фатиха или крстење,
потоа си доаѓаат на себеси.

Жената со подврзана шамија
пред офталмологија од изутрина го моли
Господ да не ѝ го одземе видот.

Момчето што чека со ведната глава
се сети на верата во надеж дека не добил сида.
Мајката со подочници се моли
со детето сè да биде во ред.

Стариот комунист, кој од шега го пцуеше Бог,
сега пред влегување во амбулантата
обврзно ја проучи молитвата.

Агностиците тука наоѓаат докази,
а атеистите, како за време на луња,
стануваат верници додека не излезат надвор.

Сулејман би ја освоил Виена,
а Ричард Египет,
ако нивните војски ја имаа верата
на луѓето во чекалницата.

Место евтините магазини од минатата година,
во чекалниците на приватните ординации
треба да се стават свети книги.
Софтите и богословите мораат
нешто да знаат за овој феномен.

Господи, немој да ни ја одземеш моќта да се молиме!

ПРИРОДАТА НА ПОЕТОТ

Во библиотеката зедов поетска книга.
На корицата, под името на поетот,
кој одамна почива под земјата,
пишуваше: 1905 –

Како да е тој сè уште тука, меѓу нас,
како таа втора година никогаш да не дошла.

Да се биде поет, е привид да се излаже смртта.

ВЕСТИ

Кога ќе умре во мигов најстариот човек на светот
тоа ќе биде вест и сите медијски куќи
ќе ја пренесат таа новост. Главно
во ист облик, само копирана.

Кога ќе умре во мигов најстариот човек на светот
тоа ќе биде вест, но во неа во главно
ќе бидат објавени статистичките податоци
за најстарите луѓе,
ретко нешто повеќе од името
за стариот рекордер.

Кога ќе умре во мигов најстариот човек на светот
некој друг мошне стар човек
ќе ја преземе неговата ролја,
но неговото име нема да се спомне во вестите.

И никој нема да знае кој е новиот
во тој миг најстар човек на светот
додека не се јави дека ни тој веќе не е тоа.

ОСВОЈУВАЊЕТО

Кога ќе правиш врвица во длабок снег
Неминовно е ногавиците да ти бидат наквасени.
Тешко е да носиш свеќа,
Со другата рака да ја браниш.

Ветерот напаѓа и како налудничаво момче,
Се подигрува со пламенчето на свеќата.

И огнот издржува, игра во ритамот
Од кој никогаш нема да се замори.

Ноздрите ти мрзнат,
Твојот здив е бел чад,
Ама раката што ја држи свеќата
Не смее да затрепери.

Кога ќе правиш врвица најдобри се малите чекори,
Но мора да се чекори смело
Како следата никогаш нема да биде избришана
И како таму каде што одиш
Е местото само за тебе
И за никој друг
Токму како што се доаѓало
Во прататковината.

Препев од српски на македонски јазик:
Ристо Василевски

Translation from Serbian into Macedonian:
Risto Vasilevski

Иван Негришорац (Србија) – Ivan Negrishorac (Serbia)

Иван Негришорац е книжевен псевдоним за проф. д-р Драган Станиќ, српски писател и поет, книжевен критичар, есеист, драматург, историчар на книжевност и универзитетски професор. Роден е 1956 г. во Трстеник, Р. Србија. Студиите по книжевност ги завршил на Филозофскиот факултет во Нови Сад. Магистрирал на Филолошкиот факултет во Белград каде и докторирал со дисертација посветена на лириката на Јован Дучиќ. Во текот на професионалната кариера работел како лектор по српски јазик на Универзитетот во Мичиген, драматург во Радио Нови Сад и др. Бил секретар на Матица српска, главен и одговорен уредник на списанието „Летопис на Матица српска“, член на редакцијата или главен уредник на повеќе списанија. Од 2017 го уредува списанието “Literary Links”, списание за српска книжевност и култура кое излегува на англиски јазик. Од 2012 г. е претседател на Матица српска, а од 2008 г. е претседател на Уредувачкиот одбор на „Српска енциклопедија“. Во 2022 г. е избран за странски член на Академијата на науките и уметностите на Република Српска. Добитник на повеќе награди и признанија за своето творештво. Автор е на повеќе поетски книги меѓу кои: „Гнило јаболко“, „Земјопис“, „Топло, ладно“, „Сврзници“, „Потајник“, „Светилник“„Матичен млеч“ и др. Автор е на роман, драмски дела и значајни книжевно-критички студии. Приредувач е на двесетина книги. Поезијата му е препеана на англиски, руски, германски, француски, унгарски, словачки, македонски, чешки, ерменски, турски, кинески и други јазици.

Живее во Нови Сад. Работи како редовен професор на Филозофскиот факултет каде што предава теорија на книжевноста и креативно пишување поезија.

УДК 821.163.41-1

ПОМИНУВАЈЌИ ПОКРАЈ ИЗЛОГОТ!

Ти благодарам,
поезијо, нека е благословена
твојата моќна немоќ! Погледни колку
е ладно надвор, колку се голи улиците
нагрнати со магла која никогаш
нема да стане топол партал што го запира
ѕвечкањето на забите. Ако нешто, за сиве
овие години научив,
се научив во трпкиот молк
од кој се разграни раскошно дрво на мимоза
што цути во понекоја строфа
каде што нè чека судниот
час. Ништо не може да нè
спаси, но приказните за тоа дека спас
нема уште даваат топла надеж. Еве ме, ги кимнам
прстите од земјиното полетувалиште
и исчезнувам во сопствената вртоглавица. Летал
или стоел до папок во водата, исто е: како што од мочуришната
почва избива топола, а лесните врвови треперат
во небесните височини од кои нам,
мравките, ни застанува здивот. И здивот
се претвора во света,
света водичка која ни ги прска

студените чела. Ти благодарам,
благодарам поезијо! Нека овие трапави
коментари на еден исчезнат живот бидат залог
на твоето присуство. Па зошто тогаш
грижи, браќа весели? Тоа што нема
леб или на милиот болен му недостига спасоносната,
велат, пилула, сето тоа се трици
и јадови. Ти благодарам,
поезијо: зашто, еве, умирам, а сè е
така тивко, свечено, без никаков страв
и гласни зборови. Како босоного момче треперев,
неутешно, поминувајќи покрај излогот
со погребна опрема. Сега, спокоен, фрлам
поглед низ стаклото, тој прелетува низ
него без да го разбие, па гледам: сандак, жално
копче, свеќа, венец. За мене, молам,
сосема обичен, без свилена постава и метална кутија
за конзервирање на вечната костоболка.
Погледот лизга
сè подалеку и подалеку, а на раменатa
чувствувам
како ме стиска, озгора, облак
еден: прекрсти ги, сине, рацете
на градите, подготви се! Мир
е: богојавление може да започне!

МОЖЕБИ Е ПОДОБРО СРАМОТ ДА НЕ СЕ ПРЕЖИВЕЕ

Пријателе! Ти, кому главата
сè уште на раменатa му дреме, ќе зажалиш што низ сечилото
на џелатот во свеченоста на подземниот
млин не се слизна!
Ние, кои сме мртви, нека не ти
паднеме на раменатa
како прав на исчезнатите ѕвезди!
Издржи, братче, ако се има
зошто и ако со празна глава
не се расфрлаш по панаѓурот
како да е каца со кисела зелка.
Свари, малку чорба за празните ти
цревца, собери ги ковчињата ледени под јорганот,
па исчезни во тишината што цела ноќ
ти ја шепотиме нечујно, светителски!
Кога во живо небесно ткаење ќе втонеш,
таму каде што нема да ја препознаеш жицата,
можеби ќе блесне музика на сферата,
поради која никогаш, баш никогаш, кукавичката
кожа нема да ја поштедиш.

ТАТКОВСКА

Оче, Ти се радувам! Погледни
како дишам, белите дробови се шират и јас се кревам,
се кревам, дури до небото, до Твоето
десно стапало. Воздухот во мене, тој дух
што од твојата уста се шири по светот
и носните дупчиња се внесува како бел, небесен
глушец, па душка, грицка
и цивка по топлата белодробна марамица. Не вели, Оче:
„Ух, овие двоножни според ликот мој, тие
не гледаат со очите и не слушаат со увото.“ И не нè гмечи,
во толпи, со копито што ни се чини
како облак од цементен прав. Погледни ме добро:
гледаш како трепките ми растат, врвот на влакната
во косата се разделува
на две и светлината во зениците се раскршува
во илјадници коцкички. Мора ли мозочниот
очај да ни потпали фитил, таму,
во подрумите, во черепниот арсенал? Оче мој,
Ти се радувам! Му се радувам на светот
Твој, На Твојата моќ и мојата немоќ, му се радувам
на сонцето што, на исток, ја крева својата
заспана главичка и му се радувам на
месецот
што нè облева со своето ноќно млеко. Нека крикне
бувот во најдлабокиот џеб на Твојот елек,
а јас ќе речам: еве, се огласи,
Тој, кој нè носи на Себе
како евтина бижутерија! Оче мој, ништо,
ништо не ми треба! Ти предавам
сè што ми подари. Се исправам, еве,
со главата надолу, во темел на оваа земја со череп
зазидан! Погледни, сега сум во природната положба и
светот се превртел наопаку. Нештата си дојдоа на свое
место, додека длабам, додека вдишувам,
и се ширам по светот, се ширам во бескрај, огромен,
сè додека, како перо, не затреперам
во ложата на Твојот ножен палец. Оче мој,
не отфрлај нè! Не сме ние памучна грмушка
на чорапите што си ги
слекол од стапалото и
си ги фрлил во нашиот
мравјалник.

Препев од српски на македонски јазик: Гордана Јовиќ-Стојковска
Translation from Serbian into Macedonian: Gordana Jovikj-Stojkovska

Димитрис П. Краниотис (Грција) – Dimitris P. Kraniotis (Greece)

УДК 821.14'06-1

НА НЕПОЗНАТИОТ ПОЕТ

(Во чест на мртвиот необјавен поет)

Браво!
Победи!
Не треба да ти е жал
твоите необјавени песни
– секогаш имај го тоа на ум –
Не се погребани
Не потклекнале
Под силата на времето
Како злато
Во утробата на земјата
Тие остануваат
Никогаш не се топат
Можеби ќе задоцнат
Но еден ден
ќе им бидат подарени
На своите луѓе
За да ја принесат својата слатка
Вечна суштина.

ИТАКА – ITHACA 830

Препев од грчки на англиски јазик:
Лемонија Мурка
Translation from Greek into English:
Lemonia Mourka

Препев од англиски на македонски јазик:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

Панајота П. Ламбри (Грција) – Panagiota P. Lambri, (Greece)

УДК 821.14'06-1

ВЕТЕР НА ОСАМЕНОСТА

Каков ветер на осаменоста, чуден и лукав,
низ оваа ноќ мала јури бесно?
Зошто ли доаѓа, неумоливо, во галоп див,
и sверски удира по оголените лисја на срцето?

И оваа блескава, нежна полна месечина
што го разлева своето злато од едниот до другиот крај на небото –
зошто не испраќа ни малку светлина
до сите души кои сами чекорат во ноќва?

А ноќта што чудесно на прозорците пристигна,
зошто ги обвива во смртоносен молк
и, наместо ретки и свети мелеми за болка,
испраќа пехари преполни со отров?

О ветру на осаменоста, о преполна месечино,
и ти, исконска Ноќ, ќерко на Хаос,
дојди – утеши ги осамените души,
дарувај им малку заборав, а сепак и малку надеж.

ИТАКА – ITHACA 826

Препев од англиски на македонски јазик:
Даниела Андоновска-Трајковска

Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

Јежи Плешњарович (Полска) – Jerzy Pleśniarowicz (Poland)

Јежи Плешњарович е истакнат поет, полонист, театарски режисер и книжевен критичар. Роден е 1920 година во Екатеринослав, Украина, а починал 1978 година во Жешов, Полска.

Дебитирал во 1937 година како поет и книжевен преведувач од украински на полски јазик во списанието „Wołyń“. Еден е од уредниците и преведувачите на „Антологија на украинската поезија“ (Варшава, 1977 г.).

Плешњарович преведувал дела од украински, белоруски, руски, чешки и словачки на полски јазик.

Бил основач на Друштвото на писателите на Полска, огранок Жешов.

УДК 821.162.1-1

ЛИРИКА

пространство пренесувано од рака на рака
време набабрено од моменти сплетени со еден поглед

кога старица на прозорецот на самракот без лисја сади молитва
главата на детето ја згмечила клетва
’рѓосани мисли за славата
кога ѕидари градат куќи од петте сетила
девојка со срце од бонбони се вдлабува во студено огледало

веслото на шумата залудно го распростира хоризонтот
еден мој пријател чекори по големата книга

додека јас загубен помеѓу бројките
плачам со солзи од мастило

ОД ПЛАНИНИТЕ

Од планините
на молчеливите урни
магла како лен.
На пасиштата овци пливаат
како кадрави лаѓи,
росата е сјај на ѕвончестите цветови,
дното на потокот на раните саати прекриено со роса,
радува росата што сјае на ѕвончестите цветови.

Со музиката на зората
зелени одеци од ридовите,
се виткаат, се свиваат змиски патеки,
кон небото од бакарот на зовриените облаци

елката го разнесува од смолата шумот
од планините
на молчеливите урни.

Откриј го изворот:
Срцето чука.

Препев од полски на српски јазик:
Олга Лалиќ-Кровицка
Translation from Polish into Serbian:
Olga Lalić-Krowicka

Препев од српски на македонски јазик:
Весна Мундишевска-Вељановска
Translation from Serbian into Macedonian:
Vesna Mundishevska-Veljanovska

Обрен Ристиќ (Србија) – Obren Ristić (Srbija)

Обрен Ристиќ (Обрен Ристиќ) е роден во 1960 г. во Тијовац, Источна Србија. Припаѓа на средната генерација српски писатели. Член е на Друштвото на писатели на Србија. Живее во Књажевац. Автор е на книгите: „Средување на впечатоци“ (1996), „Сновења и бдеења“ (коавтор, 1999), „На исток, во Србија“ (Белград, 2002), „Вознемирени се Светите воини“ (2006 и 2008, второ издание), „Источно тројство“ (со З. Вучиќ и Р. Вучковиќ, 2007), „Господ е голем поет/The Lord is a Great Bard“ (на српски и англиски јазик, 2009), „Венец за Творецот“ (2009, во повеќе изданија), „Вајање на белината“ (коавтор, 2009), „Лиење на песната/Odlewanie wiersza“ (со Д. Богојевиќ и О. Лалиќ-Кровицка, на српски и полски јазик, 2010), „Бдеења и будења“ (коавтор, 2010), „Na wschodzie, w Serbii/На исток, во Србија“ (избрани песни на полски јазик, Кросно, Полска, 2012), „Утрешните варвари“ (2015), „Венец за Творецот и други песни“ (2016) и „Во горите чудо“ (на српски, грчки, полски и англиски јазик, 2017).

УДК 821.163.41-1

ПРЕД ПОАЃАЊЕ

Веќе стотина години ја чувствувам на плеќите
сета мака прадедовска.
Нас, на буништето во овој дел од Балканот
годините ни поминуваат тивко и брзо стареме.

Цел век и повеќе
мојот дедо е на копривата крај плетот.
И еве сега пред поаѓање
со пожолтена хартија ги прецртува меѓите.

Наместо тестамент
усно предавање барем за две книги.

Под прагот
со змијата долго се збогува
и ја моли да ја чува куќата.

Синовите со векови му служат на господарот
што ќе изградат – бидува урнато
Голема жртва им е наменета
сите внуци веќе се зasидани.

САМО ЗА ПРАЗНИЦИ

Треба максимално до крајните граници
да се вложи труд, да се биде оптимист,
да се натопи своето перо, да се отфрли сè друго
и да се пишува, пишува, секако
да се надживее светот.

О колку е прекрасно речиси поетски
да се измокриш од врвот на кинескиот ѕид
само тој се гледа од космосот
и оттаму да се спуштиш меѓу старците
прилично збунети по навика
кога станува збор за поезија.
Тие главно ги разликуваат кинеските од
обичните ѕидови или од некои пирамиди
и големите светски чуда
царевите од фараоните
Но, владетелот е владетел велат
и тромаво ги нишкаат спомените од сремскиот
и од другите фронтови
а одликувањата еднакво ги сакаат како жените
и ги чуваат само за празници.

ЛИЕЊЕ НА ПЕСНАТА

на Раде Томиќ

Мудроста е неопходна навистина
Во овие денови
Кога пребирам барајќи ги зборовите
Со кои би сакал да го излеам стихот.

Одново се враќам кај светиот отец Никола
И размислувам за оние
Кои ненаучени станале
Учители на другите
Ќе испадне тоа да е нашата судбина
Сите овие години
Кои ги изедовме во оскудица
И сити на почетокот стигнавме.

Како птица на која силните
ѝ ги искинале крилјата
како слеп ноќник што удира
во пештерските ѕидини.

А како е излеано ѕвоното
На нашата црква
Зборуваат светите книги и ретки самотници
А лиењето на песната!

А лиењето на песната
Го знаат поетите посветени чесно!

Препев од српски на македонски јазик: Елизабета Јончиќ
Translation from Serbian into Macedonian: Elizabeta Jonchikj

Фуад Рифка (Сирија) – Fuad Rifka (Syria)

УДК 821.411.21-1(569.1)-1

12 ФЕВРУАРИ 1983

Неговата возраст,
многу брчки.
Не беше таков отсекогаш;
порано пиеше црвено вино;
еднаш почувствува вина,
липаше и се молеше,
сè додека не го здогледа Бог како светлина.

Неодамна отиде во селото,
го виде дабот исушен,
садот со света вода беше пепел,
свештеникот – трева,
а Алах далеку зад планините,
далеку, многу далеку,
невидлив.

ИТАКА – ITHACA 822

Препев на англиски јазик:
Фуад Рифка и Жермен Дрогенброт
Translation into English:
Fuad Rifka and Germain Droogenbroodt

Препев од англиски на македонски јазик:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

Недељко Симаниќ (Црна Гора) – Nedeljko Simanić (Montenegro)

Недељко Симаниќ роден е во Сараево во 1966 година. Дипломирал на Уметничкото училиште во Сараево и на Академијата за ликовни уметности во Требиње. Слика и пишува во Котор.

УДК 821.163.4(497.16)-1

ДА СЕ ЗАБОРАВИ

Господи Боже
Ќе се спасиме ли некогаш?
Од она наше славно и неславно
Сеќавање на минатото.
Постојано
На екранот
Слики се појавуваат со различни
Најповеќе крвави знаменија,
Помеѓу фудбалски
Натпревари
И некои катастрофи,
Земјотреси
Војна
Сообраќајки
Црно-бели фотографии од егзекуции.
Нè труе тоа сите
Од ден во ден
Подмолно
Се зарива во потсвеста
И убавините наши стануваат расипани
На позадината на другите
Злосторства и несреќи
Така се вклучуваме
Во мрежата
Не непотребните каења:
„Не сакав јас така“,
„Не е до мене“

Сакам само една маса
Во аголот
Студена кригла,
Чад,
„Без музика ве молам“
Малку заборав
Од туѓи
Очи.

Во сенка
Ги обвивам рацете околу главата
Скришум те следам
Ги гледам твоите очила
Неволно на масата паѓаат
Додека во кругот на твоите пријатели се смееш
Зад одразот на чашата
Некои биртии во самиот
Центар.

Ја мразам целата таа кантри
Го мразам и тој твој сив капут
Во кој ти се нишаат колковите
Како риба во мрежа

Не дозволувај никогаш
да не ти се приближам
Биди упорна
Како што само ти знаеш
Додека ме втопуваш во сенките
Чад
Од првите цигари запалени денес

Наутро
Профилот твој е прекрасен
Јаболчиците твои се прекрасни
На насмеаните образи
И тие две брчки во аголот на окото
Ги зумирам како под лупа
За да не ми исчезнат
Додека навечер
Се ежам во кревет

А наутро
Додека ги мијам чиниите од синоќешната вечера
Ќе те оставам да одлеташ како меурче
Детергент
Иако ништо не исчисти
Во куќата наша

Препев на македонски јазик:
Борче Панов
Translation into Macedonian:
Borche Panov

Власта Хохелова (Словачка) – Vlasta Hochelová (Slovakia)

УДК 821.162.4-1

ГЕНЕРАЦИСКИ ПРКОС
(*Generačný vzdor*)

Во лисјето шушкаа дроздовите
и нашите нозе.
Сепак, не боси во паркот,
туку облечени во бели патики
по патеката на Ондрејските гробишта,
каде што одевме да пушиме
во тајното пубертетско друштво.

Ни строгите мајки,
ни браќата во црвени тренерки
ни уличните насилници,
ни навредените старци
со метали на градите
не нè искараа
и не нè задушија –
таму во ќошот од мирисливиот јасмин
под ѕидот на цврстата гробница.

Откорнавме од каменот
дете
и смрт
и не ни беше гајле,
затоа што уште не нè беше допрел
студениот здив на гробот
ни вечната тага.

На тивкото место
нè одведе пркосот.
Таму бевме
единствено живи и драгоцени.

ГРАДИНА
(*Záhrada*)

Првин полетување
и бавно спуштање во тревата.
Тресок и ништо.
Нешто,
што беше,
стана ништо.

Најпрвин игра со ѕуница
– вртење во мембраната
како падобранец,
кој не умее да се справи со летот.

Тука игра повеќе,
таму е само претчувство.
Кратко нуркање
во мигот,
кога нештото е сè
а сето, пак, е ништо.

Детски скокови,
надуени образи,
стоење на прсти
кон предизвикот на летното небо.

На часот по физичко
раѓање и смрт
градината оживеа со меурчиња.
Ѕуницата исчезна,
капките се исушија.
Мириса кафето...

СО ЛИЉАКОТ
(*S netopierom*)

Мотивот на лилјакот
ми виси над главата.
Крилјата уредно склопени
како ладало.
Вперува кон мене
поспан поглед
и се преправа,
небаре сум мртва.

Не можам да бидам мртва,
мил мој,
затоа што дождот ми шушка во ушите.
Го слушам тропањето на корнизот,
лизгањето на капките на листот од лопув,
стисокот на дождот во мојата влажна коса
и го чувствувам тешкото сиво небо
како рамнодушност во срцето.

ОБЅРНУВАЊЕ
(*Obzeranie*)

Два листа чај на очите
на усните мед
грст ливчиња од роза меѓу градите
и балсам од дланките на душата

за да можам повторно да го здогледам
крајот од нашиот град
потонат во бранот од јасминот
и самрачното слепило на раширените крилја
без вкочанетоста на колената
на Лотовата жена
во тој миг
кога сè уште може да се обѕрне
и да се зачуди
од присуството на грешната смртност

Нема ли ни јас да бидам спасена?

НА БЕЛАТА МАСА
(*Za bielym stolom*)

Повторно се сретнавме,
ми ја подаде раката
ми наговести насмевка
и разделба.
Нежно си ги притиснавме прстите.

Прашувам: Како така?
Што правиш уште тука?
Го гужваш белиот чаршаф – небаре е недела...?
Лежерно си го потпираш
слабиот грб врз потпирачот
само онака
– небаре е фамилијарен празник...?
Не кажуваш ништо
– како да нема што повеќе да се додаде?

Површината на масата заслепува,
врз неа само две светкави чаши
без ништо, празни внатре.
Хм, очигледно не точат тука?
Не можам да ги најдам твоите очи.

Па што правиш тука?
Седиш на белата маса
само онака.
Сетне, ја имам твојата умреница дома!
Лежи таму на масата
фактички поставена меѓу копиите,
бидејќи смртта секогаш делува доследно.

Те фаќам за раката
– зар не би било тоа воопшто вистина?

ПРЕМИН
(*Presah*)

Чекореше право со остар чекор
по многу долг ходник
небаре исечен од училишните денови
само без деца и викотници

Ми доаѓаше прекорувачки во пресрет
одеднаш толку необично
здрав, свеж и умешен
и со полнота во образите

Боже, сосема заборавив
на твоето лице! Каде одиш?
Од сликата се растрчаа зборовите кон мене
Одам дома...

А каде е тоа?
Во празната светлина или во целосниот мрак?
Толку немилосрдно другаде? Или, пак, насекаде...?
Дефинитивна минливост во права линија

Да ја замениме иднината со минатото
ајде да го повториме тоа
затоа што ми недостигаш толку необично
Толку многу – како и порано
– како со векови – како во животот

НЕПРОЧИТАНИ ЗБОРОВИ
(*Neprečítané slová*)

Непрочитани писма
Чуму сте?
Во ветрот сте ѓубре

На масата испишан прекор
Ветрот ќе ве фати
Ќе ве протресе
Ќе ги преврти сите зборови
Ќе ги плесне од ѕидот
Со невиден бес
Зборовите не се губат
Тие само паѓаат и паѓаат
Ниеден од нив нема да исчезне од етерот
Дури ни она непрочитаното
Ќе остане да виси на небесната кука
Како невозвратена љубов
Како обесен и уништен копнеж
Наопаку или надолу
Како писмо без одговор
Како тишина по тепање
Како сето она
Што не се вклопило во приказната
Која и онака нема никој да ја чита
Зборовите не се губат
Се мешаат насекаде
Мрежите се полни со нив
Ги красат сите профили
А ноќе ползат под перниците
На зашеметените неспијачи

Препев од словачки на македонски јазик:
Звонко Танески

Translation from Slovak into Macedonian:
Zvonko Taneski

Јин Шјиаојан (Кина) – Yīn Xiǎoyuán (China)

Јин Шјиаојан (Yīn Xiǎoyuán, "殷晓媛") е авангардна поетеса со интердисциплинарен пристап, како и авторка која твори во повеќе жанрови и експериментира со различни книжевни форми. Таа е основачка на Школата за енциклопедиска поезија (основана во 2007 година), иницијаторка на Движењето за хермафродитско пишување и на бројни проекти со интердисциплинарен и интержанровски простап со меѓународни поети, музичари и уметници. Дипломирала на Пекиншкиот универзитет за меѓународни студии. Таа е членка на Друштвото на писатели на Кина, Здружението на преведувачи на Кина и Институтот за поезија на Кина. Има објавено 11 книги. Нејзините дела се преведени на повеќе од 50 јазици и објавени во списанија и застапени во антологии.

УДК 821.581-1

ГЕОЛОШКИ ПЕСНИ

ХАДАЈК: ЦРНАТА СЛИВА

Црната слива беше маскирана топка од железо, за сончевиот терминатор помеѓу нејзината светла страна и сенката да може безволно да се движи. Без да остава трага во универзумот, одекнуваше во бескрајната шир, орбитирајќи околу сончевите пламења, на само еден здив од нив, минувајќи низ сите димензии со својот тврдоглав тромав чекор како да лета на жици спроти зелениот екран.
Нејзината фосилизирана плот колабираше, но повторно беше обликувана.
Нејзиниот исконски метаболички систем џвакаше светлосни години и вечно ги обработуваше.
Во перихел, зовриениот сок од цинобер се цедеше од нејзините пори и оттогаш се така зјапнати

Кратери – тоа е нивното официјално име. Во постојаното наизменично менување на топло и студено,
незабележливо
под нејзината кожа се појавија брчки. Во афел, ја прогонуваа и ја опсипуваа со удари зраците во и вон галаксијата.
Протеините, нуклеарните киселини и полисахаридите тука се собираа: тие беа како шеќерна глазура што ја покриваше сферата
Исчезна таа кога светлината истече. Просперитет или уништување, некогаш имаше само миг и ништо повеќе за да одлучиш
Мамурлак од минатите епохи: капките продолжија да се спојуваат во сè поголеми водни тела, но движењата беа толку незабележително бавни.
Бесмртноста беше целта што требаше да се постигне. Формите беа родени од изворите светлост и од нивните огледала
едно по друго. Имаше сигнали што се одбиваа низ меѓусвездените простори и прав што се исфрлаше по центрифугалните патеки

во безгранични пространства. Можеше да се забележи како нешто се рони и се

распаѓа блиску до екваторот, како траги од лупење: пукнатината беше точно под него
Дишења, испарувања, исконска вода...
Темниот филтриран остаток од сулфур беше отфрлен, од азурниот појас се слушна звук на топење. Кога дојде Нектарскиот период,

текот можеше да се забележи од далеку. Кога бледилото на нејзината површина исчезна, резервоарите што го обвиткуваа нејзиното јадро почнаа да се движат со тврди карпи
што пловеа по површината. Метеорите останаа да се движат зад нив по своите патеки, а капризиозната клима постојано се менуваше и де беше мрак де жештина
полустопени, вдлабнати од ударот

на астероид. Минуваа еони
порано или подоцна, нивните лица ќе се свртат кон земјата, како недовршени уметнички дела
гипсот под засеците од длетата станаа Крисиум,
Имбриум, Нектарис и Серенитиатис.

АРХАИК

Алданскиот Штит тука фрли сидро. Танините почнаа да се разградуваат во Сибир, а земјината кора стана помека отколку што била некогаш. Океанот продолжи да се преселува по површината
а јадрото веќе беше обликувано во вид на оплодена јајце-клетка, доволно цврсто за да им се спротивстави на витлите. Каква вжештена планета! На предната страна од нејзиниот мазен восочен врат се забележуваше никнувањето
на Адамовото јаболко. Балтикот, Јужна Африка... се појавија
Тоа беше поставувањето на светот – седиментација и денудација. Течеа воздух и лава, билиони зраци поставени едни до други,
новиот средноокеански гребен се издигна:
Слоевит гнајс од биотит ги оцртуваше местата каде што растопената лава се спојуваше или се раздвојуваше. Бактериите се спојуваа глава со опашка во синџир од докази. Една алка од него – океаните – ненадејно се откина

Предупредување! Крајбрежјата беа преплавени од бујни алги! Тоа е тоа што се случи пред 3,3 билиони години
Во дивината. Надвладеј и освој! Се појавуваа од лулката на сештото
како жилави меурчиња исполнети со хлорофил, движејќи се заедно со обликот на копното без забележливи спротивставувања. Сите тие имаа прозирна жолчка и ДНК во форма на трепетна лента. Водород сулфидот и метанот
ја исполнуваа атмосферата, наоколу бесцелно лебдеа честички, минливи како

вилински коњчиња. Сонцето – факел на земјата – се разбуди во срцевината на галаксијата, неговата светлина обвиена во испарувања и чад се впиваше во

длабоката вселена. Оваа планета беше лишена од својата првобитна состојба
и необјасниво се смали. Во брановидната озоносфера изгледаше како парче
јаглен што сјае со пламења што се гаснат
на работ на исчезнувањето. Повикот на жештината сега беше далеку, далеку
одовде, а планетата беше паднала во лесен сон – Леденото доба. Во реката на
геолошката историја
се подготвуваа пресврти

Препев од англиски на македонски јазик:
Даниела Андоновска-Трајковска

Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

РЕДАКЦИЈА НА „СОВРЕМЕНИ ДИЈАЛОЗИ“

ВЕСНА МУНДИШЕВСКА-ВЕЛЈАНОВСКА, ГЛАВЕН УРЕДНИК – (родена 1973 год. во Битола) е член на Друштвото на писателите на Македонија, Македонското научно друштво – Битола и Битолскиот книжевен круг. Автор е на 13 книги поезија, 3 книги со критичко-есеистички текстови, (ко)автор е на 3 книги поезија за деца и млади и (ко)автор на 6 стручни книги и 5 учебници за средно образование, графичка струка. Нејзината поезија е препеана на повеќе јазици. Застапувана е во антологии во земјата и во странство. Добитник е на повеќе награди: „Караманов“ за необјавена книга поезија („Вибрации на духот“, 2007), наградата на Друштвото на писателите на Македонија за најдобра песна на манифестацијата „Празник на липите“ (2016), прва награда и јубилејна грамота на меѓународен славјански конкурс (Русија, 2017), наградата на Македонското научно друштво за воспитно-образовен придонес (2018), „Бранувања“ за најдобра песна на меѓународната манифестација „Струшки книжевни средби“ (2019), наградата „Книжевен круг за книжевна критика“ („Профили“, 2020), меѓународната награда “Naji Naaman” за креативност (Либан, 2023), интернационалната награда за литература “Sahitto” – Гранд награда на жири-комисијата (Бангладеш, 2023), наградата за литература на „Битолски весник“ за 2022 г., наградата на НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола „Роднокраен автор за 2023 г. – поезија“, наградата „Лингва“ за книжевен превод и афирмација на македонската и странската книжевност (2024 г.), „Плакета за исклучителен придонес и несебична соработка“ доделена од НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола (2025 г.) и др. Главен уредник е на списанието „Современи дијалози“ и член на Управниот одбор на Македонското научно друштво – Битола, а била уредник на списанието за книжевност, уметност и култура „Раст“, секретар на Друштвото на писатели „Битолски книжевен круг“, член на Уредувачкиот совет на МНД, како и претседател на Друштвото за литература и култура „Развиток“ – Битола и на Книжевна младина на Македонија – ОК Битола. Амбасадор на мирот е во Cercle Universel Des Ambassadeurs De La Paix – Suisse/France од 2016 г.

